УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ СО АРХЕОЛОГИЈА

# ЦРВЕНОФИГУРАЛНИ СЛИКАНИ ВАЗИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА
(во V и IV век пред н.е.)

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**МЕНТОР**

**АКАД.Д-Р ВЕРА БИТРАКОВА ГРОЗАДНОВА**

**КАНДИДАТ**

**ГОРАН САНЕВ**

Скопје 2009

# Содржина

**Вовед** ........ 3

*- Предмет на студијата - временски и просторни рамки*
*- Избор и класификација на материјалот*

**I. Развој и дистрибуција на вазното сликарство во 5. и 4. век пред н.е.**

1. Појава и развојни фази ........ 8
   1.1. Архајска фаза (525-470 г.п.н.е.) ........ 9
   1.2. Класичен стил (470-400 г.п.н.е.) ........ 11
      1.2.1 Рана класична фаза
      1.2.2 Полна класична фаза
      1.2.3 Доцно класична фаза
   1.3. IV век пред н.е. ........ 15

2. Дистрибуција на црвенофигуралната керамика ........ 17

**II. Наоѓалишта на црвенофигурални сликани вази во Р. Македонија** ........ 24

1. Локалитети по течението на Р.Вардар ........ 25
   1.1 лок.Вардарски Рид, Гевгелија
   1.2 лок.Исар-Марвинци, Валандово
   1.3 лок.Варници, Демир Капија
   1.4 лок.Камен, с.Корешница, Демир Капија
   1.5 лок.Градиште, Неготино
   1.6 лок.Стоби, Градско
   1.7 лок.Катланово, Скопје
   1.8 лок.Градиште, нерези, Скопје
   1.9 лок.Кале-Варвара, Скопје
   1.10 лок.Исар-Студеничани, Скопје
   1.11 лок.Големо Градиште – Бразда, Скопје
2. Локалитети во Источна Македонија ........ 30
   2.1 лок.Горно Поле, Балабаница, Штип
   2.2 лок.Виничко Кале, Виница
   2.3 лок.Градиште, Кнежје, Св.Николе
   2.4 лок.Големо Градиште, Коњух, Кратово
   2.5 лок.Жеглигивски Камен-Костоперска Карпа, Куманово
3. Локалитети во Западна Македонија ........ 32
   3.1 лок.Црквиште, Беранци, Битола
   3.2 лок.Дупен Камен, Букри, Битола
   3.3. лок.Горна Порта, Охрид
   3.4 лок.Плаошник, Охрид

4. карта на локалитетите ........ 34

## III. Студија на црвенофигуралната сликана керамика


III.1. (Технологија на) Изработка и украсување: 35

a) избор и подготовка на глината 36
- *својства*
- *подготовка*

b) моделирање на садот 38

c) декорација 39
- *фирниз*
- *декорирање*

d) печење 41
- *печка*
- *температура на печењето*
- *ефект врз глината*
- *ефект врз декорацијата*

III.2. Форми на вази застапени во Р.Македонија 48

- Хидрија (тип 2) 51
- Кратер 53
- Пелике 56
- Ојнохое 58
- Аскос 60
- Лебес Гамикос 62
- Леканис 63
- Лекит 64
  - а) Бели лекити 65
  - б) Арибалоидни лекити 66
- Скифос 68
- Кантарос 71
  - а) тип Сент Валентин 72
- Садче со цуцла (baby feeder) 73
- Чинии 74
- Неопределено 75

III.3. Мотиви и стилови на вазите од Р.Македонија

- *преглед на застапените мотиви*: 77
  - флорални
  - геометриски
  - фигурални
- *декорација:*
  - 1 Хидрија – тип 2 81
  - 2 Кратер 82
  - 3 Пелике 83
  - 4 Ојнохое 85
  - 5 Аскос 87
  - 6 Лебес Гамикос 88
  - 7 Леканис 88
  - 8.1 Бели лекити 89
  - 8.2 Арибалоидни лекити 90
  - 9 Скифос 91
  - 10 Кантарос 93
    - а) тип Сент Валентин 94

IV. Каталог на наодите ........ 96

ЗАКЛУЧОК ........ 160

Кратенки/Библиографија

# ВОВЕД

Црвенофигуралната сликана керамика е еден од најдолго истражуваните сегменти на материјалната култура на раната антика, чие проучување, во светски рамки има континуитет од повеќе од 150 години. Ваквата констатација не е нереална, особено доколку се земе предвид географскиот простор на кој црвенофигуралните вази се откриваат - од северните брегови на Црното море, преку Мала Азија, Балканскиот полуостров и целиот Медитеран, па сè до јужните брегови на Пиринејскиот полуостров. Во сите тие години на истражување и каталогизација постигнати се значајни научни резултати, благодарение на кои денес имаме мошне јасна претстава за еволуцијата и уметноста на вазното сликарство, идентификувани се преку 1800 керамичарски ателјеа и мајстори, во хронолошки прецизни рамки, а сосема се демистифицирани технологијата на изработка и секако – технологијата на декорацијата на вазите. Богатиот репертоар на фигуралната декорација, која изобилува со жанровски теми, е несомнено најзначајниот извор за дополнување на претставата за секојдневниот живот, за традициите и верувањата, културата и спортот, за војувањето, за занаетчиството и трговијата, односно, воопшто за општеството и општественото уредување во класичниот период. Конечно, благодарение на нивната стилска и типолошка разноликост, црвенофигуралните вази се секогаш поуздан индикатор при хронолошката детерминација на еден археолошки контекст.

Како оригинален и карактеристичен производ на атинската керамопродукција црвенофигуралните вази истовремено се сведоштво за развиена и интензивна културна интеракција меѓу Атина, како моќен културен и политички центар, со цивилизациите од јужна и југоисточна Европа, Мала Азија и Африка. Тоа, може да се каже дека се должи пред сѐ на силниот економски подем на Атина во 6. и особено во 5. век пред н.е., кој развива потреба за нови пазари за пласман на своите добра, но воедно и потреба за колонизација на нови простори заради непречено искористување на нивните природни ресурси, како рудата, шумите, водата итн. Главен начин на транспорт на производите ширум колониите и обратно е морепловството, традиционален и мошне развиен сегмент на атинското стопанство. Сепак, интересот кон новите пазари, освен приморјето, ги опфаќа и континенталните простори, за пристап до кои биле користени постоечките патни мрежи. Големата популарност на атинските црвенофигурални вази во антиката е потврдена не само преку бројните откриени артефакти, но и преку силното влијание на истите во натамошниот развојот на локалните керамичарски традиции. Најдобар пример за ова се секако работилниците од јужна Италија и Сицилија. Тие, кон крајот на 5. век пред н.е. развиваат сопствено производство на црвенофигурални вази, со квалитет еднаков на атинскиот, но прилагодено на локалниот вкус и во изборот на формите на садови и во изборот на темите за декорација и начинот на нивното уметничко претставување.

Периодот на популарноста на црвенофигуралната керамика траел речиси две столетија. По средината на 4-от век пред н.е., напоредно со опаѓањето на културно-политичката доминација на Атина, опаѓа и интересот кон ваквиот вид керамика. Локалните работилници уште кратко време ќе настојуваат да ја сочуваат оваа традиција, постепено отстапувајќи го местото на новите трендови, како калапените садови, вест-слоуп керамиката и сл., кои нудат побрзо и поевтино производство кое подобро ги задоволува потребите и вкусот на пазарот.

Во изминатите 50-на години, археолошките истражувања во Р.Македонија континуирано ја дополнуваат претставата за популарноста на црвенофигуралните вази на просторот на централниот Балкан. Во територијални рамки на нашата земја, нивната најголема застапеност е првенствено на раноантичките населби и некрополи долж средното и горното Повардарие. Понатаму кон север, присуството на оваа керамика е потврдено сè до местото Кршевица, во близината на Врање, Р. Србија, како најсеверен локалитет на кој е регистриран нејзин увоз.

Денес, речиси без исклучок, во музејските поставки во Р. Македонија може да се видат разновидни примероци на црвенофигурални вази. Пелике, кантарос, оинохое или скифос се само некои од формите чии фактура и секако - декорација, оддаваат висок квалитет и умешност на изработка. Меѓу нив, хидријата од Демир Капија е несомнено врвниот репрезент на класичниот период и црвенофигуралното вазно сликарство кај нас, а минијатуристичкиот манир во композицијата со Дионис и Менадите, го оддава стилот на најзначајниот уметник на 4. век - познатиот Медијас...

За разлика од останатите историски и предисториски периоди, раната антика во Р.Македонија ја следиме и осознаваме преку само 50-на нам познати археолошки локалитети. Станува збор за неколку некрополи, остатоци од населбинска архитектура, или најчесто, тоа се само траги од "постари" културни слоеви, евидентирани во рамки на населбите од следните периоди - хеленистичкиот, римскиот итн. Ваквиот континуитет на живеење на античките населби делумно нè ограничува во реконструкцијата на нивната историја, особено поради недостатокот на движните наоди кои ги среќаваме најчесто фрагментирани и вон археолошки контекст. Сето ова се одразува и на проучувањето на црвенофигуралната керамика, па сепак, истата, речиси редовно е пристуна меѓу наодите од археолошките истражувања. Благодарение на тоа, а особено со резултатите од истражувањата во последните две години, денес имаме можност за една нова и поинаква

претстава за нивната распространетост на овие простори, како квантитативно така и територијално.

Магистерскиот труд „Црвенофигурални сликани вази во Р.Македонија, од 5. и 4. век пред н.е.“ има за цел да ја претстави црвенофигуралната керамика откриена по пат на археолошки ископувања, рекогносцирања и откуп, низ целата територија на нашата Земја. Материјалот го сочинуваат сите досега публикувани и непубликувани вази и фрагменти од изложбените поставки и депоа на музејските институции во земјата, кои ни беа достапни за ова проучување. Најголем дел од нив припаѓа на збирката на НУ Музеј на Македонија. Почнувајќи од најстарите примероци - од Демир Капија, откупени и откриени по пат на истражув8ања во 50-те години на минатиот век, каталошки се обработени 210 артефакти, меѓу кои се и најновите наоди – од истражувањата во 2008 и 2009 година. Во недостаток на познати примероци постари од последната четвртина на 5. век пред н.е., предмет на обработка во магистерскиот труд се црвенофигуралните садови и фрагменти од крајот на 5. и 4. век пред н.е.

На самиот почеток, во поглавјето „Историјат и дистрибуција на црвенофигуралното вазно сликарство“, направено е кусо претставување на развојните фази на техниката, со табеларен преглед на поважните уметници и ателјеа. Нивните стилски особености се препознаени и на дел од вазите од Р.Македонија. Тоа е сведоштво за интензивни трговски но и културни релации на овие простори која е претставена во вториот дел од поглавјето, со поднаслов „Дистрибуција на црвенофигуралното вазно сликарство“. Посебниот осврт на Балканот и просторот на Р.Македонија прави своевиден вовед во следното поглавје – „Наоѓалишта на црвенофигурални вази во Р.Македонија“, каде е направено претставување на сите локалитети на кои бил констатиран импортот на оваа керамика. Третото поглавје го сочинуваат три дела, преку кои во целост е претставена технологијата на изработката на вазите(III.1),

типолошките карактеристики (III.2) и декорацијата (III.3) на формите што се среќаваат на територијата на Р.Македонија. Во каталогот кој следи се претставени сите достапни примероци од црвенофигурални вази и фрагменти, објавени и необјавени досега. Истите се класифицирани типолошки, а оние фрагменти за кои не може да се определи формата на која припаѓаат, се презентирани како посебна група – „неопределено“.

Преку посебно изработени графички прикази е илустрирана територијалната распространетост на црвенофигуралната керамика во Р.Македонија. На овој начин се добива јасна претстава за степенот на нивната застапеност во различните регионални граници во нашата земја, што е понатаму една од основите на заклучните размислувања за провениенцијата и хронолошките рамки на црвенофигуралната керамика, за трговските патишта и начинот на нејзиниот транспорт, па дури, во определени сегменти - за прашањата поврзани со демографската слика на населението на просторот на Р.Македонија во 5. и 4. век пред н.е. Целокупната библиографија користена во подготовката на овој магистерски труд е приложена на крајот на истиот, а ја сочинуваат 110 наслови, од 90-на странски и домашни автори.

# I. РАЗВОЈ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНАТА СЛИКАНА КЕРАМИКА

## I.1. Појава и развојни фази

Црвенофигуралниот стил претставува најнапредна иновација во историјата на грчкото вазно сликарство. Како новитет кој ќе ја замени стогодишната популарност на црнофигуралните вази, неговите почетоци се поврзуваат со работата на Атинскиот мајстор Андокид, чие ателје е активно во доцниот 6. век пред н.е.[1] Откривањето на оваа сосем нова техника не значи и истовремено отфрлање на манирот на црните фигури. Тоа е очигледно токму во работата на Андокид, кој во извесен период ги користел истовремено обете техники во декорирањето, при што на едната страна на вазата декорацијата е црнофигурална, додека на другата е црвенофигурална (Т.1).[2] Друг конкретен пример се Панатенејските амфори, кои силно држат до традицијата и црнофигуралниот стил низ целиот 5. век пред н.е. Следејќи го стилскиот развој на декорацијата, од аспект на композиција, поставување и начин на претставување на ликовите во истата, очигледен е стремежот за доловување на реалното, инспириран од достигнувањата на монументалната уметност, од панел плочите, фризовите на храмовите и скулптурата.[3] Сепак, како сосем различен медиум, црвенофигуралното вазно сликарство има сопствен

---

[1] AGORA XXX., 81; на оваа тема елаборирани се нови тези кои појавата на црвенофигуралната техника ја поврзуваат со ателјеата на Амазис и Егзекијас – најреномираните Атински мајстори на црнофигуралното вазно сликарство. Иако аргументите се прифатливи, најстарите црвенофигурални вази се со потписот на нивниот ученик Андокид. За истото види: Boardman J., 1989, 15; Boardman J., 2006, 81-82.

[2] Ваквите „билингвални вази“ сепак не претставуваат почеток на новата техника бидејќи постојат повеќе исклучиво црвенофигурални примероци кои се хронолошки постари од овие.

[3] Boardman J., 2006, 79.

развоен пат, кој се следи сè до втората половина на 4 век пред н.е., кога оваа техника веќе сосем се напушта.

Во текот на речиси 200-те години производство, во развојот на црвенофигуралната керамика може да се разграничат три главни периода: првиот – т.н. строга или Архајска фаза (525-470), во која сеуште се експериментира со можностите и предностите на новата техника; вториот – т.н. Класичен стил (470-400), во кој техничкиот и уметничкиот елемент во изработката се доведени до перфекција; и третиот – времето на IV век пред н.е., кога започнува постепено опаѓање на црвенофигуралното вазно сликарство, како квалитативно така и од аспект на производството и дистрибуцијата на овој атински производ.

### I.1.1 Архајска фаза (525-470 год. пред н.е.)

Архајската фаза претставува своевиден преоден период во кој новата техника на украсување постепено започнува да се ослободува од каноните на црнофигуралното вазно сликарство. Овој период трае околу 50-на години, од последната четвртина на 6. век до околу 470 г. п. н.е., до кога производството на црнофигуралните вази речиси сосема ќе биде напуштено. Тоа е време на експерименти со бројните можности на техниката, кои генерално, нудат поголем реализам во претставувањето на ликовите и др. декоративни елементи во композицијата. Имено, анатомијата на човечкото тело е пореалистична, неговата боја не е повеќе неприродна црна или бела, започнува да се совладува претставувањето на емоции кај ликовите, деталите во претставите се постигнуваат без дополнително боење на садовите, а започната е и потрагата по перспективата во композициите.[4] За декорацијата почнува да се користи целата површина на садот, а освен митолошките сцени, кои сèуште преовладуваат, се појавуваат и мотиви од секојдневниот

---

[4] Cook R.M., 1997, 163;

живот, банкети и ликови на млади луѓе. Сепак, како што претходно беше кажано, оваа фаза претставува преоден период, така што многу елементи од црнофигуралниот манир ќе бидат присутни уште извесно време и кај црвенофигуралните вази: окото сеуште се претставува во анфас (зеницата благо се поместува кон носот); комбинацијата - торзо во анфас – главата и нозете во профил продолжува да се користи; стомакот е шематски и во стариот манир; косата и облеката изобилуваат со детали...[5] (Сл.1) Интересно да се спомене е дека извесен период, освен паралелното егзистирање на обете техники, некои уметници применуваат и нивна комбинација врз еден сад, што е видливо преку примерите на т.н. „билингвални" вази на Андокид (Т.1). Ваквата ситуација е сосем разбирлива доколку се има предвид фактот дека новата техника не е иновација на нови - туку на искусни мајстори кои претходно работеле во техниката на црнофигуралното сликарство. Освен Андокид, од овој период се идентификувани околу 90-на негови современици и иноватори.[6] Меѓу позначајните се имињата на мајсторите Псиакс, Пасеас, групата наречена Пионери, потоа Олтос, Епиктетос и генерацијата на


Сл.1 Детал од Каликс Кратер од Еуфрониос, доцен 6. век пред н.е. - Атена и Херакле во борба со Кикнос и татко му – богот Арес (ЊуЈорк, колекција Леон Леви и Шелби Вајт)

[5] Cook R.M., 1997, 158-159

[6] Во идентификацијата на Атинските керамичарски ателјеа, особено оние што не ги потпишувале своите производи, најголема заслуга има англичанецот Сер Џон Бизли (*Sir John Beazley, Athenian Red-figure vase painters, 2nd ed., Oxford 1963*), кој опсервирајќи ги стилските различности на деталите, како косата, очите, носот, облеката и сл. евидентирал дела на повеќе од 200 мајстори на црвенофигуралната уметност и нивни следбеници. Уметниците кои стилски не можат да се поврзат со некое од познатите ателјеа се именуваат според нивниот афинитет кон одредени мотиви, а други според местото каде била откриена или каде се наоѓа вазата (*Woman Painter, Phiale painter, Achiles Painter, Painter of the Viena lekanis, Chicago Painter*).

доцноархајски сликари, следбеници на Пионер групата, меѓу кои Клеофрад и Берлинскиот сликар, Никоксенос, Мизон, Сликарот на Парискаta Гиганто-махија, како и најпродуктивните во своето време - сликарите Бригос, Дурис и Макрон и групата наречена Маниристи, предвесници на раната класична фаза.[7] (види Табела 1)

### I.1.2. Класичен стил (470-400 год. пред н.е.)

Во црвенофигуралното вазно сликарство, со терминот „класичен стил“ е опфатен еден поширок временски период, од втората четвртина на 5. до втората четвртина на 4. век пред н.е., во кој се разликуваат три развојни подфази: рана – 470-450; полна – 450-430; доцна – 425-370. Доцно класичната фаза понатаму се проучува преку две подфази - до крајот на 5. век и од почетокот на 4. век до оклу 350 година пред н.е.. Сепак, овие дати се однесуваат на производството во Атина, но не и во керамичарските центри на Халкидикот, Црното море, и Јужна Италија, каде афинитетот кон црвенофи-гуралната керамика се развива во локална продукција, која егзистира до последната четвртина на 4 век.[8] Од овие причини, а надоврзувајќи се воедно и на интересот на нашето проучување, црвенофигуралната керамопродукција на 4. век ќе биде разгледувана посебно, од почетокот на векот, и со кус осврт на работилниците на Халкидикот, со кои територијата на средното и горно Повардарие имаат развиена трговија во тоа време.

#### *- Рана класична фаза (470-450 год. пред н.е.)*

Со воспоставувањето на мировниот договор за ненапаѓање со Персија, од втората четвртина до средината на 5. век пред н.е., започнува период на стабилизација и реформи за Атина, кои, како неопходни предуслови, ќе

---

[7] за уметниците од архајската фаза види: Boardman J., 1979, 179-181.; Richter G.M.A., 1958, 45-58, 66-88.

[8] види стр.18-21 „Дистрибуција на црвенофигуралните сликани вази“

овозможат развој на сите прогресивни новитети, особено во културата и уметноста. Во вазното сликарство, строгите композициски шаблони на архајската фаза започнуваат постепено да се трансформираат во разиграни реалистични претстави, со ликови кои оддаваат чувства и расположенија. Новитети во дотогаш униформниот начин на претставување на анатомијата на човечкото тело се и три-четвртинските пози и скратувањата, во обидот да се долови перспективата на просторот во кој се случува дејствието. Во интерес ова, некогаш правата линија на основата врз која стојат ликовите започнува да се заменува со повеќе неправилни линии, кои ја доловуваат конфигурацијата, односно природните нерамнини на теренот. (Сл.2) Кон севкупниот впечаток придонесува и облеката, кај која тешкиот волнен пеплос на женските ликови од архајскиот период е заменет со лесниот и лепршав хитон.[9] Од ова време на новитети, наречено уште Ран Класичен Стил, познати се околу 20-на уметници кои, секој на свој начин, ќе влијаат врз натамошниот развој на вазното сликарство, како: Сликарот на Пан, Пистоксенокс, Сликарот од Вила Џулиа, Сликарот на Ахил, Сликарот на Пентелесиа, Сотадес, Ниобид, Сликарот од Болоња, Алтамура, Хермонакс, Сликарот од Провиденс и др.[10] (види Табела 1)



Сл.2 Претстава на каликс кратер од Сликарот на Ниоба, 460 г. п.н.е. – Артемида и Аполон ги убиваат децата на Ниоба. (Париз, м.Лувр Г431)

### *- Полна класична фаза (450-430 год. пред н.е.)*

Средината на 5.век до 420 година пред н.е., за Атина претставува период на општ просперитет и благосостојба. Со националното обединување

---

[9] Boardman J, 2001, 11, 12.; според Cook (1997, 160) ослободувањето на ликовите од тешката облека започнува уште од архајската фаза на црвенофигуралното вазно сликарство, поточно од 530 г. п.н.е.
[10] Cook R.M., 1997, 171; Boardman J., 2001, 11-13.; Robertson M., 1996, 160-190.; Richter G.M.A., 1958, 94-114.

на грчките градови и демократијата под водство на државникот Перикле, започнува вистински подем на атинската воено политичка, поморска и копнена моќ. Тоа е време на грандиозни архитектонски потфати (изградбата на Партенонот, Ерехтеонот, храмот на Нике и Пропилеите), и на не помалку величествени уметнички остварувања, како скулптурата на Атена од Фидија и мн. други. Почетокот на долгогодишните Пелопонески војни (431-404), ќе има сериозен одраз врз целата оваа благосостојба и особено врз континуитетот на црвенофигуралното вазно сликарство. Интересно да се спомне е дека во овој период од развојот на вазното сликарство, од кое како логични очекуваме повеќе новитети, всушност и не се случува ништо револуционерно. Претставувањето на човечкото тело е усовршено, а три-четвртинските и фронталните пози стануваат вообичаени. Драперијата на телото и сенчењето оддаваат влијание на скулптурата, а кај ликовите во сцените е забележиво достоинство. Некои уметници го усовршуваат претставувањето на просторот и соодносот меѓу фигурите, други го совладуваат движењето преку цртежот, но не може да се зборува за личности кои би го одбележале овој период со својата креативност и внесување новитети.[11] Можеби причина за ова е што, генерално, станува збор за истите мајстори кои твореле и во претходниот период, односно, за нивните ученици и следбеници. Како особеност која би ја издвоила оваа фаза од останатите е сликањето врз бела подлога, применета во продукцијата на белите лекити, типичен производ, поврзан исклучиво со верувањата и обичаите на Атињаните.[12] (Сл.3) Оттаму,



Сл.3 „Збогување на воинот“, детал од бел лекит од Сликарот на Ахил. 450-425 п.н.е. (Нац.Муз.Атина 1818),

[11] Boardman J, 2001, 60.
[12] Види стр. 62.

освен во Атина, производството на овие садови е потврдено единствено во Еретриа во Еубеја, но повторно - од Атињани кои се населиле таму во средината на 5 век.[13] Уште еден куриозитет на Атинската керамопродукција од овој период е појавата на чашите (скифоси и кантароси) со шематизирана флорална декорација, т.н. Сент Валентин вази.[14] Кај овие форми карактеристична е примената на белата боја, која во овој период сосем ретко се среќава во декорацијата на вазите.

Меѓу позначајните имиња на керамичари од полната класична фаза се: Сликарот од Чикаго, Алкимахос, Сликарот на Ахил, Сликарот на Танатос, Сликарот на фиали, Сабуроф, Пентелесиа, Полигнот и неговите следбеници, Клеофон, Шувалов, Аисон, Еретриа и др.[15] (види Табела 2)

***- Доцно класична фаза (430-400 год. пред н.е.)***

Со почетокот на Пелопонеските војни Атина влегува во период на нагло опаѓање на економската моќ и доминацијата во трговијата. Дополнето со епидемијата на чума, ваквата ситуација силно ќе влијае и врз производството на црвенофигуралните вази. Имено, голем број керамичари од Атина заминуваат кон колониите, особено кон оние во јужна Италија и Сицилија.[16] Најдобар репрезент на достигнувањата на доцно класичната фаза може да се каже дека е делото на сликарот Медијас.[17] (Сл.4) Неговиот деликатен стил со многу и густо распоредени линеарни детали на облеката конечно успева да ја долови волуминозноста на телото, доближувајќи се така на манирот на современата скулптура. Поставувањето, поточно позата на

---

[13] Boardman, 2001, 129.
[14] Види стр 74.
[15] за уметниците на класичниот перод види: Robertson M., 1996, 191-234; Boardman J, 2001, 60-63, 96-99.; Richter G.M.A., 1958, 117-138.
[16] MacDonald B., 1981, 159-168.
[17] уметноста на Медиас е предмет на интерес од самиот почеток на 20 век. За неговата минуциозност но и маниризам постојат повеќе монографски трудови меѓу кои ги издвојуваме: Nicole G., Medias et le style Fleuri dans la céramique Attique, 1908; Becatti G., Meidias: un manierista antico, 1912; Hahland W., Vasen um Meidias, 1930; Burn L., The Meidias painter, Oxford: Clarendon Press, 1987.

ликовите сега е веќе сосем совладана техника, а анатомијата и скратувањата се пореалистични.[18] Во изборот на темите преовладуват сцените на опуштеност, убавина и мир, со имагинарни рајски градини во кои се божествата, менадите, и др. митолошки суштества, млади девојки и момчиња. Овие мотиви потсетуваат на времињата на благосостојба која во Атина е сепак дел од едно не многу далечно минато. Во декорацијата на садовите почнува да зачестува примената на белата и другите бои, дискретното позлатување на одредени елементи во сцените (мебел, дијадеми, крила, накит), а до крајот на 5. век, колоритот кај белите лекити е уште побогат. Покрај уметноста на Медиас, главни претставници на доцната фаза се делата на Сликарот на Динос, Прономос, Никиас, Талос, Кекропс, Кадмос и Потхос, Суесула, Сликарот на Кентауромахијата од ЊуЈорк, и др.[19] (види Табела 2)



Сл.4 – „грабнувањето на Леукиповите ќерки" - детал од хидрија од Медијас, доцен 5.век пред н.е. (Лондон Е224)

**- IV ВЕК ПРЕД Н.Е.**

Високиот квалитет на продукцијата во новите центри, особено на оние во Јужна Италија, веќе ги задоволуваат потребите на локалниот пазар. Атина постепено го губи приматот овде, но тоа не значи престанок ниту пак опаѓање на производството на црвенофигуралните вази, туку напротив, поттик за развивање на нови пазари и пренасочување на дистрибуцијата кон други, подалечни дестинации. Од уметнички аспект, црвенофигуралните вази во 4. век го продолжуваат стилот на доцно класичната фаза - елегантни фигури со уште повеќе детали и орнаменти во претставите. Сепак, постепено

---

[18] Boardman J, 2001, 145.
[19] за уметниците од доцно класичната фаза види: Boardman J, 2001, 144-147, 167-170; Robertson M., 1996, 237-264.; Richter G.M.A., 1958, 142-153.

почнува да се провлекува извесна доза на стилизација и маниризам. Мотивите се главно (идилични) сцени од животот на жената, не изостануваат темите поврзани со Дионис, Херакле, Артемида и Деметра, а во вообичаениот репертоар стандардна станува и претставата на Грифонот.[20] (Сл.5) Палетата на бои во декорацијата се проширува со примената на жолтата, зелената и црвената боја, а многу често, некои од ликовите во композицијата се претставени со бела боја, најверојатно заради нивно истакнување во групата. Некои детали на претставите се позлатуваат. Новитет се и експериментите со додавање на пластични (рељефни) апликации, но истите нема никогаш да станат стандард во продукцијата на црвенофигуралните вази. Формите на садови исто така минуваат низ промени - стануваат помали но поелегантни, се издолжуваат, а линијата на профилот и рачките е поизвиена, со уста и обод извиени нанадвор. Би можело да се каже дека помалите форми се поактуелни, меѓу кои пеликето е една од омилените.[21]



Сл.5 „Керч“ пелике, Исар Марвинци, сса 350 г. п.н.е.

Генерално, овие карактеристики се однесуваат на т.н. „Керч“ вази, кој назив претставува главен синоним за вазното сликарство на 4. век пред н.е., од сса 370 - до неговиот крај - во околу 320 година пред н.е. Керч е називот на местото на кое е убицирана најсеверната грчка колонија Пантикапеја, на полуостровот Крим на Црното Море. Со оваа колонија, Атина, по губењето на Италскиот пазар, најдолго го задржува трговскиот однос кој е потврден дека постоел уште од архајскиот период. Таму се откриени голем број атински црвенофигурални вази, меѓу кои се и некои од најдобрите примероци од 4. Век пред н.е., од мајсторите Марсијас, Сликарот од Јена, Сликарот

[20] Boardman J, 2001, 190.
[21] Cook R.M., 1997, 176-177.

на Хелена, Сликарот на Херакле, Групата Лондон Е 230, Елеусина, Сликарот на Амазонки, Групата Г(грифон), Фет бој групата и др.[22] (види Табела 2)

## I.2 Дистрибуција на црвенофигуралната керамика

Економската и политичка доминација на Атина во 6. и 5. век пред н.е. ги објаснуваат во целост присуството на црвенофигуралните вази низ земјите во Медитеранот, Балканот па сѐ до североисточните брегови на Црното Море. Бројните колонии низ Медитеранот и континентална Грција ги задоволувале потребите од природни ресурси[23] (руди, дрва, житарици, итн.), но за силно развиеното атинско општество колониите имале и дополнителна важност - како нови пазари за пласман на домашното производство, на виното, миризливите масла, тореутиката итн. Заедно со овие производи, во складовите на атинските трговски бродови патувале и разновидните форми црвенофигурални вази, кон северна Грција и Црното Море, кон Пелопонезот, Јужна Италија и Сицилија, па сѐ до јужните брегови на Иберискиот полуостров, но и кон бреговите на северна Африка т.е. Сирија и Египет.[24] (види карта 1) Секако, ваквата продукција не би била оправдана без интересот на овие "пазари" кон квалитетните атински производи. Имајќи го ова предвид, во производството и пласманот на црвенофигуралните вази било мошне внимавано и на локалниот вкус и традиција што се потврдува преку бројните примери на вази со "нестандардни" декоративни мотиви, а кои всушност се ликови и теми од локалните традиции и култури.[25] Ваквата пресретливост кон вкусовите на крајниот корисник дополнително придоне-

[22] Boardman, ARV, 2001, 190-193; Robertson M., 1996, 265-295.

[23] види: Casson L., 1984, 23; Fless F., 2002, 1.

[24] Bouzek J., 1990, 94-95; Boardman J., 1988, 27-33; Покрај општото високо мислење за вредноста на црвенофигуралните вази, по прашањето за нивниот транспорт генерално прифатено е мислењето дека истите биле само дел од карготo на трговскиот брод, а самата количина на вазите веројатно варирала. На оваа тема види и : Gill W.J.D., 1991, 29-47.

[25] мошне илустративен пример даваат претставите со грифони, Арисмап, Амазонки и др. ориентални ликови, како мотиви на Атинските вази, наменети првенствено за Скитскиот пазар; види: Klinger S., 1997, 39 (со ф-ти 20 и 23).

сувала за зголемување на популарноста и воедно - на побарувачката на атинските сликани вази.

Преку колониите на Халкидикот било тргувано со Балканот и Тракија, но подеднакво покриени биле и пазарите на Малоазискиот брег и јужно кон Сирија и Египет, како и целото крајбрежје на Црното Море, со најсеверната позната атинска колонија - Понтикапеја, на Крим. (карта 2)

Врз формирањето на широкиот пазар големо влијание имале тековните воено-политички случувања, особено Пелопонеските војни (431-404) и последиците од истите врз атинското население, кои директно влијаеле врз производството, и уште повеќе - врз пласманот на производите до потрошувачите. Континуираното слабеење на атинската економија, како последица од ваквите воени услови, предизвикало и појава на емиграција на населението, најизразена во втората половина на 5. век пред н.е.[26] Имено, за многу доселеници во Атина, кои работеле како чираци (метици) или биле робови, ова била вонредна можност за слобода и нов почеток. Емиграцијата не ги одминала керамичарите, кои продолжуваат со производството на црвенофигуралните вази во колониите и негрчкиот свет. За Атина, појавата и подемот на оваа конкуренција значела постепено губење на пазарите.[27] Таков е случајот со Магна Грециа каде, во втората половина на 5. век, се појавуваат повеќе работилници, со квалитет на продукција на што успешно конкурирал на Атинскиот. Следејќи го нивниот развој, кон крајот на 5. и почетокот на 4. век среќаваме потврдени керамичарски центри во Луканија и Апулија, Кампанија и Сицилија, кои постепено внесуваат и свои карактеристични елементи во украсувањето, па дури и во формите на вазите.[28] Оваа автохтона, т.н. "Јужно Италска" продукција, кон крајот на 5. и во 4. век пред н.е. во

---

[26] MacDonald B., 1981, 159.
[27] Постепеното опаѓање на бројноста на керамичарите и нивната работоспособност се дообјаснува и со податокот за чумата што ја зафатила Атина во 430 година пред н.е. Според: Trendall A.D., Red figure vases of South Italy and sicily, London 1989, 9
[28] Trendall A.D., 1989, 7-13; MacDonald B., 1981, 159-161.

целост ја задоволувала побарувачката на црвенофигуралните вази во Магна Грција, со што за Атина овој пазар бил засекогаш изгубен. Примерот на Јужна Италија и Сицилија, во 4. век се повторува и кај некогаш силниот увозник Етрурија, каде само уште малку од грчките колонии ја задржуваат традицијата: по делтата на реката По, Адриа, Болоња и Спина.[29]

Напоредно со постепеното опаѓање на пласманот во Јужна Италија и Сицилија, Атина во 4. век продолжува со извозот во северното Јадранско подрачје, истовремено насочувајќи го интересот и кон Северна Италија, Јужна Франција, Шпанија (Ампурија), и Северна Африка (Кирена), поточно Сирија и Египет.[30]

На Грчкото копно, конкурентни керамичарски центри на атинскиот биле Олимпија и Коринт, а Халкидикот постепено ќе го преземе производството и дистрибуцијата на црвенофигурални вази во Пајонија и Тракија. Овде, познати центри се Амфиполис и Олинт[31], кои комуницирале со Пајонските и Дарданските територии преку долината на р.Вардар, но и трасата на Кандавискиот пат и идната магистрала Виа Егнатија, преку која опфатени биле и Пелагонија и Дасаретија.[32]

Кон истокот, дистрибуцијата е сѐуште присутна во Родос и другите острови на додеканезот, но најзначајен пазар стануваат градовите на Црното Море и особено северниот дел, со грчката колонија Пантикапејон, на Крим. Ова не е воопшто необично доколку се има предвид бројот на грчките колонии на Црното Море - преку 20, што го прави црноморското крајбрежје

---

[29] Robertson M., 1997, 267

[30] За колонизацијата и трговските врски со медитеранот види: The archaeology of Greek colonization: essays dedicated to Sir John Boardman, edited by Tsetskhladze and De Angelis, Oxford 1994; Graham A.J., во Collected papers on Greek colonisation, Leiden-Brill 1991; Voukoutopolou I., Greek colonization in the litoral of Chalcidike, 2001; Колесников М.А., Греческая колонизация средиземноморья: опыт анализа миграционного механизма, 2003; Greek colonisation, an account of Greek colonies and other settlements overseas, MNEMOSYNE, Vol.1, Leiden-Boston 2006; Блаватскии Д.В., 1953, 225.

[31] Заради својата историја, поточно подемот во продукцијата на црвенофигурални вази во 4. век пред н.е., неговото уништување од кралот Филип II во 348 година пред н.е. и следственото иселување на неговите жители, Олинт важи за најважен локалитет за датацијата на црвенофигуралната керамика. (види: Robertson M., 1997, 268)

[32] Битракова В., 1995, 123; Микулчиќ И., 1966, 37-77

еден од најголемите потрошувачи на црвенофигурални вази во 4. век пред н.е.[33] (види карта 2) Од овде Атињаните долго време увезувале житарици, а извозот на црвено-фигурална керамика се зголемувал континуирано, до размери поради кои целата продукција на овие вази во 4. век е наречена „Керч“, според едно од најголемите наоѓалишта, античк Понтикапејон на Крим, денешна Јужна Русија.

---

Иако бројноста на атинските вази во негрчките земји остава впечаток на наменски увоз, поприфатливо е мислењето дека истите биле само дел од товарот на трговските бродови, додека трговијата се однесувала првенствено на прехранбените производи, вино, масла, житарици и т.н. Секако, поинаква е ситуацијата со трговијата по копно, за која биле користени ограничените капацитети на караваните. Тоа е воедно и една од причините поради кои црвенофигуралната керамика, во нашата земја и во останатите континентални региони ја имаме во значително помал квантитет.

---

[33] J.Bouzek, 1990, 94-95; Casson L., 1984, 23.

**Т.1**



Т.1 „Ахил и Ајакс во игра“ – Билингвална амфора од Сликарот Андокид (Бостон, Музеј на современа уметност, 01.8037 Фондација Х.Л.Пиерс)

## Карта 1 – Грчки колонии на Медитеранот




## Карта 2 – Грчки колонии на црноморското крајбрежје



Табела 1. *Хронолошка табела на стилскиот развој (според Фолсом, 1976 и дополнета)*

| | период | стилски новитети | позначани сликари | позначајни керамичари |
|---|---|---|---|---|
| **АРХАЈСКИ ПЕРИОД (525-470 пред н.е.)**<br>инвенција на црвенофигуралната техника | ран (525-500) | - напуштање на инцизијата;<br>- намалување на боењето;<br>- обиди за поприродно претставување на телото и драпериите;<br>- појава на сцени од секојдневниот живот, покрај митолошките<br>- нагласување на мускулатурата, коските и појава на посложени композиции | Андокид<br>Псиакс<br>Еуфрониос<br>Еутимид<br>Финтијад<br>Олтос<br>Епиктет<br>Смиркос<br>Сосиа<br>Хипсис<br>Скитес<br>слик. на Еуергиди | Андокид<br>Никостен<br>Памфајос<br>Хисхилос<br>Харинос<br>Челис<br>Еуергид<br>Кахрилион<br>Паидикос<br>Еукситхеос<br>Тиесон |
| | доцен (500-475) | - рафинирање на стилот: негов најголем подем;<br>- прогрес во претставувањето на човечкото тело и драпериите;<br>- постепено напуштање на фронталните (панел) сцени;<br>- развој во грацилноста на позата и доловување на расположенија (во ритмички шаблон) | сликарот од Берлин<br>слик. на Клеофрад<br>Онисмос<br>Бригос<br>Макрон<br>Дурис<br>слик. на Никоксенос<br>слик. на Евхаридите<br>слик. на Антифон<br>слик. од Колмар<br>слик. од Фондри<br>Мизон | Клеофрад<br>Еуфрониос<br>Бригос<br>Хиерон<br>Дурис |
| **КЛАСИЧЕН ПЕРИОД (475-390 пред н.е.)** | ран (475-450) | - традиционализам: Маниристи;<br>- инспирација од ѕидното сликарство;<br>- пре-класицизам;<br>- натурализам<br>- нагласување на емоциите преку гестови, изразот на лицето, позата на телото;<br>- создавање на униформен концепт за човечката убавина и дигнитет;<br>- сцени од секојдневниот живот преовладуваат пред митолошките;<br>- архајското око е заменето со класично - око во профил<br>- почетоци на сликање врз бела основа | сликарот на Пан<br>слик. на Пистоксен<br>слик. од Вила Џулија<br>слик. на Ахил<br>слик. на Ниобид<br>слик. на Пентелесија<br>слик. на Сотадес<br>Хермонакс<br>слик. од Сабуроф<br>слик. на Свињата<br>слик. од Алтамура<br>слик. од Бленхејм<br>сликарот од Метис<br>сликарот од Чикаго<br>слик. на Тумбата | Сотадес<br>Магаклес<br>Еуфрониос<br>Пистоксенос |

Табела 2. *Хронолошка табела на стилскиот развој (според Фолсом, 1976 и дополнета)*

| | период | стилски новитети | позначани сликари | позначајни керамичари |
|---|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧЕН ПЕРИОД (475-390 пред н.е.)** | полн (450-420) | *време на Перикле, економски и уметнички процут на Атина*<br><br>- архаизам: манириисти<br>- инспирација од ѕидното сликарство и скулптурата;<br>- класицизам;<br>- префинетост;<br>- процут на сликањето врз бела основа;<br>- идеализацијата на човечкото тело и дигнитетот во сцени на спокојство и достоинство | сликарот на Наусика<br>Полигнот<br>сликарот на Ахил<br>Еретриа<br>Клеофон<br>Шувалоф<br>сликарот на фиали<br>сликари врз бела основа | Епигенес |
| | доцен (420-390) | *намалување на извозот поради Пелопонеските војни*<br><br>- емоции: меланхолично расположение и тага<br>- *boudoir* сцени - од интимниот живот на жената;<br>- класична традиција;<br>- префинетост;<br>- китнестост;<br>- опаѓање и крај на сликањето на бела основа;<br>- зголемување на китнестоста | Клеофон<br>Сликарот на Динос<br>Медиас<br>Талос<br>Суесула<br>Прономос<br>Никиас<br>Аристофан | Медиас<br>Ергинос |
| **IV век (390-320 пред н.е.)** | IV век (390-320) | *губење на италијанскиот пазар, нови пазари во Црното Море;*<br><br>- тренд кон мноштво детали и во сликарството и во изработката;<br>- едноставност;<br>- китнестост;<br>- Керч стил;<br>- интерес кон перспективата, зголемено користење на до-дадени бои и глина (рељефи);<br>- ретки натписи или потписи на мајстори. | слик. на кентауро-махијата од ЊуЈорк<br>Мелеагер<br>Ксенофантос<br>сликарот на грифома-хијата од Оксфорд<br>сликарот на црниот тирс<br>Ербах<br>сликарот од Јена<br>сликарот од Мина<br>сликарот на трски<br>слик.на девицата од Лувр<br>Марсиас<br>Митридатес<br>„Q“ сликарот<br>Фет Бој група<br>слик. од Виена 202<br>слик. од Виена 116<br>слик. од Олинт 1.156<br>слик. на Херакле<br>слик. на Амазонки | Ксенофантос |

## II. НАОЃАЛИШТА НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНИ СЛИКАНИ ВАЗИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Според резултатите од археолошките истражувања во изминатите 60-на години, присуството на црвенофигуралните вази во Р.Македонија е потврдено на вкупно 24 локалитети, концентрирани во најголем број долж течението на р. Вардар. Почнувајќи од југ кон север, тоа се локалитетите: Вардарски Рид кај Гевгелија и Исар кај валандовското село Марвинци, потоа Демир Капија, Неготино и Стоби, па преку Катлановска Бања, Нерези и Студеничани до селото Бразда во Скопско. Во западна Македонија, сознанијата за црвенофигуралната керамика се ограничени на локалитетите од Пелагонија, а друг регион е и околината на Охрид, каде, особено со истражувањата во изминатите неколку години, беа откриени нови наоди со кои претставата за присуството на црвенофигуралната керамика на овој простор почнува полека да се менува. Истата ситуација ја имаме и во источна Македонија за кој регион преовладува мислењето дека овој вид на садови сосем изостанува. Се чини дека новите археолошки истражувања, особено на локалитетите Виничко Кале и Кнежје кај Св.Николе во 2008 година, веќе го потврдуваат спротивното.

Следи кусо претставување на археолошките локалитети на кои биле откриени црвенофигурални садови, од првите (случајни) наоди при работите на магистралниот пат кон Грција, во 1940 година до денес.

## II.1. Локалитети по течението на реката Вардар

### *II.1.1 Лок. Вардарски Рид, Гевгелија*

Локалитетот се наоѓа на влезот во Гевгелија, на висок рид заграден со реката Вардар од источната - и автопатот Е 75 од западната страна. Неговото истражување започнува во 1979 година, кога при трасирањето на автопатот биле отворени пробни 5 сонди, на што подоцна се надоврзуваат уште три сонди од истражувањето во 1994.[34] Со систематските истражувања на Вардарски Рид, кои се одвиваат во континуитет од 1995 година, денес имаме јасна претстава за стратиграфијата на локалитетот, која има континуитет од неолитот до 1.век пред н.е.[35] Спротивно на очекувањата, меѓу мноштвото наоди на импортирана фирнизирана керамика од 4. век пред н.е., црвенофигуралната керамика засега е позната само преку еден арибалоиден лекит и неколку фрагменти од други садови.

### *II.1.2 Лок. Исар, с. Марвинци, Валандово*

Утврдена градска населба од римскиот период, која се наоѓа на висок рид над валандовското село Марвинци, од неговата ЈЗ страна. Во текот на долгогодишните археолошки истражувања кои се сѐуште во тек, утврден е континуитет на живеење на населбата од железното време до доцно римскиот период.[36] За класичниот период на Исарот главно сведоштво се движните наоди, кои, освен од постарите културни слоеви на населбата, во најголем број потекнуваат од некрополата на неговата југозападна страна.[37] Тоа се однесува пред сѐ на црвенофигуралните садови чиј број, особено по започнувањето на заштитните истражувања на некрополите во 2008 година, континуирано се зголемува.

---

[34] Митревски Д., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 96; Хусеновски Б., Спасовска Димитриовска Г., 1999, 157-182.

[35] Митревски Д., 2005, 16-31.

[36] Соколовска В., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 55-59.

[37] Соколовска В., Исар Марвинци, 1986, 77-79, (Т. 1, 3, 5-7); Оваа некропола долго време е главна мета на дивите копачи од околните села, поради што, од 2008 година се превземени интензивни заштитни ископувања, со кои досега се истражени преку 2000 гробови и е откриен броен материјал од крајот на 5. и целиот 4. век п.н.е.

### *II.1.3 Лок. Варници, Демир Капија, Неготино*

Локалитетот е откриен во 1940 година, кога при изградбата на печки за вар, во населбата Клисурско Маало биле откриени неколку раноантички гробови. Со проширувањето на магистралниот пат кон Грција, овој број станува значително поголем. Материјалот од гробовите бил разнесен меѓу работниците, но во 1947 година, дел од наодите (хидрија, оинохое и 10 арибалоидни лекити) биле прибрани и откупени за Археолошкиот Музеј во Скопје. Со изградбата на нови печки за вар, во 1947-1951 година, биле откриени нови гробови, по што започнуваат првите систематски истражувања на овој локалитет.[38] Во мноштвото наоди од овие истражувања се и голем број црвенофигурални вази, кои, заедно со претходните, ја претставуваат најголемата збирка на овој вид керамика во Р.Македонија.

### *II.1.4 Лок. Камен, с.Корешница, Демир Капија, Неготино*

Локалитетот се наоѓа во ЈЗ дел на селото Корешница. Преку рекогносцирања и сондажни ископувања утврдено е постоење на културни слоеви од раноантичкото и доцноримското време. Со заштитните истражувања во 1991 година, од двете истражени сонди и осумте грамади (од вкупно 66), биле откриени повеќе фрагменти од црвенофигурална керамика, како и еден целосно зачуван кантарос од типот Сент Валентин.[39]

### *II.1.5 Лок. Градиште, Неготино*

На самиот влез на Неготино, помеѓу автопатот Е75 и коритото на Вардар се издига висок рид на кој е утврдена античка населба со големина од cca 3.5 хектари. Преку сондажните истражувања направени во неколку наврати во изминатите 20-на години, а особено со последните истражувања во 2007 и 2009 година, потврдено е постоење на повеќеслојна населба од

---

[38] Микулчиќ Г., 2005, 83-85

[39] Карпузова С., Петров-Пецовска Н., 1996, 77-85;

класичниот до доцноримскиот период. Според една од теориите овој локалитет се идентификува со античкиот град Антигонеја, обележан во Поинтигеровата карта, помеѓу Стоби и Стенае.[40] Од истражувањата во 2007 и 2009 година, во класичните слоеви на Градиште се откриени повеќе фрагменти од црвенофигурални садови, меѓу кои е и еден од групата Сент Валентин.

### *II.1.6 Лок. Стоби, с.Градско*

Локалитетот се наоѓа на околу 5 км јужно од с.Градско. Претставува утврдена градска населба од римското време, расположена на три ниски тераси кои се спуштаат кон устието на реката Црна во Вардар. Систематските истражувања на Стоби започнале уште од 1924, а со помали или поголеми прекини се изведуваат до денес. Се смета дека градот бил подигнат во хеленистичкиот период, но постоењето на хронолошки постари наоди, укажува на веројатност од постоење на помала населба и во класичниот период.[41] Од огромниот број на движен материјал, сликаната керамика е застапена само со еден фрагмент од скифос, откриен во баптистериумот на Епископската Базилика, под подот.[42]

### *II.1.7 Лок. Катлановска Бања, Скопје*

На околу 500 м СИ од Катлановска Бања, во дворот на една приватна куќа во т.н. Кочкова Населба, при копањето на бунар биле откриени два раноантички гроба. Меѓу наодите кои потекнуваат од 4. век е и еден арибалоиден лекит со палмета во стилот на црвенофигуралното вазно сликарство.[43] Посериозни истражувања на овој простор оттогаш не биле преземени.

---

[4040] Микулчиќ И., 1984.
[41] Санев В., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 64-66; Петрова Е., Водич Стоби, 2000.
[42] Anderson-Stojanović V., 1992, 22, 174 (Pl.154/53); Wiseman J., 1978, 412 (преземен цитат).
[43] Ристов К., 1999, 113-133.

### *II.1.8 Лок. Градиште, Нерези, Скопје*

Идентификуван како опидум од раноантичкото време, локалитетот се наоѓа на јужната периферија на селото средно Нерези. Ископувања биле вршени во 1953, 1956 и 1957 година, при што е откриен броен движен материјал, меѓу кои и фрагменти од црвенофигурална керамика.[44]

### *II.1.9 Лок. Кале – Варвара, Скопје*

Уште еден опидум од раноантичкото време, кој е лоциран на 1 км. југоисточно од селото, на висока тераса, на која се забележани остатоци од утврдување со големина 130 x 155 м, и фрагменти од керамика и др.градежен материјал по површината.[45]

### *II.1.10 Лок. Исар, Студеничани, Скопје*

Утврдено градиште од раноантичкото време, на висока тераса, која се наоѓа на 1 км. североисточно од с.Студеничани. Во 1953 година биле изведени сондажни ископувања, а меѓу откриениот материјал се и фрагменти од црвенофигурална керамика.[46]

### *II.1.11 Лок. Големо Градиште Бразда, Скопје*

Локалитетот се наоѓа веднаш до селото Бразда, на неговата југоисточна страна. Во археологијата е познат како утврдена населба со континуитет од железното до доцноантичкото време.[47] На високиот рид кој се издигнува над селото се потврдени остатоци од бедеми, кои ги штитат неколкуте тераси на акрополата. Со откривањето на познатата раноантичка гробница во СЗ подножје на ридот, во 1986 година, биле откриени и повеќе фрагменти од

---

[44] Микулчиќ Г., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 385; Соколовска В., 1986, 35-36; Микулчиќ И., 1982
[45] Микулчиќ Г., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 366; Микулчиќ И., 1982, 24-26.
[46] Микулчиќ Г., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 385-386; Соколовска В., 1986, 38-39; Микулчиќ И., 1982, 32-34.
[47] Микулчиќ Г., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 364-365; Микулчиќ И., Соколовска В., 1990, 79-92.

црвенофигурална керамика, како и од сликаните - Сент Валентин вази.[48] Истражувањата, со помали прекини, се изведуваат во континуитет, а бројот на ф-ти од црвенофигурални садови се зголемува.

## II.2 Локалитети во источна Македонија

### *II.2.1 Лок. Горно Поле, Балабаница, Штип*

Локалитетот е издолжено плато со површина од 10-на хектари, кое се наоѓа на 1 км. јужно од селото. При подготвување на теренот за лозова плантажа во 1958 година, биле уништени околу 500 мали тумули со погребувања од 5. век пред н.е.[49] Хронологијата е потврдена со пробното истражување на Музејот од Штип, во 1959 година, кога бил откриен и фрагмент од Сент Валентин групата вази.[50]

### *II.2.2 Лок. Виничко Кале, Виница*

Локалитетот е познат како утврдена населба од доцноантичко време. Се наоѓа југозападно од градот Виница, на висок рид од левата страна на Грдечка Река. Иако за прв пат бил евидентиран во 60-те години на минатиот век, со интензивни археолошки истражувања се започнало во 1985 година, неколку години по откривањето на првите фрагменти од теракотни икони. Според археолошките наоди, населбата имала долг континуитет на живеење, од неолитот до полниот среден век.[51] Интересно да се напомне е дека со долгогодишните истражувања, меѓу наодите изостанува импортираната керамика од 4 век пред н.е., поради што овој крај и воопшто поширокиот регион на источна Македонија се сметал за изолиран на извесен начин, односно како поконзервативен. Меѓутоа, по истражувањата од 2008 година,

[48] Микулчиќ И., Соколовска В., 1990, 79; Микулчиќ Г., 1990, 93-100.
[49] Санев В., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 441;
[50] Микулчиќ И., 1963, 206
[51] Крстевски Ц., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 87-88;

кога се откриени фрагмент од скифос и широка црнофирнизирана чинија со палмета, ваквото мислење несомнено ќе подлежи на ревизии.

### *II.2.3 Лок. Градиште, с.Кнежје, Св.Николе*

Локалитетот се наоѓа на ЈИ раб на селото Кнежје и претставува висок рид со повеќе тераси. Првите (сондажни) истражувања биле изведени во 1985 година, од Музејот на Македонија, а во 1994 Музејот од Св.Николе продолжил со пообемни заштитни ископувања.[52] По подолга пауза истражувањата на овој локалитет, познат по импресивната цистерна за вода ѕидана од камени блокови, беа продолжени во 2008 година, при што беа откриени и два сликани скифоси од втората половина на 4. век пред н.е.[53]

### *II.2.4 Лок. Големо Градиште, с.Коњух, Кратово*

Утврдена доцноантичка градска населба, со акропола и две станбени тераси, организирани на северната и јужната страна на високиот долгнавест рид – Градиште. Сместен до коритото на Крива Река, северно под кратовското село Коњух, локалитетот е познат од рекогносцирањата на С.Радојчиќ во 30-те години на минатиот век, во кои се спеменуваат дури три базлики од времето на доцната антика. Една од претпоставките за идентификација на овој град е дека можеби станува збор за Транупара, еден од градовите на патот кон Пауталија, утврдени во време на императорот Јустинијан.[54] Иако остатоци од класична населба не се откриени, во рамки на систематските истражувања започнати од 2000 година досега се откриени фрагменти од импортирана црнофирнизирана керамика како и еден фрагмент од црвенофигурален сад - вон контекст.

---

[52] Данев С., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 351-352;
[53] TFAHR report “the 2008 excavation Bylazora, R.Macedonia” 2008 и 2009.
[54] Микулчиќ И., 1999, 229

### *II.2.5 Лок. Жеглиговски Камен - Костоперска Карпа, Куманово*

Лок. Жеглиговски Камен се наоѓа во атарот на селото Младо Нагоричане, околу 9 км СИ од Куманово. Претставува висок рид од базалтна карпа, кој со своето рамно плато и кружна форма доминира над околниот терен. Неговиот хронолошки континуитет е потврден од енеолитот до доцно античкиот период.[55] При заштитните истражувања во 1983 година, како и со сондажните ископувања во 1987 година, биле откриени гробови од 4. век пред н.е., и раноантички културен слој богат со керамика, меѓу која е и фрагмент од еден црвенофигурален скифос[56], реконструиран и изложен во Музејот на Куманово.

## II.3 Локалитети во западна Македонија

### *II.3.1 Лок. Црквиште, с.Беранци, Битола*

Локалитетот е евидентиран како некропола од раноантичкото и хеленистичко време, на 2 км. источно од селото, непосредно до автопатот Битола - Прилеп. Истражувањата на Музејот од Битола покажале дека откриениот материјал од гробовите датира од 6. до 3. век пред н.е. Околу најстарите гробови, откриени на ЈЗ дел од местото Петилеп, се шират гробовите од 5. до 3. век пред н.е. што е потврдено со монети од овој период.[57]

### *II.3.2 Лок. Дупен Камен, с.Букри, Битола*

Локалитетот се наоѓа јужно од архајската некропола Прогон, и северно од античката населба. Во 1954 година биле изведени сондажни ископувања при кои биле откриени црвенофигурален звонолик кратер и еден бел лекит.[58]

---

[55] Ѓорѓиевски Б., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 213-215.
[56] Ѓорѓиевски Б., 1993, 56, T.VII/9
[57] Петров Пецовска Н., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 18; Mikulčić I., 1962, 50 (T.XIV)
[58] Mikulčić I., 1962, 49 (T.XIII)

### *II.3.3 Лок. Горна Порта, Охрид*

По заштитните интервенции за конзервација на бедемите, од 2004 година?, во близина на влезот во стариот град, т.н. Горна Порта, биле откриени повеќе гробови кои според типолошките одлики на материјалот датираат во 5. и 4. век пред н.е. Поради близината на некрополата Дебој, овие гробови веројатно биле дел од истата. Во 2008 година, во рамки на систематските истражувања на овој дел биле откриени и црвенофигурални садови меѓу кои еден аскос, арибалоиден лекит, два скифоси и сл..

### *II.3.4 Лок. Плаошник, Охрид*

На зарамнето плато јужно под Самоиловата тврдина се наоѓа комплексот старохристијански и средновековни цркви Плаошник или Имарет, каде се наоѓа и Св.Климентовиот манастир Св.Пантелејмон. Првите систематски истражувања на овој локалитет биле изведени во 1943 година, а од 1960, со помали и поголеми прекини истите се изведуваат во континуитет до денес.[59] Во 2008 година, овде се откриени првите фрагменти декорирани во манирот на црвенофигуралното вазно сликарство.

[59] Маленко В., Кузман П., Археолошка карта на Р.Македонија 2, 269;

# НАОЃАЛИШТА НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНА КЕРАМИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




1 Вардарски Рид
2 Исар, Марвинци
3 Варници
4 Корешница
5 Неготинско Градиште
6 Стоби
7 Катланово
8 Градиште, Нерези
9 Кале, Варвара
10 Исар, Студеничани
11 Градиште, Бразда
12 Горно Поле, Балабаница
13 Виничко Кале
14 Градиште, Кнежје
15 Големо Градиште, Коњух
16 Костоперска Карпа
17 Црквиште, Беранци
18 Дупен камен, Букри
19 Горна порта
20 Плаошник

# III. СТУДИЈА НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНАТА КЕРАМИКА

## III.1 Технологија на изработката

Денешните сознанија за технологијата на изработка на црвенофигуралните вази потекнуваат од два главни извора: а) од античките текстови и претставите на сликаните грчки вази и плочки; б) од самите вази.[60] Така дознаваме за сложеноста на занаетот и угледот на керамичарите во општеството, за нивното меѓусебно ривалство и соработка, а преку претставите на декорацијата - и за изгледот на керамичарските работилници, бројот на луѓето вклучени во работата, за керамичарското колце, за декорирањето и секако - за печките и печењето на вазата.

Водени од фактот дека во изминатите, речиси три илјадалетија технологијата на изработка на керамичките садови не е значително променета, целокупниот процес, почнувајќи од подготовката на глината а завршувајќи со печењето на садот, најчесто бил објаснуван споредбено со современите техники на керамичарскиот занает. Сепак, уште кон крајот на 19 век, развојот на егзактните науки го поттикнал интересот за демистификација на технологијата на црвенофигуралните вази, и особено на црниот фирниз чиј квалитет, т.е. сјајност, длабочина на бојата останале непроменети до денес.

Многубројните обиди за реконструкција на античката печка, а особено на техниката на печење на садовите во истите, биле дополнети со лабораториски проучувања и хемиски анализи на глината и боите, во најразлични комбинации и варијации на нивната подготовка. Така, веќе во првата половина на 20-от век биле достигнати исклучителни познавања на

---

[60] Richter G., Atic red figure vases, 1958, 23

технологијата на изработка на црвено-фигуралните вази и на развојот на античката керамопродукција воопшто.

* * *

Потврдувајќи го континуитетот и непроменетоста на занаетот до денешни времиња, процесот на изработката на црвенофигуралните сликани вази во 5.и 4. век пред н.е. го сочинуваат четири главни фази:

1. избор и подготовка на глината
2. моделирање на формата
3. декорација
4. печење

### *III.1.1 Избор и подготовка на глината:*

Во процесот на создавање на глината во природата, главна улога има минералот фелдспад, кој се содржи со околу 59 % во составот на земјината кора. Со распаѓање на фелдспадот водата ги раствора алкалите во неговиот состав (алуминиум и силициум), при што, преку процесот на хидролиза, создаваат чиста глина ($Al_2O_3$ - $_2SiO$ - $_2H_2O$).[61] Оваа глина е без примеси, има бела боја и се нарекува "примарна" или "резидентна" глина. Поради нејзината крутост како својство, чистата глина не е погодна за изработка на керамички садови, но од неа се подготвува премазот - енгоба, што се употребувал во декорацијата на садовите.

Во природните геолошки процеси - ерозија, атмосферски и климатски промени и сл., резидентната глина се "збогатува" со минерали и различни органски нечистотии - седименти, кои го менуваат нејзиниот квалитет.[62] Оттаму

[61] Noble J.V., Painted attic pottery, London, 1965, 1
[62] Richter G., Atic red figure vases, 1958, 24

произлегува називот на глината - "седиментна" или "секундарна", а нејзините својства во целост одговараат на потребите на керамичарскиот занает:

1. пластичност - заради задржување на формата при моделирањето,
2. порозност - заради рамномерно сушење и задржување на водата,
3. витрификација - заради превенција на распукнување или преголемо "собирање" т.е. смалување на садот при печењето.

Наведените својства на глината ги овозможува соодносот на трите главни компоненти: базата на глина, кварцот и фелдспадот. Истите се додаваат по потреба, доколку било кое од својствата недостасува[63], а ваквите интервенции пред употребата се неопходни поради тоа што квалитетот на глината е мошне различен, особено кога станува збор за глиништа од различни региони. Но, во процесот на добивање на глина за моделирање, ова е само почетната фаза.

- ***Подготовка на глината***:

За седиментната глина да биде погодна за обработка, потребно е дополнително да се интервенира врз нејзиниот квалитет, односно мекост и чистота. Така, за да омекне и да се прочисти од песокот, камчињата, растителните и другите органски и неоргански нечистотии, глината се остава да отстои во вода, во специјално направени "базени". Во зависност од нејзиниот основен квалитет, ова "омекнување" трае од неколку недели до повеќе години[64], а претставува всушност распаѓање на составот на глината под бактериолошко дејство. За да се забрза овој процес се додаваат парчиња "стара" глина, со што се скратува целата оваа фаза од подготовката.[65]

---

[63] Richter G., The craft of Athenian pottery, 1923, 1.

[64] Должината на стареењето на глината зависи повторно - од нејзиниот квалитет. За разлика од резидентната глина, која е мошне крута и за чиј процес на разложување се потребни и до 100 години, Атинската глина, како седиментна, се разлага за неколку месеци (Noble J.V., 1965, 3, ft.5)

[65] Меѓу различните теории за забрзувањето на процесот на распаѓање на глината, некои претпоставуваат примена на талог од вино, различен тип земја, крв, но и на урина - како "забрзувачи" на процесот. (Noble J.V., 1965, 33, ft.1)

По отстојувањето глината треба да се исцеди, по што следи "месење" - за да се разбијат меурчињата воздух што неа во меѓувреме се создаваат. Со месењето се спречуваат несакани проблеми што меурчињата ги предизвикуваат подоцна - при моделирањето, но уште повеќе при печењето на садот.[66] По оваа постапка, која во суштина воопшто не се разликува од денешниот начин на работа, глината е спремна за употреба, односно за моделирање.

### *III.1.2. МОДЕЛИРАЊЕ НА САДОТ*

Моделирањето на садот го чинат неколку постапки:

а) фрлање (на глината врз колцето)

б) обликување,

в) фина обработка (корекции и полирање на садот),

г) додавање на рачките

Со "фрлањето", парчето глина рамномерно се центрира на грнчарското колце, по што, во процес кој бара исклучителна умешност и внимание, започнува обликувањето на садот. Во овој процес, главна алатка на керамичарот се неговите раце, спрегнати во идеална координација со ритамот на вртењето на колцето и префинетото чувство под прстите, кое, проценувајќи ја идеалната количина вода за додавање, ја одржува пластичноста на меката глина потребна за добивање на замислената форма.

По обликувањето, за да може да се продолжи со работата, т.е. да се интервенира врз неговата мазност и евентуалните неправилности садот се оставал да се подзасуши до наредниот ден. Сушењето е подеднакво важен процес кој бара подеднакво искуство од две причини: а) при нагло сушење глината распукува; б) за да може да се доработува во глината мора да се задржи одреден процент на влажност.

---

[66] Richter G., 1923, 2; Richter G., 1958, 24; Noble J.V., 1965, 9.

Поради цврстината на засушениот сад, корекциите и рафинирањето на површината се изведувале со цврсти и остри алатки од метал, коска или дрво, при вртење на колцето. Потоа, со мокар сунѓер, површината на садот повторно се мазнела (Сл. 39-42), а во меѓувреме биле подготвувани рачките, ногата и другите планирани апликации, кои се додавале, т.е. се налепувале со тенко парче мека глина (Сл. 44, 54).[67] Изведбата на овие спoеви кај садот, кои воопшто не оддаваат впечаток на дополнително додадени, се само еден од бројните моменти што ни го откриваат перфекционизмот во работата на античките керамичари.

Набљудувајќи ја рафинираноста на Атинските вази, нивната функционалност и естетика, во перфекционистички склад со големината и распоредот на сите надворешни елементи - нога, рачки, врат, уста - откриваме врвна занаетчиска работа која, по декорацијата и печењето на садот, сосем го оправдува епитетот "применета уметност".

### *III.1.3. Декорација*

Главно обележје на керамиката во класичниот период е секако декорацијата, поточно - длабоката и сјајна црна нијанса на позадината, во контраст со живата портокалово-црвена нијанса на претставите. Оттаму потекнува и општиот назив за овој специфичен стил на украсување на вазите - црвенофигурален.

Кон крајот на 19 век, големиот интерес за проучување на црвенофигуралните вази иницирал многубројни хемиски анализи, со единствена цел - да се објасни квалитетот на црната боја, фирнизот, што после толку векови го задржала истиот интензитет и сјај. Сепак, за модерната наука, технологијата на украсување на Атинските вази останала непознаница долго време, а

[67] Noble J.V., 1965, 10-11; Richter G., 1958, 24-27.

нивната автентична репродукција - само неостварена желба. Дали тајната на сјајниот црн фирниз се крие во подготовката, во соодносот на компонентите што го чинат, или пак во техниката на печењето - не било едноставно да се објасни. Конечно, во раните 40ти години на 20 век, залагањата довеле до првите успешни резултати.[68]

**- *фирниз* -**

По бројните неуспешни практични обиди да се репродуцира сјајот и длабоката нијанса на црната боја на вазите, хемиските анализи на составот на фирнизот дале мошне неочекувани резултати. Имено, се покажало дека станува збор едноставно - за разредена (течна) глина, слична на онаа од која керамиката била изработувана. Но повторно, сите глини не биле погодни за негово подготвување.[69]

При разредувањето на глината се намалува густината на смесата, заедно со големината на честичките на глината кои достигнуваат димензии на колоидна финост (од 0.5 до 10 микрони).[70] Ваквиот флуид може да се нанесе во слој со вонредна тенкост и мазност, но сепак има доволна густина за да единечните линии изведени при декорирањето задржат блага рељефност. Како смеса, фирнизот е белузлав или сивкаст. Бојата и сјајот ги добива при печењето, во процес разработен до перфекција и ефект што восхитува - тенок и сјаен слој со длабока црна боја и зачудувачка трајност.[71] (види поднаслов - *ефект врз декорацијата*)

Црвено-фигуралното вазно сликарство познава и фирниз со црвена-окер нијанса. Според Рихтер (1923, 50) ефектот се постигнува преку посебната подготовка на глината и секако - температурата на печењето. Во

---

[68] Во 1942 г. Dr. Theodor Schumann, успева научно да го елаборира составот на црниот премаз и добивањето на неговиот ефект, во *Berichte der deutchen keramischen Gesellschaft*, XXIII, 1942 (prevzemeno od Noble J.V., 1965, 33, ft.1)

[69] Bimson M., *The technique of Greek Black and terra sigillata red"*, The Antiquaries journal 36, 1956, 200-204 (Prevzemena od Noble, 1965, 39, ft.8)

[70] Libšer I., Vilert F., 1989, 15-16.

[71] Richter G.M., 1923, 49

случајот, океро не се мешал со глината туку се нанесувал врз засушениот сад, по што, површината се полирала. Така океро, инкорпориран во глината, при печењето правел добра, цврста површина. Во спротивно, слојот станувал прашинест и лесно отпаѓал. Според студијата на Фарнсворт и Вајзли[72] океро бил додаван на премаз со високо сврзувачки особини, така што по печењето се задржувал сјајот, но самиот премаз, очигледно поради зголемена порозност, реоксидирал, враќајќи ја црвената боја. Оваа црвена нијанса тешко можела да се контролира при печењето, поради што била и бргу отфрлена.

- ***декорирање*** - (Сл.1)

Според многубројните анализи и обсервации, процесот на декорирање на вазите во стилот на црвени фигури подразбирал неколку постапки кои започнувале со прелиминарно скицирање на претставите врз моделираниот сад. За скицирање бил употребуван тап инструмент, веројатно од јаглен или графит, чии траги врз садот согорувале при печењето. Потоа, со тенка линија фирниз биле изведувани контурите на скицата, но самата линија имала и друга функција - да спречи несакано прелевање на фирнизот со кој се премачкува останатата површина на садот.

Деталите на претставите во рамките на скицираното биле изведувани со истиот, но овој пат уште поразреден фирниз. По завршувањето на деталите се завршувало со премачкување на останатата површина на садот. Изборот на техниката и начинот на нанесување лесно се препознаваат, па така, кај некои садови може да се забележат траги од користење на четка при ротирање на садот, во други случаеви садот бил статичен и нанесувањето слободно, а во трети - садот бил полеван или пак целосно потопуван во течниот фирниз.[73]

Вазното сликарство во петтиот и четвртиот век пред н.е. не користи широка палета на бои. Меѓу нив се белата, црвената, златната, розевата,

---

[72] Farnsworth M., Wisley H., *"Fifth century intentional red glae"*, AJA 62, 1958, 165-173.

[73] Richter, 1923, 49-50.

сивата и жолтата, но не како стандардни туку како бои применувани само кај одредени форми на садови, односно декорација. Испитувањата потврдиле користење и на дополнителни нијанси, како сина, зелена, жолта, виолетова, розева и мат црна. Истите биле нанесувани по печењето на садот, поради што, овие, главно минерални или растителни бои, ги среќаваме како избледени и едвај забележливи на површината на садовите.[74] Сепак, покрај типот на садот и изборот на темата, изборот и примената на колоритот, повторно, зависеле најмногу од вкусот на мајсторот.

* * *

Претходно споменатото скицирање со тап инструмент, кое остава траги - едвај забележливи вдлабнати линии под премазот, сугерира дека декорирањето било изведувано пред печењето, врз целосно обликуваниот и подзасушен сад. Во прилог на ова размислување одат и други, потврдени аргументи, меѓу кои: а) деликатните извиени линии на скиците во никој случај не би можеле да се изведат со толкава рафинираност врз тврда, испечена глинена површина, како врз непечената[75]; б) при допир со друг сад при нивното редење во печката, на садовите неретко настануваат вдлабнувања кои, како грешки, може да се појават додека глината е помека, но речиси никогаш кај претходно испечени садови (оинохое, инв-457-IV); в) некои детали од декорацијата биле нагласувани рељефно, со додавање на глина, што повторно, е речиси невозможно да се изведе кај претходно испечен сад (главче под рачката на оинохое - инв.34-IV).[76]

Овие неколку аргументи упатуваат кон следната тема, која е воедно и последна од фазите на изработката на керамичките садови - печењето на садовите.

[74] Noble J.V., 1965, 65
[75] Pottier E., Catalogue of the Louvre vases, III, 674
[76] Richter, 1923, 39-40.

### *III.1.4. ПЕЧЕЊЕ НА САДОВИТЕ*

Печењето е финалната, но нема да биде преувеличување ако додадеме дека е веројатно и најбитната фаза во изработката на црвенофигуралната керамика, во која повторно, откриваме врвна умешност - во техника доведена до перфекција. Печењето, а особено постигнувањето на ефектот на декорацијата, се процеси кои бараат мошне специфични услови и внимание. Почнувајќи од типот на печката, начинот на редењето на садовите во неа, постигнувањето и одржувањето на потребната температура, како и контролата на количеството на воздух во комората, специфично е и ладењето на печката, како финална, но фаза која бара подеднаква внимателност.

Споредувано со современите начини, за црвенофигуралните вази преовладувало мислење дека биле печени два до три пати, но анализите, потврдени со практични обиди, покажале нешто сосем друго. Исклучителната сложеност, печењето го претставува како процес од кој зависи целиот претходно вложен труд при создавањето на црвенофигуралните вази.

**- *печка* –**

За изгледот на грнчарските печки во 5. и 4. век пред н.е., главен извор претставуваат сочуваните претстави на сликаните вази, според кои, надополнето со скромните литературни извори и резултатите од археолошките истражувања, може да се "реконструираат" два вида печки: а) отворена: во која огнот циркулира низ печката при што садовите се во директен контакт со огнот или се сместени во кутии од испечена глина поставени една врз друга; б) затворена: огнот циркулира околу внатрешна комора во која садовите се наредени на полици, еден до друг. (Сл.1)

Генерално, главни елементи на печката се: 1. ложиште - во кое се разгорува огнот до постигнување на саканата температура; 2. комора - во која наредените садови се печат; 3. отвори - "вентили", преку кои се полни или

празни комората, се набљудува процесот на печење и се регулира доводот и количината на воздух во печката.[77]

Во комората, издвоена над ложиштето со (керамичка) решетка заради непречена циркулација на топлината, садовите се редат блиску еден до друг, но се внимава да не се допираат, особено кога се премачкани со фирниз, кој е топлив и лесно може да се размачка. Поради тоа, ваквите вази биле ставани на постаменти од печена глина, од што честопати може да се забележат траги на дното на вазата.[78]

Недостатокот на целосно зачувани печки како археолошки артефакти од тоа време, се должи на непостојаноста на материјалот од кој е изведена конструкцијата на печката, од една, и неговото постојано изложување на високи температури од друга страна.[79] Од овие причини зачувана останува единствено основата која е изведена од камен. Оваа теорија наоѓа потврда во изгледот на денешните традиционални керамичарски печки, регистрирани во руралните подрачја на Македонија.[80]

***- температура на печењето -***

Во недостаток на пишани податоци за висината на температурата на печење, биле правени испитувања врз фрагменти од садови со црн фирниз, изложувани на различни температури во печката. Резултатот покажал дека највисоката потребна температура изнесувала околу 950$^{0}$ С, но на прашањето - како античките керамичари ја контролирале температурата во печката, одговорот останува во рамки на теориите. Според една од нив, старите Грци ги знаеле температурата на топење на среброто (961$^{o}$C) и на златото (1062$^{o}$C),

---

[77] Richter G., 1923, 23; Richter G., 1958, 33-34; Noble J.V., 1965, 71
[78] Richter G., 1923, 32.
[79] Richter G., 1958, 34, ft. 128-131; за изгледот и видовите печки, преку примероците од 3-1 век пред н.е., откриени на лок. Вардарски Рид, види: Блажевска С., 2005, 273-274.
[80] Во примерот на традиционалните печки од кичевскиот керамичарски центар - селото Вранештица, конструкцијата на затворените печки е вообичаено од плитарни непечени тули и искршена керамика, прекриени со слој од глина од надворешната страна. На оваа тема, која влегува во доменот на етнологијата, не постојат објавени проучувања во Р.Македонија, поради што, за споделените информации се заблагодарувам на колегата Гордан Николов, виш кустос етнолог во НУ Музеј на Македонија.

така што веројатно ги користеле овие метали за контрола на температурата на печењето. Но, подеднакво прифатливо е дека за истата цел постоеле и "тест" фрагменти, а уште поверојатно е дека, следејќи ја промената на боите при вжештувањето на печката, искусниот керамичар можел сосем прецизно да ја определи и висината на температурата.[81]

***- ефект врз глината -***

Со постапката печење, глината, една од најнепостојаните материи во природата, се претвара во еден од најтрајните. Овој своевиден феномен се јавува како резултат на високата температура во печката при која честиците на фелдспадот омекнуваат и се "цементираат", создавајќи густа, цврста маса. За да се постигне потребната температура за ваквиот процес неопходни се доволно количество на гориво (обично дрво или јаглен) и циркулација на воздух (обезбедувана преку "вентилите" на печката).[82]

При печењето на керамиката се случува уште еден процес - намалување на големината, односно волуменот на садовите. Се работи за испарување на водата која во хидроскопната глина преостанува по сушењето на садот. Овој остаток, од 6% до 3% вода, при печењето на температура од 120°C испарува, при што глината се собира. Процентуално гледано, големината на садот по атмосферското сушење се намалува за 4.4%, а по печењето - за дополнителни 10.9%.[83] Несомнено, античките керамичари морале да ја имаат предвид и оваа околност.

***- ефект врз декорацијата -*** **(Сл.3)**

При горењето, во печката се ослободува јаглерод моноксид кој апсорбира молекули на кислород со тенденција да формира јаглерод диоксид ($CO_2$). Гледано од овој аспект, токму својството на јаглеродот да создава ваква хемиска реакција дава објаснување за суштината и принципот на

---

[81] Noble J.V., 1965, 75, 74; Richter G.M., 1958, 32;
[82] Richter G., 1923, 31
[83] Libšer I., Vilert F., Tehnologija keramike, Beograd, 1989, 16, 26-27.

добивањето на прекрасните црни и црвени нијанси на античката црвенофигурална керамика.

Бројните анализи и обиди потврдиле дека ефектот на декорацијата се добивал со само едно печење на садот, но во посебен процес, во кој печењето се одвива низ три фази.[84] Станува збор всушност за контролирано "искористување" на хемиските својства на јаглеродот, преку трикратна промена на количеството воздух во комората, односно негов дотур и редукција. Овие три фази се:

- 1. печење со присуство на воздух (до 800°C)
- 2. редукција на воздухот во комората (800 - 950°C)
- 3. реоксидација на комората (900°C)

Во првата фаза на печењето, во печката се развива температура до околу 800°C, со непречен дотур на воздух во комората со садовите. При вакви услови, фирнизот и глината на садот добиваат црвена нијанса, поради согорувањето на оксидот на железо ($Fe_2O_3$), чија боја е црвена и кој, вообичаено, е присутен во глината.

Кога температурата ќе достигне 800°C, вентилите се затвораат т.е. се редуцира количеството на воздух во печката, а истовремено, ложиштето се дополнува, овојпат со сирово (зелено) дрво. Ова е втората фаза во печењето, во која претходно добиената црвена боја на глината и фирнизот потемнуваат - до нијанса на црна. Објаснувањето на овој процес е повторно во хемиските реакции кои притоа настануваат. Имено, нецелосното согорување на дрвото се создава чад - јаглерод моноксид (CO), кој, во недостаток на воздух, апсорбира молекул на кислород од црвениот оксид на железо, претворајќи го во фероксид (FeO). Целиот процес изгледа вака: $CO + Fe_2O_3 = CO_2 + 2FeO$.

[84] Рихтер (1958, 27-28, и фусноти 85-88) ја образложува оваа констатација презентирајќи ги пионерските теории на Чарлс Бинс (1929 г.), дека црниот премаз е резултат на условите во комората. Потврда на оваа теорија, 1942 и 1943 г., ќе даде Теодор Шуман, и понатаму - други проучувачи на црвенофигуралните вази.; Хемискиот процес на печењето на вазите детално е презентиран кај Нобл (1965, 32-33, 77-78).

Бидејќи фероксидот има црна боја, во вакви услови на редуциран кислород при печењето, и глината и фирнизот добиваат црна боја. Напоредно со ова, присуството на влага во комората, која се ослободува од преостанатата вода во садовите, од сировото гориво или од намерно оставен сад со вода во ложиштето, создава магнетен оксид на железо ($Fe_3O_4$), кој е уште поцрн од обичниот фероксид ($FeO$), зголемувајќи го интензитетот т.е. општиот ефект на црната боја на фирнизот. Настанатата хемиска реакција се претставува како: $3Fe_2O_3 + CO = 2Fe_3O_4 + CO_2$.

Оваа "игра" со хемиските процеси е клучниот момент во постигнувањето на крајниот ефект на фирнизот и боите на црвенофигуралните садови, што настанува во последната - трета фаза на печењето. По достигнување на 945°C, температурата во печката се спушта до 900°C, а вентилите повторно се отвораат пуштајќи воздух во комората. Во ваквата - реоксидирана атмосфера, фероксидот ($FeO$) или магнетниот оксид на железо ($Fe_3O_4$) се соединуваат со кислородот враќајки се во претходната состојба на оксид на железо ($Fe_2O_3$) со црвена боја. Порозната глина на садот веднаш реагира апсорбирајќи кислород и враќајќи ја црвената боја, но не и фирнизот, каде се случува поинаква реакција. Имено, при дејство на топлината, глината се разложува во соединенија на железо и кристали на кварц кои синтетизираат меѓу себе, изолирајќи го железото од надворешноста и спречувајќи негова реоксидација, поради што фирнизот ја задржува црната боја.[85]

Кај глината без окисиди на железо редукцијата нема ефект врз бојата на садот.

Целокупниот процес на печење траел околу 12 часа, но печката не се отварала ни во наредните 12 часа, со што ладењето е постепено и без опасност од испукување на садовите. Сепак, грешките не изостанувале, особено кај фирнизот, кој може да се подклобучи или да се излушпа, да напукне, да испадне премногу тенок или дебел, а бојата - да ја смени

[85] Noble J.V., 1965, 32-33, 40-41, 77-78.

посакуваната нијанса во мат или многу сјајна. Поврзувајќи ги ваквите грешки со изборот, подготовката и обработката на глината т.е. премазот, како и на условите на печење, повторно, ја согледуваме оправданоста за големиот углед и респект што керамичарите го уживале во антиката, особено кон крајот на шестиот и петтиот век пред н.е.[86]

[86] Richter G.M., 1923, 32-33.

## Сл.1 Декорирање на садот



Скицирање со јаглен



Контури на цртежот



Нанесување детали



Нанесување фирниз

## Сл.2 Реконструкција на изгледот на античка печка (според .....)




## Сл.3 Промени кај декорацијата при печењето



Печење без кислород



Реоксидација и финален ефект на цртежот

# III.2 ФОРМИ НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНИ ВАЗИ ЗАСТАПЕНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Во проучувањето на вазното сликарство од класичниот период, формата на керамичките садови ужива подеднаков третман и важност како декорацијата. Прва причина е неизделивата корелација на формата со декорацијата, а потоа и самиот процес на изработката на вазите, во кој е очигледен стремежот на керамичарите кон достигнување на идеалното - тренд што е генерално присутен во целата уметност на класичниот период. Набљудувајќи ја внимателно било која од формите садови, се забележува хармонична усогласеност на секој од неговите елементи (нивната форма, димензии и пропорционалност) со големината и функцијата на садот.[87] Така, тесниот врат на шишенцата за парфимирани масла нема да дозволи неконтролирано одсипување на скапоцената течност, високиот врат на хидријата го спречува истурањето на водата при носењето, ногата е секогаш со соодветна големина која обезбедува стабилност и ја носи тежината на полниот сад, па дури и рачките се развиени до степен да ја исполнат својата практична (и естетска) функција до максимум.[88] Складност е присутна и помеѓу големината и декорацијата, како за изборот на темата, така и за изборот на композицијата, дури до степен на канонизација на одредени теми со одредени форми.

---

[87] За маестралноста на изведбата на формите зборуваат речиси сите проучувачи на класичното вазно сликарство, но истражувањата одат и подлабоко, како во студијата на J. Hambidge, Dynamic Symetry: the greek vase (1920), каде авторот открива дека, како и во архитектурата и скулптурата, и керамичките форми ги запазуваат строгите принципи на симетријата во природата, односно на идеалното и хармоничното. На тој начин, секој еден елемент на садот, било да е тоа устата, вратот, рамото, телото, ногата, секогаш се во сразмерна – идеална пропорција и со големината и со формата и со функцијата на садот. На оваа тема види и: Caskey L.D., Geometry of greek vases: Attic vases in the museum of Fine Arts in Boston, analyzed according to the principles of proportion discovered by J.Hambidge, Boston, 1922; како и Richter Irma A., Rythmic form in art: an investigation of the principles of composition in the works of the great masters, London 1932 (47-61)

[88] Richter G.M.A., 1935, XII – XIII.

Не би можело да се каже дали и колку декорацијата влијаела врз развојот на некоја од формите, но затоа, сосем сигурно е дека формата влијаела врз изборот на декорацијата. Земајќи го репертоарот на форми кои се среќаваат кај нас може да се забележи дека за помалите садови се резервирани единечни или поедноставни претстави како портрети, флорални, фигурални, или геометриски мотиви, додека поголемите садови даваат можност за комбинирање на сите овие мотиви во сложени композициски содржини.[89]

Формите што ги користи црвенофигуралното вазно сликарство, генерално гледано, се развиени од архајските, во манир кој ќе им даде поголема рафинираност и елеганција[90], а нивната популарност и развиена дистрибуција низ целиот Медитеран е дефакто потврда за успешноста на оваа трансформација. Но, како во секој еволутивен циклус, развојот на формите, по достигнувањето на врвот - од средината па сè до крајот на 5. век пред н.е., во 4. век влегува во фаза на постепено опаѓање на квалитетот на изработката - и во формата и во декорацијата.

Црвенофигуралното вазно сликарство користи околу 30-на основни форми на садови, не сметајќи ги притоа подвидовите, со кои оваа бројка се зголемува повеќе од двојно. За жал, автентичните називи на голем број од нив денес не ни се познати. Проблемот на идентификување на називите на грчките вази првпат бил актуелизиран во далечната 1829, со обидот на Т. Panofka[91] за определување на античката номенклатура на вазите. Набргу потоа следат и првите дополнувања и различни мислења, но до денес, ова прашање не е затворено. Причината за тоа е што определувањето на називите може да се прави единствено преку два начини: 1. - според натписите на сликаните вази, кои се среќаваат ретко и обично на композиции со симпозиони, и 2. - од пишаните извори - кои често не се секогаш сосем прецизни во описите, па

[89] види поглавје „декоративни мотиви и стил“,
[90] Richter G.M.A., 1935, XII.
[91] Richter G.M.A., 1935, XIII, со фн.2 и 3 (Panofka T., Recherches sur les vértables noms des vases grecs et sur leurs différens usages d`après les témoignages des auteurs et des monumens anciens, Paris 1829).

така, формите од дадените називи биле претпоставувани од контекстот на содржината.[92] Дополнително отежнување на идентификацијата на термините прават и текстовите на античките историографи, како Атенаиос, Аполодор и др., кои се обидувале да објаснат форми што најчесто не им биле познати, па оттаму произлегуваат и контрадикторни описи и различни називи за некои исти видови вази.[93]

Ниту кај класификацијата на садовите нештата не се сосем јасни. Така, според нивната примена, вазите ги групираме како трпезни, тоалетни, фунерарни, ритуални и др., но бидејќи во основата на ваквата класификација се аналогии со современите форми, не значи дека тие ја имале сосем истата функција и во антиката. Пример за ова се садовите чија функција била определувана според археолошкиот контекст во кој биле откриени, според кој, сите форми откриени на некрополите би требало да се исклучиво фунерарни т.е. ритуални, што секако - не е случај. Во најголем процент, гробните прилози се утилитарни предмети кои биле користени од покојниците во текот на нивниот живот, па така, кај мажите се позастапени формите за вино и чашите, кај жените - тоалетните садови, додека кај децата се минијатурните садови со цуцла, и т.н...

Проучувањето на црвенофигуралните сликани вази во Р. Македонија е ограничено на околу 10-на форми. Оваа бројка не е мала, пред сѐ ако се има предвид дека, сепак, станува збор главно за импортиран материјал кој несомнено подлежел на селекција, како од практични причини[94] така и од етничката и културната различност на локалното население. Оттаму, во групата форми кои не се застапени кај нас се садовите користени при различни церемонии во грчкиот свет, кои тешко можеле да се поврзат со трдицијата и

---

[92] Boardman J., 2001, 245
[93] Richter G.M.A., 1935, XIII
[94] помалите садови се секогаш полесни за транспорт, помалку се кршливи и се поефтини.

обичаите на Пајонците и Македонците. Тука ќе наброиме само некои од нив, како: лутрофорот – сад за вода користен при церемонијалното капење на младоженците, но и како споменик на гробот на невенчаните покојници; племохое – сад за парфимирани масла кој се поврзува со ритуалите на Елеусинските мистерии, но и со погребните церемонии; добро познатата форма – Панатенејските амфори, и уште многу други видови и подвидови кои, барем досега, не се регистрирани меѓу наодите на територијата на Р.Македонија. Заради подобар преглед на материјалот од нашата земја, следи претставување на основните форми на црвенофигуралните вази, откриени по пат на археолошки истражувања, откупи и сл., во изминатите 70-на години до денес. Денес тие се несомнено едни од најрепрезентативните експонати од овој период во поставките на музејските збирки во Р.Македонија.

## 1. ХИДРИЈА („ὑδρία“) - тип 2



Хидријата е длабок сад за црпење и чување на вода. Формата има повеќе варијанти но, без исклучок, нејзино главно обележје се трите рачки, од кои две се хоризонтални и се поставени странично, веднаш под рамото на садот, додека третата е вертикално поставена меѓу нив и се надоврзува на високиот врат. Нејзината функција е да го олесни црпењето/налевањето на водата и носењето. Од неколку претстави на сликаните вази може да се види дека хидријата се носела (и) врз главата, врз посебно "перниче" кое го ублажувало притисокот.[95]

Како форма хидријата е присутна во атинската керамографија уште од 7. век пред н.е., но особено популарна станува во време на црвенофигуралното вазно сликарство, кон крајот на 5. век пред н.е.. Нејзиниот назив произлегува од зборот "ὕδωρ" – вода, а во контекст на идентификацијата на

[95] Agora XXX, 37. ft.2; Noble, 1965, 17;

формата најстаро сведоштво е натписот "ὑδρία", на" сцена со Ахил, претставена на познатата Франсоа ваза.[96] Дека хидријата навистина била сад за вода потврда се бројните претстави на црвенофигуралните вази на кои, обично девојки, полнат вода од градската фонтана. Куриозитет претставуваат хидриите од Хадра, близу Александрија, кои биле користени како урни.[97]

Црвенофигуралното вазно сликарство разликува два типа хидрии. Првиот, користен уште од црнофигуралната техника, има нагласено прекршување на рамото, а неговата популарност е потврдена до околу 470 г. пред н.е., кога се јавува формата на вториот - Тип 2. Таа е поублажена, со извиена линија на профилот и без прекршувања, што ѝ дава посебна елеганција. Хоризонталните рачки се благо извиени нагоре, а ногата обично го имитира работ на устата, кој е профилиран и може да биде торусен или ребрест.[98] Овој тип хидрии се нарекува уште и „Калпис" (κάλπις), а од неговата појава, речиси со почетокот на црвенофигуралното сликарство, ќе ја задржи својата популарност и во четвртиот век пред н.е.[99]

Единствениот досега познат примерок на црвенофигурална сликана хидрија во Р.Македонија е хидријата од Демир Капија (**к.01**). Била откриена случајно при градежните работи на стариот магистрален пат кон Грција, во 1940 година, кога биле откопани неколку гробови.[100] Во 1947 г. била откупена од наоѓачите за збирката на Археолошкиот музеј во Скопје, а денес таа е еден од најзначајните експонати во археолошката поставка на Музејот на Македонија. За жал, не постојат податоци дали имало и кои се другите наоди од гробот во кој била откриена хидријата. Според физичките особености таа припаѓа на Тип 2 хидриите. На самата ваза, чија форма воопшто

---

[96] Richter G.M.A. 1935, 11.

[97] Richter G.M.A. 1935, 11-12 - авторот цитира текст на Ксенофон во кој се вели дека Хидријата била користена и како сад користен при изборот а судиите, во кој биле ставани и потоа извлекувани *плочки* со нивните имиња; примената на хидријата како урна, како што објаснивме претходно во ова поглавје, е изолиран пример кој не ја менува нејзината основна функција.

[98] Agora XXX, 38

[99] Richter G.M.A., 1935, 12, авторот се осврнува и на прашањето на терминот Калпис, образложувајќи дека всушност не пости реална основа за ваквата дистинкција на формата, поточно тип на хидрија.

[100] Вучковић Тодоровић Д.,1961, 229 ; Г.М. 2005, 85

не отстапува од стандардите, лесно се забележува високиот квалитет на техничката изработка и особено квалитетот и интензитетот на фирнизот кои се одлика на реномираните атински атељеа. Она што ја издвојува хидријата од Демир Капија како најрепрезентативен наод во групата на црвенофигурални вази во нашата земја е маестралната изведба на централната композиција, на која во разигран маниристички стил е прикажана сцена од култот на богот Дионис.[101] Според стилските карактеристики во изведбата на ликовите, деталите и композицијата на оваа хидрија се препознава уметноста на најзначајниот од атинските керамичари - Медијас, чие атеље е носител на новиот правец во стилскиот развој на вазното сликарство во 4. век пред н.е.[102]

## 2. Кратер ("Κρατήρ")



Кратерот е широк сад во кој се разредувало виното со вода. Има големо цилиндрично или овално тело кое завршува со широка уста, со раб извиен нанадвор. Поради неговата големина и тежината што ја има кога е полн, кратерот стои на масивна профилирана нога. Примената на терминот кратер за оваа форма е потврдена во античките извори, и на натписите од сликаните вази и стелите од атинската агора.[103] Во зависност од формата на телото и особено на двете странични рачки, се разликуваат 4 типа кратери: 1) звонолик; 2) со волути; 3) столбест; 4) каликс-кратер; звонокиот тип, според формата на рачките разликува два подвида: 1. кратер со извлечени држалки и 2. кратер со рачки. Покрај кратерот од Битола, се чини дека и останатите малубројни фрагменти од кратери откриени во Р. Македонија,

[101] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 79-80
[102] Види поглавје I.1 „Појава и развојни фази“, 15-16; Вучковић Тодоровић Д.,1961, 246
[103] Richter G.M.A., 1935, 6; Amyx D.A., 1958, 198-199; Кратерот е вториот сад по важност за грчите симпозиони, а неговата големина и самиот настан ја одразувале моќта (богатството) на домаќинот. Во антиката виното било консумирано исклучиво разредено со вода, во сооднос од 1:1 до 1:10. Почесниот гостин ја имал таа чест да го одреди соодносот на мешањето. За разладување на виното, во кратерот се ставал друг сад, полн со ладна вода - псиктер.

припаѓаат на групата звонолики кратери со рачки. Од овие причини нашето внимание во студијата на форми ќе биде задржано само на овој тип.

Според некои теории звоноликиот кратер со рачки е варијанта со потекло од Источна Грција, најверојатно од Милет, која на атинската Агора најрано се среќава во втората четвртина на 5. век пред н.е.[104] Називот „звонолик" е современ и е изведен од формата на телото која наликува на превртено звоно. Карактеристика на овој тип се масивните, хоризонтално поставени рачки во горниот дел на садот, под работ на устата, кои благо се извиени нагоре. Во долниот дел, телото значително се стеснува во цилиндрична нога и завршува со широк, масивен постамент. Продукцијата и популарноста на овој тип кратери започнува нагло да се зголемува во втората половина на 5. век пред н.е. и станува еден од најзастапените меѓу големите садови сè до крајот на 4. век пред н.е. Непостоењето на претходници во црнофигуралното вазно сликарство и датацијата на најраните примероци од атинската Агора во втората четвртина на 5. век пред н.е., ја става оваа форма во групата креации на класичниот период, односно на црвенофигуралното вазно сликарство.[105]

Кратерот е форма која ретко се среќава на нашите локалитети. Единствениот целосен примерок **(к.02)** е реконструиран од повеќе фрагменти откриени при археолошките истражувања во битолското село Букри, во 1954 година.[106] Кратерот бил откриен во гроб со кремација, во група со други керамички садови меѓу кои еден бел лекит, неколку црнофирнизирани килики, скифос, патера и меч од типот махаира. Неговата форма и високиот квалитет на фактурата и фирнизот се одлика на атински производ. Бидејќи формата значително не се менува во 4 век пред н.е. декорацијата е таа што

---

[104] Agora XII, 55; Agora XXX, 32-33; За источното потекло на звоноликиот кратер со рачки, во обете студии авторите го цитираат текстот на Mingazzini P., *Un nuovo nome antico per designare una forma di vasi*, RM 46, 1931, 150-152, подржувајќи го мислењето како основано, преку свои примери. Види и: Hesperia 27, 1951, 199, fn.80.

[105] Agora XXX, 33

[106] Микулчиќ И., 1966, 49

помага во попрецизно определување на времето на производството на кратерот од Букри – во првата четвртина на векот.[107]

Од Демир Капија се познати само три фрагменти[108] од црвенофигурални кратер(и), и тоа од горниот дел под работ на устата, на кои се зачувани остатоци од декоративната лента со мотивот ловоров лист (**к.05-07**). На едниот од нив (**к.05**) под декоративната лента со ловоров лист се остатоци од две човечки претстави, поточно глава и мал дел од телото од едната и рака во која е бастум од втората фигура. Високиот квалитет на фирнизот и фактурата на фрагментите укажува на нивна атинска провениенција. За жал, од големината и зачуваноста на декорацијата тешко е да се определи попрецизно стилот на некое од ателјеата. Начинот на претставување на ловоровиот лист (со плодови) во зоната под работ на устата, споредено со примери од Атинската Агора, сугерира датација на овие фрагменти кон самиот крај на 5. век пред н.е. Стилизацијата на претставата на фрагментот к.03 одговара на манирот вообичаен од втората четвртина на 4. век пред н.е.

Со последните истражувања во 2009 година, на лок. Исар Марвинци, на југозападната некропола беа откриени фрагменти од горниот дел на уште еден звонолик кратер. Во оваа фаза на истражувањето не ни се познати детали околу типот на гробот во кој се откриени фрагментите ниту видот и бројот на останатите прилози. Исклучително квалитетниот фирниз и елементите на декорацијата оддаваат особености на реномирана (атинска?) работилница, а според стилските карактеристики на декорацијата може да се каже дека станува збор за производ од првата половина на 4. век пре н.е.

---

107 За декорацијата на кратерот види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 81.

108 Микулчиќ Г., 2005, 98 (Т.XVIII). Иако авторот наведува повеќе фрагменти, сметаме дека само за наведените три може со сигурност да се каже дека се од кратери. Годината на нивното откривање ниту контекстот не се дадени во споменатиот текст, но според коментарот кај Вучковић Тодоровић Д., 1961, 256 „најголем број од фрагментие биле добиени со откупот во 1947 година“.

## 3. Пелике ("Πελίκη")



Пелике е сад за чување вино и/или масло, со крушколико тело и две лентести вертикални рачки, поставени под широкиот профилиран (торусен или закосен) раб на устата. Садот стои на широка торусна или прстенеста нога, која во класичниот период е со дијаметар приближно ист со оној на устата. Во четвртиот век пред н.е., дијаметарот на устата се зголемува, изедначувајќи се со оној на стомакот. Со својата непрекината извиена линија на профилот пеликето потсетува на амфорите од типот „Ц“. Спаркс и Талкот сметаат дури дека називот на оваа форма во антиката речиси сосем сигурно бил - амфора.[109] И покрај очигледната основаност за теоријата на Спаркс и Талкот, терминот „пелике“ е јасна дистинкција за формата, поради што останува и понатаму да се користи од широкиот археолошки аудиториум.

Како форма која се појавува во времето на црвенофигуралното вазно сликарство, пеликето е особено популарно во последните децении на 5. век пред н.е. па сè до третата четвртина на 4. век пред н.е., кога неговата функција ја презема новитетот – West Sloup - типот амфора. За функцијата на пеликето како сад за масло потврда се различни претстави од репертоарот на вазното сликарство. Од средината на 5. век пред н.е. функцијата била проширена, па пеликето започнува да се користи и како урна, во кој случај имала поголеми димензии.[110]

Декорацијата на пеликето е стандарден и прилично едноставен шаблон[111] кој е запазен и на нашите примероци, откриени на локалитетите: Варници во Демир Капија, југозападната некропола од лок. Исар Марвинци, како и на еден фрагмент од раб на устата, откриен на лок. Градиште, кај скопското село Бразда.

---

[109] Agora XII, 1970, 49; Richter G.M.A, (1935, 5) наведува дека не постои реална основа за терминот пелике, особено ако се земе предвид дека историографијата со истиот термин офпаќа повеќе различни форми
[110] Исто, 12
[111] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 81-82

Широкото крушколико тело на пеликето од Демир Капија **(к.08)** е карактеристика на формата во крајот на 5. и првата четвртина на 4. век пред н.е. Садот бил откриен во фрагменти, како гробен прилог, при истражувањата на секторот „Варници“, во 1952 година.[112] Заедно со голем дел од материјалот во Археолошкиот музеј во Скопје, бил оштетен во земјотресот во 1963 година, а денес е реконструиран и изложен во археолошката поставка на Музејот на Македонија. На централната претстава, на предната страна се зачувани остатоци од Менада и два Сатира во игра, додека на задната страна се две момчиња во химатиони. Квалитетот на изработката на вазата е атински, а според манирот на декорацијата ова пелике датира од самиот почеток на 4. век пред н.е.

Трансформацијата на оваа форма до средината на векот се гледа преку примерот на двете новооткриени пеликиња, од ЈЗ некропола на лок. Исар, кај валандовското село Марвинци. Нивното тело и вратот се поиздолжени, рачките се речиси вертикални, а работ на устата е широко разгранет нанадвор, со пречник ист како и оној на телото. Од аспект на декорацијата, ова се два типични репрезенти на т.н. „Керч“ вазно сликарство на 4. век пред н.е., кое во изобилство користи бела боја при декорирањето на ликовите. На обата примероци **(к.10, 11),** откриени како гробни прилози во гроб 717, односно 1472, е една од омилените претстави на ова време – Грифомахија.[113] Фактурата, квалитетот на фирнизот и црвеникавата боја на керамиката на пеликето к.10 наликуваат на Атинските, додека бојата на керамиката на к.11 има жолтеникава нијанса, покарактеристична за Олинтската керамика. Од друга страна, според стилските карактеристики на декорацијата обете вази оддаваат манир на исто сликарско ателје. Во прилог на ваквата детерминација оди и еден кратер од Олинт, со идентична претстава и стил во декорацијата,

---

[112] Број на гробот ниту содржината не се познати бидејќи Кастелиц Ј. не ги објавил резултатите од истражувањето. Според Вучковић Тодоровић Д., 1961, 240, 252

[113] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 82-83

за кој се претпоставува дека е изработен од ателјето на Сликарот од Филотрано, чија работа е потврдена и на Атинската Агора.[114]

### 4. Ојнохое ("*Οἰνοχόη*") – Тип 2



Сад за црпење (од кратер) и налевање на вино во чаши, со крушколико тело, една вертикална рачка и карактеристичен тролисен изливник. Црвенофигуралното вазно сликарство разликува 10 типови на ојнохои, главно издвоени според обликот на телото, устата, но и според капацитетот на садот, кој, во одредени случаи, бил користен и како единица мерка.[115]

Во Р.Македонија, во црвенофигурална варијанта е застапен вториот - тип 2 ојнохои. Негови карактеристики се: ниска прстенеста нога, овоидно тело пошироко во горниот дел, елегантен и висок врат кој преминува во развиена тролисна уста, и една вертикална рачка што завршува на ниво на устата или незначително ја надвисува. Тип 2 ојнохоите се јавуваат околу средината на 5. век пред н.е., а својата најголема популарност ја имаат во последната третина на векот. Сепак, нивното производство продолжува и во првата половина на 4 век пред н.е. Наодите во Македонија потекнуваат главно од Демиркаписките локалитети, но меѓу нив е и еден целосно сочуван примерок од лок. Исар - Марвинци **(к.17).** Ова ојнохое било откриено при археолошките истражувања на Музејот на Македонија во 1983 година, како единствен прилог во гроб бр. 84.[116] На рамото има декоративна лента со брановиден орнамент, а на телото доминира портрет на млада девојка со шамија на главата и момче во химатион и диск во раката наспроти неа. Од овој тип е уште едно целосно сочувано ојнохое, како еден од случајните наоди од Демир Капија, откриени во 1940 година, а откупени подоцна во

---

[114] Ρωμιοπουλου Κ., ΑΕ 1964, 94-95
[115] Agora XXX, 40, со ф-н.17
[116] Соколовска В., 1986, 78 (Т.5, 1-2)

1947 година.[117] Нијансата на глината е жолтеникава, а фирнизот разреден и наместа послабо нанесен. Од Демир Капија се зачувани уште два фрагменти од овој тип ојнохои (к.18, 19) со тролисниот изливник и вратот на кој е декорација со оволо мотивот во мала орнамент лента. Со продолжувањето на истражувањата на секторот „Болница", од 1972 година натаму, биле откриени и две ојнохои со помали димензии и изливник – цуцла од страната (к.22, 23), и едно ојнохое со рељефна апликација под коренот на рачката (к.21). На обете се гледаат остатоци од декорацијата – палмета – на стомакот на садот, но фирнизот е со мошне слаб квалитет така што речиси е целосно отпаднат. Со првиот ваков примерок, кој бил откриен во гроб бр 53, како прилози имало и две соларничиња, три ехинуси, но внимание привлекуваат трите плитки чинии на кои се зачувани остатоци од некаква декорација: палмети во средината и брановиден орнамент на работ.[118] Најблиски аналогии на ваквиот материјал можат да се видат на Халкидикот.

Појавата на додадена рељефна апликација под коренот на рачката е еден од експериментите на (почетокот на) 4 век пред н.е. Кај нас засега е познат само еден ваков примерок (к.21), од еден од гробовите од Демир Капија, откриени случајно во 1940 г. Декорацијата е нестандардна, со стилизирани триаголни палмети на централното декоративно поле. Под него е ловоров лист во долната зона, на вратот е оволо орнамент а под него, на рамото е орнамент со долги листови. Од ова пелике се прибрани повеќе фрагменти, а бидејќи припаѓа на групата откупен материјал во 1947 година, немаме никакви податоци околу типот на погребувањето или другите наоди во гробот кои можеби би помогнале во попрецизното датирање на ова ојнохое.

[117] Вучковиħ Тодоровиħ Д., 1961, 246, Сл.31
[118] Соколовска В., 1978, 93

## 5. Аскос ("ασκός")



Низок, плоснат сад за налевање на течности (парфимирано масло, мед). Има рамно - кружно дно и ниско биконично тело на кое странично е поставен издолжен изливник со уста широко извиена нанадвор. Под устата се надоврзува лентеста рачка што лачно го надвисува целиот сад, завршувајќи на спротивната страна. Горниот дел на телото е калотест, и најчесто е украсен со лажно капаче со брадавичеста држалка[119]. Голема е веројатноста дека називот аскос воопшто не бил употребуван во антиката за овој тип на садови. Зборот „аскос" значи мешина (од кожа, за чување вода/вино), па оттаму, називот што го користиме денес веројатно бил изведен врз основ на асоцијацијата на формата со кожните мешини.[120] Од друга страна, малата големина, специфичниот изливник и рачката укажуваат на сад кој сосем сигурно бил користен за скапоцени течности, чие излевање требало да биде внимателно и контролирано - капка по капка.[121]

Појавата на аскосот се врзува со архајската фаза на црвенофигуралното сликарство. Во втората половина на 5. век пред н.е. ја ужива најголемата популарност, која ќе продолжи и во 4. век пред н.е.. Од оваа форма познати се три варијанти: плитка, длабока и со цедилка на местото на лажното капаче. За разлика од првите две кои се јавуваат речиси истовремено, аскосот со цедилка се јавува кон крајот на 5. век пред н.е.. Неговиот изливник неретко има рељефна глава, во форма на лав, што сосема се вклопува во новите трендови на керамопродукцијата во 4. век пред н.е..[122]

Аскосите украсени во црвенофигуралната техника, во Р.Македонија засега можеме да ги проучуваме само преку три примероци (к.24, к.25, к.26)

---

[119] AGORA XXX, 55-56; Според Спаркс и Талкот, лажното капаче со брадавичеста држалка се јавуваат во 4. век пред н.е., а особено често се застапени кај аскосите од Олинт (Agora XII, 159, ф-н.8).
[120] Richter G.M.A., 1935, 18.
[121] Agora XII, 157.
[122] Agora XXX, 55-56

и два фрагменти (к.27 и к.28). К.24, к.27 и к.28 се наоди од Демир Капија. Првиот, откриен со истражувањата на лок. Црквиште во 1952 година, е реконструиран од неколку фрагменти. Бидејќи типолошки формата не се менува значително во текот 4. век пред н.е. за негово попрецизно датирање релевантен податок би била декорацијата, поточно приближното определување според стилските особености и поврзување со работата на некое од Олинтските ателјеа, во првата половина на 4. век пред н.е.. За к.25, откриен со заштитните истражувања на Исар Марвинци во 2008 година, може да се каже дека е типичен претставник на втората четвртина на 4.век пред н.е., прво поради нагласеното прекршување на садот, а потоа и поради бојата на глината и декорацијата која е со оволо и орнаментот и долги листови.[123] Последниот наод (к.26) потекнува од Охридското наоѓалиште Горна Порта, откриен при тамошните истражувања во 2008 година, како прилог во гроб 127. Ова е мошне интересен и невообичаен наод, пред сѐ поради неговата форма, за која засега немаме потврдени аналогии на Балканот: има речиси топчесто тело, со нагласен (профилиран) хоризонтален раб на средината и е поставен на профилирана нога, што е уште еден нестандарден елемент за формата на аскосот. Под високо издигнатата рачка горниот дел на садот го нема лажното капаче туку контурата на ѕидот продолжува и завршува во една едвај нагласена точка. Декорацијата на овој дел е едноставна, со портрет на младич во профил, од обете страни на рачката.[124] Бојата на глината има жолтеникава нијанса, а фирнизот е поразреден и со кафеавската нијанса, што се особини на керамиката од работилниците на Халкидикот.

---

[123] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 85
[124] исто

## 6. Лебес Гамикос ("*Λέβης Γαμικός*") - тип 2



Сад за вода со овоидно тело, кое се стеснува кон дното и преминува во цилиндричен завршеток со профилирана торусна нога. Има нагласено прекршување на рамото и кружен реципиент со вертикално издадени страни. На рамото се две рачки, поставени вертикално една наспроти друга. Вообичаено, овие садови имаат капак, но кај нашите примероци тој недостасува.

Лебес гамикос е сад со ритуална намена. Бил користен при свадбените церемонии, на што упатуваат претставите од сликаните вази поврзани со оваа свеченост[125]. И називот на формата е прифатен како автентичен бидејќи самиот збор *„Гамеин"* значи *венчава.*[126] За што точно служел не може со сигурност да се каже, но преовладува мислењето дека во лебесот се чувала водата за ритуалното капење на невестата. Постојат две варијанти (типови) на лебесот. Првата има поголеми димензии и заоблено дно, поради што стоела на (висок) постамент кој неретко бил споен со садот. Во вазното сликарство овој тип е познат од првата четвртина на 6. век пред н.е. Тип 2 е помала варијанта на лебесот и стои на ниска профилирана нога. Неговата појавата се определува во средината на 5. век пред н.е., а на овие простори ќе биде присутна сè до средината на 4 век пред н.е..

Оваа форма (тип 2) во Р.Македонија е позната преку три примероци, два целосно зачувани, откриени на лок. Исар Марвинци, и еден фрагмент од горниот дел на садот од Демир Капија. Сите припаѓаат на тип 2, иако фрагментот од Демир Капија (к.31) е нешто помал од останатите. Од лок. Исар Марвинци, првиот лебес (к.29) е откриен со истражувањата на Музејот на Македонија во 1997 година, како дел од гробните прилози на гроб

---

[125] AGORA XXX, 18;

[126] Richter G.M.A., 1935, 11; Perseus encyclopedia (www.perseus.tufts.edu); Classical art research centre – The Beazley Archive (www.beazley.ox.ac.uk)

бр 216.[127] Бојата на керамиката е жолтеникава и укажува на Олинтско потекло, но во прилог кон ова е и стилот на декорацијата во кој може да се препознае работата на Сликарот од Олинт 5.156.[128] Времето во кое работи ова ателје (350-340 година пред н.е.) заедно со монетата од Филип II откриена истотака во овој гроб, прецизно го датираат овој лебес. Вториот примерок од Исар е откриен со заштитните истражувања во 2009 година (к.30).[129] Тој е зачуван целосно, заедно со поклопецот кој има висока вертикална држалка на средината. Може да се забележи послаб квалитет на фирнизот, кој е делумно отпаднат на капакот и на рачките. И овој лебес претставува производ на Олинтските ателјеа од средината на 4 век пред н.е.[130]

### 7. **Леканис** (“Λεκανίς”)



Плитка здела со капак и две лентести, хоризонтално поставени рачки. Работ на леканисот е благо извишен од внатрешната страна, што помага при ставањето на поклопецот и воедно, правејќи континуирана линија на профилот, дава впечаток на единство на двата дела. Поклопецот е со издигната рачка на средината, која има форма на диск. Во 6. век пред н.е. тој ја има речиси истата калотеста форма како леканисот, додека кон крајот на 5. век пред н.е. станува понизок и рамен. Популарноста на овој сад во црвенофигуралното вазно сликарство се развива кон крајот на 5. век, и продолжува долго и во 4. век пред н.е.[131]

Леканисот е уште една од формите поврзани со свадбениот ритуал, во која стоеле дел од личните работи на невестата, но според друг податок од пишаните извори во леканисот се принесувал свадбен колач за младенците.[132] Оттаму, црвенофигуралното вазно сликарство за декорирање на леканисот

[127] Митревски Д. – Темов С., 1999, 142-145, Т.IIIа-IIIв
[128] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 86
[129] Подеталните податоци за овој наод и контекстот во кој бил откриен не ни беа достапни.
[130] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 86-87
[131] AGORA XXX, 54
[132] Richter G.M.A and Milne M., 1935, 23

(капкот) користи главно теми поврзани со венчавката, во кои се претстави на младата невеста или во композиции во кои таа прима дарови од гостите.

Меѓу материјалот обработен во оваа студија нема целосно сочувани примероци, освен еден реконструиран леканис (к.32), откриен во 1991 година при истражувањата во Демир Капија. Во текот на овие истражувања биле откриени и други фрагменти од капак, од работ на зделата и рачките (к.33-36). Еден фрагмент е евидентиран и меѓу материјалот од Скопје, од лок.Кале, кај сВарвара (к.37).

## 8. Лекит ("Λήκυθος")

Стандардни елементи на формата лекит се: карактеристичен изливник во облик на чашка со остри, широки рабови, висок и тесен врат и една вертикална рачка, поставена веднаш под изливникот. Од пишаните извори и претставите на вазите, несомнено е дека „лекит" е автентичниот термин за садовите за парфимирани масла.[133] Според обликот на телото, се разликуваат три типови[134] на лекити: 1. со форма на овал, односно непресечена линија на телото од дното до устата; 2. цилиндричен - "Бел лекит"; 3. со мало топчесто тело - "Арибалоиден". Од наведените, првиот тип се поврзува исклучиво со црнофигуралното вазно сликарство, третиот - исклучиво со црвенофигуралното, а вториот, иако формата потекнува од 6. век пред н.е., ја задржал својата популарност и употреба сè до крајот на 5. век пред н.е.[135] Во проучувањето на лекитите, освен формата, функцијата и декорацијата, предвид се зема и големината на садот. Од овој аспект разликуваме истотака три категории лекити: а) со стандардна големина (30 см.); б) големи - над 40 см.; в) мали - до 20 см.

---

[133] Richter G.M.A, 1935, 14-15
[134] Richter G.M.A, 1935, 15; AGORA XXX, 45.
[135] AGORA XXX, 45

Тесниот врат и посебениот облик на устата го контролираат умереното излевање на маслото, воедно спречувајќи негово непотребно трошење при сипањето.[136] Ако со ова се спомене и лажното дно, како речиси редовна појава кај поголемите лекити, се добива една мошне сликовита претстава за вредноста и големиот значај на маслото во секојдневниот живот на античките Грци.

### 8.а) Бели лекити



Белите лекити припаѓаат на групата лекити со стандардна големина. Имаат високо цилиндрично тело кое во долниот дел благо се стеснува и завршува со профилирана нога во форма на диск. Во горниот дел телото остро завршува и преминува во рамо на кое се високиот тенок врат со карактеристичниот изливник во форма на чашка. На рамото е вертикалната рачка, која завршува под чашката на изливникот. Поради својата големина од една страна и вредноста на маслото од друга, кај некои бели лекити утврдено е постоење на лажно дно, кое е продолжеток на долниот дел на изливникот и е со форма на ампула/епрувета, со капацитет од 2-3 унци.[137] Не може со сигурност да се каже дали ова е пракса кај сите лекити, но понекогаш тоа е лесно воочливо на телото. Имено, со правењето на лажното дно, во внатрешноста на садот нема циркулација на воздухот, поради што, при печењето садот најчесто пука. Од овие причини, на рамото, дното, во долниот дел на мевот или, сосем ненаметливо, помеѓу рачката и вратот биле правени мали дупчиња - мошне едноставно и соодветно решение на проблемот. [138] Појавата на лажно дно се поврзува со втората четвртина на 5. век пред н.е., иако биле забележани и кај постарите -

[136] Noble, 1965, 23
[137] 1 унца = 28.35 грама; За формите на лажното дно види Noble (1965, 25) ја наведува студијата на Дитрих Фон Ботмер во која се систематизирани неколку типови на скриеното садче - конусна, цилиндрична, топчеста, односно крушковидна. Според опсервацијата на авторот, изборот и примената на одреден тип на лажно дно бил сосем индивидуален, кај секој од изведувачите на овие цилиндрични лекити.
[138] Noble, 1965, 24;

црнофигурални варијанти на овие лекити.[139] Во својство на надгробни споменици и гробни прилози, "белите лекити" ќе ја задржат популарноста низ целиот петти век пред н.е.

Во Р.Македонија досега се откриени вкупно три бели лекити. Ова е особено интересен и важен податок, особено доколку се има предвид дека функцијата на белиот лекит е поврзана исклучиво со погребните ритуали на Атињаните, па оттаму истите поретко се среќаваат на негрчки територии. Два од лекитите од нашата земја потекнуваат од Демир Капија (к.84, к.85), што оди во прилог на теоријата за Атински доселеници во овој крај. Тие се дел од прилозите откриени во гроб бр. 5, при истражувањата во 1950 година[140], на наоѓалиштето „Варници", во населбата Клисурско Маало. Биле откриени во фрагменти од кои едниот е целосно реконструиран додека од вториот ја имаме само долната половина. Обата лекити се идентични и според големината припаѓаат на првата група – стандардни лекити (сса 30 см.). Поради начинот на декорирање, со непостојани бои врз белата боја – нанесени по печењето на садот, од декорацијата се зачувани само остатоци од кои можат да се препознаат стандардните теми на овие вази – оплакување на покојникот.[141] Третиот бел лекит бил откриен при истражувањата на лок. Дупен Камен, кај битолското село Букри (к.86), во 1954 година. Овој примерок бил откриен целосно зачуван, но од декорацијата нема зачувани траги.[142]

### 8.б) Арибалоидни лекити (Ἀρύβαλλοσ)



Арибалоидниот лекит, во англиската терминологија наречен „здепаст/сплескан лекит" (squat lekythos), има мало, топчесто тело, поставено на ниска прстенеста нога. На горниот дел на садот се карактеристичниот врат и изливникот во форма на чашка. Како и кај

[139] Kurtz D.K., 1975, 85 (со ф-н 1); Noble, 1965, 25 (ф-н 82).
[140] Вучковић Тодоровић Д., 1959; Микулчиќ Г., 2005, 85, Сл.2
[141] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил", 88
[142] Микулчиќ, 1966, 49

поголемите лекити, рачката на арибалоидниот лекит е вертикална и завршува под чашката на изливникот. Големината на примероците откриени на територија на Р.Македонија изнесува од 4.5 до 10 см, што ги прави минијатурни доколку се земе предвид дека нивната големина оди и до 20-на см.

За оваа форма во археологијата неретко се користи и терминот арибалос, поради што сметаме дека е потребно да се укаже на неколкуте важни разлики кои прават дистинкција меѓу овие два типа лекити. Имено, за споредба со арибалоидниот лекит, карактеристики на арибалосот се: 1.топчесто тело; 2. широк изливник во форма на диск (коринтски тип) или полутопчест (атински тип); 3. две мали вертикални рачки под изливникот.[143]; 4. нема нога бидејќи се носи на јаженце; 5. функцијата на арибалосот е поврзана со атлетите, кои го носат ова топчесто садче врзано околу појасот[144], додека другиот е повеќе варијанта за домашна употреба. Конечно, за разлика од арибалосот кој е Коринтска форма, арибалоидниот лекит е чист Атински производ. Неговата појава се датира околу 500 година, но вистинската популарност ја ужива од втората половина на 5. век пред н.е. до средината на 4. век пред н.е..[145]

На овие хронолошки рамки припаѓаат и арибалоидните лекити откриени во Р.Македонија. Тие се најбројните од црвенофигуралните вази кај нас. Во оваа студија се опфатени околу 40 познати примероци, целосни и фрагменти, но сосем сигурно може да се каже дека овој број е поголем. Нивните мали димензии се пресуден фактор за лесниот транспорт, што делумно ја дообјаснува ваквата застапеност на нашата територија. Сепак, најголем број од претставените арибалоидни лекити потекнуваат од локалитетите од Демир Капија и Исар Марвинци додека од останатите локалитети во повардарјето – Неготино (к.81) и Катланово (к.83), како и од Охрид (к.82), имаме само по еден до два примероци. Освен на оние од Демир Капија, на

---

[143] Richter G.M.A., 1935, 16
[144] исто
[145] исто

останатите лекити декорацијата е мошне едноставна – палмета, која, заедно со фактурата и формата одговараат на продукцијата од средината и третата четвртина на 4. век пред н.е.. Лекитите од Демир Капија (к.38-к.68) датираат од крајот на 5. до втората половина на 4. век пред н.е. Разликата во формата и квалитетот на изработка и декорацијата, во однос на претходните, е очигледна и во најголем дел станува збор за Атински продукти на кои изобилуваат фигурални - човечки и животински претстави, додека флоралните и геометриските мотиви се помалубројни. Преку стилските карактеристики и изборот на мотивите на демир каписките лекити е идентификувана работата на повеќе атински ателјеа.[146] За останатите лекити, особено за групата од Исар Марвинци (к.69-79) може да се каже дека доминираат олинтските варијанти од втората четвртина на 4. век пред н.е. натаму, чиј изливник има континуирана линија со профилот на садот (к.69-70 и к.74-79) и ја нема карактеристичната форма на чашка како кај постарите (атински) примероци (к.71-73).

## 9. Скифос (*"Σκύφος"*)



Скифосот е чаша за пиење (вино/вода), лесно препознатлива по двете хоризонтално поставени рачки, веднаш под работ на устата кој е благо извлечен кон надвор. Поставен е врз прстенеста нога, од која садот постепено се шири во горниот дел. Скифосот е познат уште од крајот на 6. век пред н.е., но неговата вистинска популарност започнува во втората третина на 5. век пред н.е. и понатаму - низ целиот 4. век пред н.е.

Терминот скифос е автетичен и е точно определен за оваа форма. Во археологијата е присутен и под називот „котиле“, кој би можел да се протолкува повеќе како генерички назив за функцијата чаша, но има и други

---

[146] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 89.

значења кои секако не одговараат на изгледот и функцијата на скифосот.[147] Во црвенофигуралното сликарство ова е една од најпопуларните форми на чаши за пиење, произведувана во три варијанти: „тип А“, „тип Б“ и „Коринтски“. Формата која ја опишуваме овде го претставува првиот - тип А, кој е најзастапен на атинската агора, и до скоро единствен што го среќававме на територијата на Р.Македонија.[148] Велиме „до скоро“ поради откривањето на неколкуте фрагменти од секторот Плаошник во Охрид, меѓу кои е еден од скифос од коринтски тип (к.210). Првите промени кај скифосот од тип А почнуват да се забележуваат од последната четвртина на 5. век пред н.е.: а) во долниот дел на телото, кој започнува постепено да се стеснува кон ногата, и б) во работ на устата – кој благо се извива нанадвор. Овие промени, во текот на првата половина на 4. век пред н.е. стануваат уште понагласени[149], а по 350 година, кога стеснувањето на дното го постигнува својот максимум, популарноста на скифосот ќе се задржи до крајот на векот. Секако, ова се однесува само на сликаните скифоси бидејќи формата, особено во Охридскиот регион и кон запад - во Албанија, е присутна во локалната продукција и понатаму - до крајот на 3. век пред н.е., па дури и низ првата половина на 2. век пред н.е.[150]

По бројот на откриени фрагменти и цели садови во Р.Македонија, скифосите го делат првото место со арибалоидните лекити. Интересно е да се спомене дека најголем процент од материјалот претставен во овој труд потекнува од лок. Градиште, кај скопското село Бразда (к.100-101 и к.118-131). Со 14 примероци се застапени скифосите и фрагментите од Демир Капија (к.95-96 и к.103-117), потоа наодите од Исар Марвинци (к.89-94), и по

---

[147] Richter G.M.A, 1935, 27

[148] Типот Б се разликува од првиот единствено по поставеноста на рачките, од кои едната е хоризонтална а другата вертикална, додека „Коринтскиот“ скифос е нешто поелегантен, со профилирана нога и раб на устата кој е благо извиен навнатре (Agora XXX, 62)

[149] Agora XXX, 62; формата на сликаните скифоси кореспондира во целост со црнофирнизираните варијанти, и ги среќаваме истовремено на некрополите од Повардарјето и Охридско – Пелагонискиот регион.

[150] Битракова Грозданова В., 1987, 41-42; Битракова Грозданова В., 1995, 123-125;

еден фрагмент се од локалитетите Виничко Кале (к.132) и Жеглиговски Камен (к.102), од кумановскиот регион, кој е денес реконструиран и изложен во музејот во Куманово. Нови два фрагменти се откриени во 2008 година на лок. Кнежје кај Св.Николе (к.133, к.134), кои типолошки се вклопуваат во продукцијата од средината на 4.век пред н.е.. Петнаесетте фрагменти од скифоси од Бразда кои ги претставуваме биле откриени во 1986 година при откривањето на добро познатата „владетелска гробница", во северозападното подножје на ридот Градиште. Тие, заедно со фрагментите од типот „Сент Валентин" биле најрелевантниот податок со кој гробницата била датирана во крајот на 5. и почетокот на 4. век пред н.е.. Најголем дел од фрагментите се одликуваат со квалитетна изработка и фирниз, а на еден се препознава манирот на „Фет Бој" групата сликари (к.100) - едно од реномираните атински ателјеа чиј стил, мотиви и влијание ќе бидат популарни низ целиот 4. век пред н.е.[151] На останатите фрагменти се зачувани остатоци само од флоралната декорација која го украсувала делот под рачките, или стомакот - како кај фрагментите со Олинтско потекло. Истата ситуација во поглед на флоралниот мотив ја имаме и со скифосите од Демир Капија, со една суштинска разлика што овде имаме дури три целосно реставрирани скифоси. На два од нив, со претстави на момчиња во химатиони, одамна е препознаена работата на ателјето „Фет Бој" (к.95, к.96), од првата четвртина на 4. век пред н.е. Третиот примерок (к.103), е со флорална декорација, а според својата форма датира кон средината на 4. век. Освен Фет Бој скифосите, откриени при истражувањата на секторот Манастир во 1951/1952 година, останатите фрагменти од оваа група, речиси сите биле набавени со откупот во 1947 година.[152] Меѓу скифосите од лок. Исар кај с.Марвинци има дури четири целосно сочувани (к.89-92), со претстава на момче во химатион со стригилис во раката. Според формата скифосот к.90 датира во првата четвртина, а

[151] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил", 90.
[152] Вучковић Тодоровић Д., 1961; Микулчиќ Г., 2005, 85.

останатите во втората четвртина и средината на 4 век. Според фактурата и бојата на керамиката може да се определи Олинтска работилница која го продолжува манирот на Фет Бој групата. Истата тема ја има и на фрагментот од Костоперска Карпа (к.102), откриен со истражувањата на локалниот музеј во 1987 г.[153], но според формата овој е малку постар од претходниот. По направената реконструкција скифосот е изложен во Музејот во Куманово. Меѓу наодите од истражувањата во последните две години, внимание секако привлекуваат двата скифоси (к.87, к.88), откриени на секторот Горна Порта, во Охрид. Според формата ова се чаши кои се користат најдоцна до четвртата четвртина на 5. век пред н.е., но она што ги издвојува е невообичаената декорација со геометриски мотиви, организирани во хоризонтални орнамент зони. Ваков манир не е познат во атинското вазно сликарство, а во достапната литература не можевме да најдеме аналогии ниту меѓу вазите од Коринт, Олинт ниту пошироко на Халкидикот. Меѓу фрагментите од секторот Плаошник е и еден (к.210) од горниот дел на скифос, со благо навнатре вовлечен раб на устата што се карактеристики на коринтскиот тип скифоси. Бојата на глината, фирнизот и начинот на сликањето се исти и кај останатите фрагменти од овој сектор (к.208-212). Сепак, до евентуална хемиска анализа на глината прашањето за провениенцијата на скифосите од Охрид останува отворено.

## 10. Кантарос (*"Κάνθαρος"*)



Кантаросот е уште една во репертоарот на чаши за пиење со две рачки. Негови обележја се: високо цилиндрично тело, раб на устата благо извиен нанадвор, додека дното, т.е. долниот дел на садот, е благо проширено и поставено врз прстенеста нога. Двете вертикални рачки се лентести и вертикално поставени една

---

153 Ѓорѓиески Б., 1993, 56

наспроти друга, во висина на работ на устата. Поради формата и димензиите кантаросот поретко се користи во вазното сликарство. Кај примероците од 4. век пред н.е. неговата декорација е флорална – со едноставна палмета на телото, најчесто врамена во квадратно поле. Од овој тип кантароси во нашата земја не е откриен ниту еден целосно сочуван примерок. За неговата релативно мала застапеност воопшто говори податокот дека за оваа студија се евидентирани вкупно десет фрагменти, од кои два биле откупени, односно откриени на секторот Манастир во Демир Капија во 1951 година. Останатите потекнуваат од лок. Градиште кај с.Бразда, Скопје, а биле откриени при истражувањата во 1986 и во 1991 година. Квалитетот на фирнизот е висок. Фрагментите се поврзуваат со Олинските работилници на почетокот на 4. век пред н.е.[154] Сите фрагменти имаат едноставна декорација – палмета врамена во квадратно поле на стомакот на садот.[155]

### 10a. Тип - „Saint Valentine"

Најстариот тип кантароси декорирани во техниката на црвени фигури, кои се застапени на територија на Р.Македонија е типот „Сент Валентин". Во вазното сликарство овие вази ги среќаваме главно во втората половина на V век пред н.е. - до околу 400 година и почетокот на 4 век пред н.е.[156] Терминот "Сент Валентин вази" разликува посебна група на кантароси и скифоси, чие главно обележје е специфичниот начин на декорација, со пастозна бела боја врз црната фирнизирана површина на садот. Називот е доделен според местото на наоѓање на првиот примерок (кантарос) - "La Motte Saint Valentin", во областа Бургоња, во Франција. Анализирајќи ја шемата на декорацијата направена е типолошка студија на Сент Валентин вазите според која се издвоени дури девет различни групи и три подгрупи вази од овој тип.[157] Во

---

[154] Микулчиќ Г., 1990, 101
[155] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил", 91-92
[156] Howard S. and Johnson P. F., 1954, 207.
[157] Исто, 191-207.

Р.Македонија се откриени дваесетина фрагменти од Сент Валентин вазите, меѓу кои најбројни се ониe од групите 7, потоа 6, а има и примери од 4 и 8 група.[158] Повторно, најмногу од нив се откриени на локалитетите во Демир Капија и Градиште кај с.Бразда во Скопје, а по еден примерок имаме и од локалитетите во Источна Македонија - Градиште-Кнежје, кај Св.Николе (к.167) и од Горно Поле, кај штипското село Стар Караорман (168). Единствениот фрагмент од скифос во оваа група е откриен на локалитет во скопското село Нерези (к.165), а единствениот целосно сочуван примерок е кантаросот од Корешница кај Демир Капија (к.145), откриен во 1991 година, денес изложен во музејот во Неготино.

## 11. Садче со цуцла - "*baby feeder*"

Мал сад со калотесто тело, поставено на профилирана ниска нога. Горниот дел завршува хоризонтално, со кружен отвор во средината и мала лентеста рачка вертикално поставена од страната, заради полесно излевање на течноста. Изливникот (цуцла) е хоризонтално поставен во најгорниот дел на садчето, под агол од 90 степени во однос на рачката. Декорацијата е едноставна и е изведена околку кружниот отвор на горниот дел, додека долниот дел е црнофирнизиран. Од примероците од Атинската Агора, датирани во втората половина на 5.век пред н.е., оваа форма е застапена и низ целиот 4 век пред н.е., а според состојбата на изливникот и трагите од заби кои биле забележани на некои од нив се смета дека била користена за хранење бебиња, па оттаму и називот "*baby feeder*".[159] Дополнителна поткрепа за ваквиот заклучок е што овие садчиња се откриваат често како прилози во детските гробови, какви случаеви среќаваме и на некрополите во нашата земја (Исар-

[158] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил", 92
[159] AGORA XII, 161

Марвинци, Демир Капија). Садовите со цуцла од овој тип имаат неколку варијанти, кои не се разликуваат значително.

(Единствениот) примерок на садче со цуцла од Р.Македонија (к.171), украсен во техниката на црвенофигуралното вазно сликарство е откриен со истражувањата во Демир Капија, во 1952 година.[160] На рамото, околу кружниот отвор е декоративна лента со мотивот спирали, кој често може да се види кај примероците од Олинт.[161]

## 12. Чинии

Чиниите се форма која поретко се користи во црвенофигуралното вазно сликарство, па оттаму се мошне ретки и на територијата на нашата земја. Досега откриените примероци се репрезенти на типот плитки чинии со конкавен – благо нагласен раб, поставени врз ниска прстенеста нога. Сите потекнуваат од Демир Капија[162] и датираат во втората половина на 4.век пред н.е. Во прилог на ваквата хронолошка детерминација е податокот дека вакви чинии не биле откриени во Олинт. Од чиниите од Демир Капија, к.172 е целосно сочувана, додека к.173 и 174 се во фрагментарна состојба која сепак била доволна за нивна целосна реконструкција.

Слабата зачуваност на чиниите од Демир Капија не овозможува вистински впечаток за изгледот на нивната декорација. Сепак, на средишнот дел (дното) и на работ на чиниите к. 172 и к.173 се остатоци од флорални и геометриски мотиви. Жолтеникавата боја на глината укажува на халкидско потекло, а примероци од овој тип се познати од некрополата Микра Карабурун кај Солун[163], и Амфиполис.

---

[160] Вучковић Тодоровић Д., 1961, 253, Сл.52, Микулчиќ Г., 2005, 94 (Т.XII) – заведен е како „гутус“, инв.бр.51-IV
[161] OLYNTHUS XIII, 267, (Pl.178)
[162] Соколовска В., 1978, 93 (Т.I)
[163] Albania 2 (1927), 1985, 48-57.

## 13. Неопределено

Бидејќи голем дел од материјалот користен во оваа студија е во фрагментарна состојба, заглавјето „Неопределено“ е посебно издвоено заради презентација на оние фрагменти од црвенофигурални садови на кои не може со сигурност да им се определи формата на која ѝ припаѓале. Станува збор за околу 40-на фрагменти (к.175-214), откриени случајно или при истражувањата на локалитетите кои накусо ги презентиравме во второто поглавје. Во каталогот фрагментите се претставени како посебни каталошки единици, но, особено во случај на изготвување на статистички анализи, треба да се има предвид и веројатноста дека два или повеќе фрагменти можеби биле дел од ист сад, веќе споменат во каталогот. Најчесто поради малата големина на фрагментите тешко е да се направи нивно попрецизно датирање, а уште помалку да се определи ателјето од кое истите биле произведени.

**Табела 4 ФОРМИ НА ЦРВЕНОФИГУРАЛНИ САДОВИ ЗАСТАПЕНИ ВО Р.МАКЕДОНИЈА**

| | Повардарие | | | | | | | | | | Источна Македонија | | | | | Западна Македонија | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Форми | Вардарски Рид | Исар Марвинци | Демир Капија | Неготинско | Стоби | Катланово | Градиште, Нерези | Кале, Варвара | Исар, Студеничани | Градиште, Бразда | Горно Поле, Балабаница | Виничко Кале | Градиште, Кнежје | Г. Градипте, Коњух | Костоперска Карпа | Црквиште Беранци | Дупен камен, Букри | Горна Порта | Плаошник | Требеништа |
|  | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| | | 1 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | 1 | 2 | | | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
|  | | 1 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | |
| | | | 10 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | 4 | | | | | 1 | | | | | | | | | | | | |
|  | | 11 | | | | 1 | | | | | | | | | | | | 1 | | |
| | | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|  | | 6 | 3 | | | | | | | | | | | | | | | 2 | | |
| | | | 14 | 2 | 1 | | | | | 14 | | 1 | | | 1 | | | | | |
|  | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | 2 | | | | 1 | | | 7 | | | | | | | | | | |
|  | | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| St.Valentin | | | 10 | | | | 2 | | | 8 | 2 | | | | | | | | | 2 |
| неопределено | | 6 | 19 | 1 | | | | | 1 | 3 | | | | 1 | | | | | | |

| | |
|---|---|
| 1 | Број на целосно зачувани примероци |
| 3 | Број на зачувани фрагменти |

## III.3 ДЕКОРАТИВНИ МОТИВИ И СТИЛ

Декорацијата, како финална фаза во процесот на изработката на еден црвенофигурален керамички сад е подеднакво комплексна процедура, како од технички, така и од естетски аспект, бидејќи таа треба да го дооформи целокупниот впечаток за совршеноста на призводот. Во основа и декорирањето следи востановени правила за изборот и организацијата на декоративните мотиви, кои впрочем постојат во целата уметност на класичниот период. Целта е единствена - да се долови реалноста и тродимензионалноста на ликовите и просторот.

Декоративните мотиви во црвенофигуралното вазно сликарство би можеле да ги издвоиме во три генерални групи: 1. фигурални; 2. флорални и 3. геометриски мотиви. (Табела 3) Истите ги среќаваме како поединечни претстави или пак во сложен композициски контекст, со митолошки или профани содржини - од секојдневниот живот. Изборот на темата за декорација ја диктираат два главни елементи: функцијата и големината на вазата. Оттаму, на белите лекити среќаваме сцени поврзани исклучиво со смртта, на поголемите садови за разредување/точење вино претпочитана тема се комплексни композиции на гозби, прослави и сл., а наспроти нив, малите садчиња за парфеми биле украсувани со единечен флорален мотив, портрет на млада девојка, животно и сл. Сепак, во изборот на мотиви црвенофигуралното вазно сликарство не наметнува строги правила, особено кога станува збор за пласман на призводите во далечните колонии. Така, бројни се

примерите на вази со декоративни мотиви инспирирани и од локалната традиција на земјата во кои биле извезувани.[164]

Во зависност од типот, големината на садот, а потоа и од вкусот и креативноста на мајсторот, декорацијата на вазите се изведува во зони, врз стомакот, вратот и работ на устата. Секоја од формите вази во црвенофигуралното сликарство користи посебно утврдена шема на распоредот на декоративните елементи, но пред да продолжиме со нивно поединечно претставување, би почнале со претставување на видовите мотиви кои се среќаваат на црвенофигуралните вази откриени во Р.Македонија. Како што веќе кажавме, декоративните мотиви можат да бидат флорални, фигурални или геометриски.[165] Истите, во зависност од големината на површината за сликање, се претставуваат а) поединечно, б) со повторување на еден мотив во декоративна - орнамент лента, или в) како нивна меѓусебна комбинација. Флоралните мотиви, меѓу кои палметата, ловоровиот лист и бршленовите гранчиња, се едни од најзастапените мотиви кои се среќаваат на нашите примероци вази. Најчесто тие се естетско дополнување на фигуралната декорација, особено за површините кои не се опфатени со главното декоративно поле, како просторот под рачките, под работ на устата, или на вратот на садот. Но, флоралните мотиви ги среќаваме и како единечни претстави на помалите форми садови, како тренд особено присутен кон средината на 4.век пред н.е. до крајот на црвенофигуралното вазно сликарство. Вакви примери се арибалоидните лекити од Охрид (к.80), од Исар Марвинци (к.69, 70, 75-79) и Демир Капија (к.57-61, 68), а тука се и двете мали ојнохои со цуцла, од Демир Капија (к.22, 23). Кај поголемите форми – скифосите, палметата како централен мотив се комбинира со друг флорален мотив (бршленово? стебленце) кој го исполнува просторот странично до неа, под рачките.

---

[164] Kilinger S., 1977; Ваквата прилагодивост на произлегува од развиениот трговскиот осет и интерес на Атињаните за континуирано зголемување на пласманот на своите призводи. Ова особено се однесува на колониите и генерално на просторот на Црното Море, како еден од најразработените пазари.

[165] Види Табела 4.

Палметата ја среќаваме кај скифосите од Демир Капија и од Бразда, но и кај кантаросите од овие локалитети, каде таа е врамена во квадратно поле и има триаголна основа (к.135-138, 142). Од самиот почеток на црвенофигуралното сликарство, палметата е често присутен детал во богатата декорација на поголемите садови, кој го среќаваме во единечна или двојна форма под рачките и/или како орнамент лента околу вратот – како кај хидријата од Демир Капија (к.01). И ловоровиот лист е мотив кој најчесто се среќава на поголемите вази, како орнамент лента под работ на устата. Во Р.Македонија како мотив го среќаваме на кратерите, поточно на кратерот од Битола (к.02) и трите фрагменти од Демир Капија. (к.03-05), но и на Сент Валентин чашите, како орнамент лента во групите IV, VI и VIII.[166]

За геометриските мотиви би можеле да кажеме дека се користат обично во орнамент лентите на вазите, но постојат и исклучоци, како кај примерите на арибалоидните лекити од Исар Марвинци (к.73), Демир Капија (к.66-67), Неготино (к.81), чие тело е целосно украсено со испресечени коси линии, во вид на мрежа. Во оваа група го приклучуваме и оволо мотивот (јонска кима), кој редовно го среќаваме како орнамент зона на црвенофигуралните вази. Го среќаваме речиси на сите форми, без разлика на нивната големина. Имено, кај арибалоидните лекити од последната четвртина на 5. век пред н.е., орнамент лента со оволо мотивот се користи како основна линиија – под главната претстава. Ова доволно добро го илустрираат примероците од Демир Капија (к.42, 44, 47 и 52). Како орнамент лента го среќаваме и на аскосите од Демир Капија (к.24, 28) и Исар Марвинци (к.25), на вратот на ојнохоите (Д.К. к.18-21), но најчесто на поголемите вази како пеликето, каде мотивот редовно се јавува на нанадвор извиениот раб на устата, на вратот, како и под главното декоративно поле – како основна орнамент лента (Д.К. к.08, 13), (И.М. к.10-12). Кај хидријата од Демир Капија (к.01) орнамент лента со оволо мотив го краси работ на устата, но и коренот на рачките, кој

[166] Види Табела 4.

пример го среќаваме и на кантаросот од Букри (к.02). Во функција на основна лента под главното декоративно поле, кај последните две вази може да се види комбинација на меандри со шах поле. Кон групата геометриски мотиви ги вклучуваме и брановидниот мотив, кој го има на аскосот од Охрид (к.25), на оинохоето од Исар Марвинци (к.15) и лебесот од Демир Капија (к.29), како и спиралата, која е најчесто елемент од некој флорален мотив (к.15, 27, 41, 30), особено кај скифосите (69, 70, 71 и др. ф-ти). Уште еден геометриски мотив кој се среќава главно како орнамент лента во декорацијата на Сент Валентин вазите е ромбот (или "diamond pattern).[167]

Фигуралните мотиви ги разликуваме во две групи: 1.со човечки претстави и 2.со животински претстави. Претставите на животни се често присутни во црвенофигуралното вазно сликарство. Како мотиви, животните обично се поврзуваат со култовите на божествата, како нивни атрибути, но и како ѕверови во борба со некој од грчките јунаци. Така, еленот се поврзува со божицата Артемида, гуската ја среќаваме во претставите со Персефона, Афродита и т.н., но имајќи ја предвид секојдневната употреба на лекитите, како подеднакво точно би можело да се земе и толкувањето на истите како претстави на домашни миленичиња.[168] Репертоарот на животински претстави го сочинуваат повеќе видови: а) птици: лебед, гуска, був; б) риби, делфин и др. морски животни; в) копнени (домашни и шумски) животни: коњи, кучиња, елени и срни, дива свиња, лав, пантер, змии и т.н. Овој репертоар го надополнуваат митските суштества сатири, сфинга, грифони и др.

Мотивите од оваа група ги среќаваме како единечни претстави на помалите форми садови: лебед (к.47, 54, 55, 82), срна (к.56), пантер (к.24), сфинга (к.52), но истотака и како дел од сложени композиции. За пример ќе ги наведеме претставите на грифоните и коњот на Аримасп (к.10-11), во композицијата Грифомахија на двете пеликеа од Исар Марвинци, или срните

---

[167] Види Табела 4.
[168] Klinger S., 1998

во композицијата на Дионис и Менадите од хидријата од Демир Капија (к.01).[169]

Човечките претстави, во кои ги вбројуваме и претставите на божествата и др. ликови од митологијата ги среќаваме: а) како единечни портрети – на малите арибалоидни лекити (к.39-46), на аскосот од Горна Порта (к.26), и на Лебес Гамикосите од Исар Марвинци (к.29-30); б) во поедноставни композиции со една или две стоечки фигури – на скифосите (к. 89-92, 95-96), белите лекити (к.84-85) и на арибалоидните лекити (к.38, 48, 49); на ојнохоите од Демир Капија и Исар Марвинци (к.16-17), и секако – в) во сложени композиции со три и повеќе ликови (к.01, 04, 08-11).

Како што споменавме на почетокот, примената и комбинирањето на мотивите се изведува според утврдена шема, која постои за секоја од формите вази посебно. Овие принципи се засновани првенствено врз функцијата на садот, а потоа и врз големината на површината за сликање.

1. Хидрија - Во зависност од големината на хидријата декорацијата се изведува во релативно шаблонски манир. Работ на устата и коренот на рачките се со оволо орнамент, на вратот е орнамент лента со палмети, под вертикалната рачка обично има една или повеќе палмети, додека горната половина на садот и рамото се резервирани за фигуралната декорација. Долниот дел и ногата се црнофирнизирани. Главна карактеристика за декорацијата на хидриите од крајот на 5. и во 4. век пред н.е., особено кај сложените композиции, е поставувањето на ликовите во повеќе хоризонти, што е резултат на тенденцијата за доловување на перспективата во вазното сликарство.[170] Она што ја издвојува хидријата од Демир Капија (к.01) како најрепрезентативен наод во групата на црвенофигурални вази во нашата земја е маестралната изведба на централната композиција, на која во разигран маниристички стил е прикажана сцена од култот на богот Дионис.

[169] Види Табела 4.
[170] Види поглавје I.1 „Појава и развојни фази", 15-16.

Тој е окружен со својата придружба од Менади, Сатири и срни чии фигури се поставени во две нивоа и со скратувања во позата. Според стилските карактеристики во изведбата на ликовите, деталите и композицијата на оваа хидрија се препознава уметноста на најзначајниот од атинските керамичари - Медијас, чие ателје е носител на новиот правец во стилскиот развој на вазното сликарство во 4. век пред н.е.[171] Организацијата на останатите декоративни елементи не отстапува од погоре споменатите стандарди на декорирање на хидриите.

2. Кратерот е вториот сад по важност за грчите симпозиони. Неговата големина и самиот настан ја одразувале моќта (богатството) на домаќинот. Тоа е садот во кој виното било консумирано исклучиво разредено со вода, во сооднос од 1:1 до 1:10, а почесниот гостин бил тој што го одредувал соодносот на мешањето. За декорацијата на звоноликиот кратер е резервирана средната зона на телото, како најголема и поволна за сложените фигурални претстави. Под работ на устата обично е лента со ловоров венец која кружи околу целиот сад, но секако, постојат и други варијанти со оваа лента: со бршленови листови и нивни комбинации; со палмети и со оволо орнаменти. Оволо лената ја заокружува и основата на рачките. Понекогаш се појавува и како основа под главната претстава, каде вообичаено е лента со комбинација од геометриски мотиви - меандри, „андријев крст" и квадратни „шах" полиња. За главната претстава кратерот разликува аверсна и реверсна страна, при што, декорацијата на реверсот е поедноставна - со помал број на претстави.[172]

Декорацијата на кратерите од Македонија не отстапува од стандардите на 4. век пред н.е., чии елементи се: оволо орнамент ленти околу рачките, орнамент лента со ловорови листови под работ на устата, потоа следи просторот резервиран за декорацијата, и под него е лента со комбинација на орнаментите меандар и шах поле.[173] На кратерот од Букри, освен на формата,

[171] Исто; Вучковић Тодоровић Д. 1961, 246.; Boardman J., 2001, 146, 147
[172] Agora XXX, 33
[173] Agora XXX, 33

делумна реконструкција била направена и на централната композиција на предната страна, каде се зачувани остатоци од облеката на две фигури во химатиони свртени кон десно, како и бастун и дел од десната рака на трета фигура која е свртена кон лево. Освен фигурата на девојка во средината, за другите две не може да се каже дали се машки или женски. И на задната страна можат да се забележат остатоци од композиција со повеќе (4?) ликови, од кои најзачуван е вториот лик од лево – гола машка фигура благо навалена кон десно.

На трите фрагменти од Демир Капија, од горниот дел под работ на устата, се зачувани остатоци од декоративната лента со мотивот ловоров лист (**к.04, к.05**). На едниот од нив (**к.03**) под декоративната лента се остатоци од две човечки претстави, поточно глава и мал дел од телото од едната и рака во која е бастунот од втората фигура. Високиот квалитет на фирнизот и фактурата на фрагментите укажува на атинска провениенција. За жал, од нивната големина и зачуваноста на декорацијата тешко е да се определи попрецизно стилот на некое од ателјеата. Начинот на претставување на ловоровиот лист (со плодови) во зоната под работ на устата, споредено со примери од Атинската Агора, сугерира датација на овие фрагменти кон самиот крај на 5. век пред н.е. Стилизацијата на претставата на фрагментот к.03 одговара на манирот вообичаен од втората четвртина на 4. век пред н.е.

3. Пелике - Декорацијата на пеликето е прилично едноставен шаблон и се смета дека во доцниот 6. век пред н.е. ја преземаат декорацијата од едноделните амфори тип Б. Во доцноархајскиот период претставата е обично врамена со странични ленти, едноставни или со точки, а по 480 година пред н.е. врамувањето постепено се напушта. Сепак, не се отфрлаат двете хоризонтални ленти, на вратот, односно на стомакот на садот, кои може да се со меандер, оволо или едноставни - без орнамент.[174] Оволо орнаментот ја краси и профилираната уста на садот, а особено присутен е во 4. век пред н.е.

[174] Agora XXX, 13 и ф-н. 6.

Во вазното сликарство на 4. век пред н.е., композицијата на предната страна редовно се организира околу централен лик, кон кој се насочени страничните (две) фигури. Задната страна е речиси идентична кај сите пеликиња - претстава на две момчиња во химатиони, кое, според атрибутите зачувани кај некои вази, се поврзуваат со палестрата, како дел од гимназионот.[175] Изборот на декорацијата на пеликето е најразличен - од митолошки до сцени од секојдневниот живот. Овие општи карактеристики можат да се забележат и кај нашите примероци, откриени на локалитетите: Клисурско Маало во Демир Капија, на југозападната некропола од лок. Исар Марвинци како и еден фрагмент од раб на устата, откриен на лок. Градиште, кај скопското село Бразда.

Широкото крушколико тело на пеликето од Демир Капија **(к.08)** е карактеристика на формата во крајот на 5. и почетокот на 4. век пред н.е. На предната страна претставени се Менада и два Сатири во игра, додека на задната страна се две момчиња во химатиони. Квалитетот на изработката на вазата е атински, а според манирот на декорацијата ова пелике датира од самиот почеток на 4. век пред н.е. Новооткриените два примероци од Исар Марвинци, од аспект на декорацијата, се типични репрезенти на т.н. „Керч" вазно сликарство на 4. век пред н.е., кое во изобилство користи бела боја при декорирањето на ликовите. На пеликето к.10 е една од омилените претстави на ова време – Грифомахија. Таа е инспирирана од легендите за скитското племе на еднооки луѓе Аримаспи кои се во вечна борба со Грифоните – чувари на златото од Хадовите извори.[176] Иако наменета првенствено за црноморскиот пазар оваа приказна често се среќава на вазите од Халкидикот, од каде потекнува и нашиот примерок. Ова е воедно и првата претстава на грифомахија на нашите простори. На предната страна е Аримасп, качен на коњ, со копје во раката го напаѓа Грифонот, кој се издигнал на задните нозе

[175] Klinger S., 1977
[176] Boardman J., 2001, 227; за легендата за Аримспите види: www.theoi.com

бранејќи се од нападот. На задната страна е претстава на две момчиња во химатиони, со диск во раката. Фактурата, бојата на керамиката и стилските карактеристики на декорацијата оддаваат Олинтско потекло на ова пелике. Во прилог на ваквата детерминација оди и еден наод од Олинт - кратер со идентична претстава и стил во декорацијата. За кратерот се претпоставува дека е изработен од атељето на Сликарот од Филотрано.[177] Темата Грифомахија е претставена и на второто пелике **(к.11)**, но во нешто поинаква изведба. Таму грифонот го напаѓа Аримасп, кој стои во одбранбена поза навален кон назад, со високо кренат меч во едната и штит во другата рака. Под рачките нема палмети како кај к.10. Ова пелике е со видливо послаб квалитет на фирнизот кој е делумно отпаднат, додека изведбата на декорацијата е мошне слична со претходното – особено за претставата на Грифонот, што укажува на едно исто керамичарско атеље кое ги изработило обете вази. Интересно е дека, за разлика од к.11, каде со сигурност можеме да потврдиме Олинтски квалитет на глината, на пеликето к.10 таа е со црвеникава нијанса на бојата, што е карактеристика на Атинската глина. Дали тоа значи дека к.10 е Атинскиот примерок кој бил донесен и копиран во некое од Олинтските атељеа би можело да се потврди во иднина, преку примена на физичко хемиски анализи.

4. Ојнохое - За декорацијата на ојнохоите е резервирана предната страна на садот, наспроти рачката. Поради малите димензии таа е едноставна, со една или две фигури поставени врз тенка права линија како основа, која понекогаш може да биде и орнамент лента со геометриски мотиви (меандер, шах полиња и др.). Доколку се декорира површината под рачката мотивот е обично палмета.[178] Орнаментирана зона може да биде и рамото на ојнохоето, истотака со геометриски или растителни мотиви. На овој начин е

[177] Ρωμιοπουλου K., AE 1964, 95; поради недостатокот на компаративен материјал не сме во можност да ја потврдиме ваквата идентификација на атељето од Ромиопулу.

[178] Agora XXX, 40

декорирано ојнохоето од Исар Марвинци (**к.17**), откриено во 1983 година, како единствен прилог во гроб бр. 84.[179] На рамото е декоративна лента со брановиден орнамент, а на телото доминира портрет на млада девојка со раскошна шамија на главата и момче во химатион и диск во раката. Меѓу нив е растителен орнамент.[180] Од овој - тип 2 се уште три ојнохои од Демир Капија. Две од нив (к.18, к.19) се фрагменти, поточно откршени вратот и тролисниот изливник. Обете се декорирани на предната страна, во основата на вратот, со орнамент лента со оволо мотивот. Ојнохоето к.16 е реконструирано од повеќе фрагменти, со гипс на местата што недостасуваат. Декорацијата е речиси целосно сочувана - млада девојка во хитон и химатион, која држи огледало во левата рака. И останатите оинохои потекнуваат од демиркаписките локалитети. К.22 и к.23 се варијанти со страничен изливник – цуцла, на кои фирнизот е речиси целосно отпаднат и зачувани се само траги од поголема палмета која ја покривала целата предна страна на садот. Интересен примерок е и ојнохоето к.21, откупено во 1947 година. Составено е од повеќе фрагменти на кои се сочувани остатоци од палмети врамени во триаголни полиња, кои ја красат долната половина на садот, а на самото дно е орнамент лента со ловорови листови. Горната половина е украсена со долги листови кои поаѓаат од коренот на вратот на кој е орнамент лента со оволо мотивот. Под остатоците (коренот) од страничната рачка е мала рељефна апликација на човечка глава (можеби божество).

5. Аскос - Декорацијата на акосот се изведува врз горната површина на садот, под рачката. Најчесто, тоа се фигурални претстави на животни, обично лавови, кои се легнати и со исправена глава. Зошто токму лавови и дали тие

[179] Соколовска В., 1986, 78 (Т.5, 1-2)
[180] Начинот на претставувањето на дискот и некои елементи на флоралниот мотив би можеле да се поврзат ателјето на Сликарот од Олинт 5.156. За жал, ограничениот фонд литература достапна за компарација го отежнува донесувањето на ваквиот заклучок..

имаат некаква врска со формата е прашање за кое треба да се размислува, особено имајќи ги предвид аскосите со цедилка и изливник со форма на лавја глава.[181] Иако многу поретко, за аскосот се врзуваат и други декоративни мотиви, како човечки и митолошки фигури, портрети па дури и глави од животни. Животни, поточно остатоци од претстава на леопард (пантер?) се зачувани на реконструираниот аскос од Демир Капија (к.24), како и на уште еден фрагмент од аскос (к.27), истотака од Д.Капија. Мотивот се среќава во првата половина на 4. век. пред н.е.. Под него е декоративна лента со оволо мотив на рамото, веднаш над прекршувањето на садот, а истата се повторува и на т.н. лажно капаче, на најгорнот дел на садот. Аскосот од Исар Марвинци е декориран со геометриски мотиви: орнамент лента со оволо мотивот околу лажното капаче; долги црни ленти кои продолжуваат до работ на прекршувањето на садот. Долниот дел на садот е црнофирнизиран. Во 2008 година беше откриен и еден црвенофигурален аскос од лок. Горна Порта – во Охрид (к.26). Станува збор за мошне интересен примерок, кој по својата форма е вон сите познати стандарди на вазното сликарство во 5. или 4. век. пред н.е. Декорацијата е мошне едноставна – портрет на младич, на горниот дел од садот, додека на долниот е украсен со црнофирнизиран брановиден орнамент. Она што остава посебен впечаток е комбинацијата на двете техники, при што во црвенофигуралната е претставен ликот на младичот, додека брановидниот мотив е во црнофигурална техника. Ваквиот „билинг-вален“ начин се среќава во доцниот 5. и 4. век пред н.е., во Еубеја и Беотија.[182]

6. Лебес гамикос - За декорацијата на лебесот резервирани се горната половина и рамото на садот. На рамото е обично јазичест орнамент, а под него е фигуралната декорација која оди околу целиот сад. Долниот дел,

[181] AGORA XXX, Pl.112-1185
[182] Mc.Phee I., 1981, 306, ф-н.25; BCH 99, 1975, 510, сл. 54

ногата и рачките се со црн фирниз. Во 4. век зачестува ставањето палмети под рачките, со што садот почнува да разликува предна и задна страна, а композицијата станува поедноставна и најчесто само со портрет на девојка. Ваков пример е лебесот од Исар Марвинци (к.29), откриен во 1996 година. Неговата специфична и мошне груба претстава на женскиот лик е препознатлив стил на ателјето на Сликарот од Олинт 5.156, кое е активно во втората четвртина на 4. век пред н.е. И вториот целосно зачуван лебес (к.30) потекнува од овој локалитет. Откриен е во 2009 година, како гробен прилог од југозападната некропола. Централен лик на декорацијата е млада девојка (невеста) со две ковчежиња во рацете, во кои е нејзиниот чеиз или можеби свадбените дарови од божицата Нике. Крилатата божица е претставена од двете страни на девојката, под рачките на садот, со тимпан во раката. Во оваа група садови е и еден фрагмент од Демир Капија (к.31), од горниот дел на лебесот, кој на рамото е украсен со брановиден орнамент.

7. Леканис – Плитката форма леканисот има мошне ограничен простор за декорацијата кој се однесува на вертикалниот ѕид на садот, на кој се и двете хоризонтални лентести рачки. Од овие причини главната декоративна содржина е изведена на поклопецот, чија површина е доволно голема и поволна за посложена композиција со фигурални претстави. Бидејќи леканисот е сад со ритуална функција, поврзан со свадбената церемонија[183], репертоарот на темите за декорација вклучува претстави на млада девојка која прима подароци од семејството, но и од митолошки ликови, како ангели, Нике и др. Претставите на ковчежиња зборуваат за нејзиното богатство (накит и др.скапоцености). на фрагментот од Корешница (к.33) е зачувана токму претставата на едно ковчеже, покрај која се остатоци од стоечка претстава која покажува со раката кон ковчежето. Надолу извлечениот раб на поклопецот е релативно мал, но сосем доволен за едноставна орнамент

[183] Richter G.M.A and Milne M., 1935, 23;

декорација, како мотивот јонска кима кој е најадекватен. На самиот леканис декорацијата се сведува на хоризонтална декоративна лента со флорални или геометриски мотиви, кои ги украсуваат и рачките. На нашите примероци од Демир Капија и од лок. Кале Варвара, во Скопје ги среќаваме мотивите ловоров лист, меандер и спирала (к.34, 36, 37).

8.1. Бели лекити – Декорацијата на белите лекити се изведува на вратот и врз средишниот дел на цилиндричното тело. Дното, ногата, изливникот и делумно вратот и рачката се црнофирнизирани. Она што ги издвојува белите лекити, како едни од најспецифичните вази во раната антика, е карактеристичниот начин на украсување - врз бела подлога (енгоба) со која е премачкано телото на вазата. Интересен да се спомене е податокот дека оваа техника била донесена од Египет, а најверојатно, нејзиниот главен промотор бил керамичарот Никостен, во последната четвртина на 6. век пред н.е.[184] Врз ваквата бела подлога, во почетокот, било сликано со силуети во црнофигуралниот стил, која техника ќе биде сосем отфрлена во почетокот на 5. век пред н.е.[185] Постепено, силуетата била заменета со контури на претставата, оживеана со примена на широк спектар од бои. За жал, и покрај печењето на кое се подложувале при изработката на садот, поради слабиот квалитет на применуваните бои, а особено на оние нанесувани по печењето на садот[186], немаме вистинска претстава за изгледот, поточно за декорацијата, која белите лекити и вазното сликарство на класичниот период ги прави толку специфични. Печењето всушност не е финалната фаза во изработката на белите лекити, бидејќи по печењето, колоритот на овие вази бил

[184] Fairbanks A., 1907, 14

[185] Kurtz D.K., 1975, 78.

[186] Boardman J., 2001, 130; проблемот со непостојаноста на боите се однесува и на енгобата, која станува прашинеста и ронлива, што би можело да се протолкува како причина поради која оваа техника не била применувана и на други садови, особено оние за секојдневна употреба. Друго толкување на примената е дека белата боја на енгобата можеби асоцира на бојата на алабастерот, со што бил овозможен ефектот на скапиот мермер (врз и во гробовите), за посиромашните социјални структури.

надополнуван.[187] Но, како што веќе споменавме, применуваните бои се мошне непостојани што е главна причина и за состојбата на белите лекити откриени кај нас, во Демир Капија (к.84, к.85), и особено за лекитот од лок. Дупен Камен од Битола (к.86), на кој нема воопшто траги од декорацијата.[188] За фунерарната функција на белите лекити дополнителен аргумент се темите на декорацијата. Тие се поврзани со култот на покојникот, односно со ритуалот на погребувањето, преминувањето преку реката Стикс, посетата на гробот, оплакувањето, хтонските божества, и сл. Изборот на темата и начинот на нејзиното прикажување, се денес единствените параметри за распознавање на различните ателјеа кои се занимавале со изработката на овие вази. На лекитот к.84 се евидентирани остатоци од темата „посета на гроб“, на која е претставена млада жена која оди кон стелата, можеби на нејзиниот починат сопруг. Поради непостојаноста на бојата претставата е мошне слабо зачувана, но од остатоците успешно е препознаено ателјето на “Reed Painter”, активно во последната четвртина на 5. век пред н.е. Од вториот примерок од Демир Капија (к.85) е зачуван само долниот дел, до половината на садот. Неговата декорација е во уште полоша состојба, и можат да се забележат остатоци само од едната нога на девојката. Стилски е иста како кај претходниот примерок поради што и овој се припишува на истото ателје – Reed Painter Workshop.[189]

8.2. Големината на арибалоидниот лекит е одлучувачкиот момент при изборот на декорацијата. Така, во најголем број случаеви, декорацијата е единечна претстава за која е резервирана предната страна на стомакот на садот. Поголемите лекити од овој тип, чија големина може да достигне и до 20 см, даваат можност за комбинација на неколку мотиви во поедноставни ликовни композиции. Репертоарот на мотиви користи: флорални (единечна

[187] Исто.
[188] Треба Енгин да провери дали лекитот е воопшто кај нив.
[189] Kurz D.K., 1975, 59

палмета), фигурални (профил на девојка, ликови од митологијата или од секојдневниот живот) и животински претстави (срна, пантер, птици и др.), но и шематизирани геометриски орнамент (мрежа, јазичиња и т.н.). Со палмета на предната страна се вкупно 6 лекити од Демир Капија, 7 од Исар Марвинци и по 1 од Охрид и од Катланово. Со мрежест орнамент се четири примероци – од Исар Марвинци (к.73), Демир Капија (к.66-67), Неготино (к.81); два лекити, од Исар Марвинци (к.71-72) и Демир Капија (к.63) се со „S" орнаментот или "running dog" изведен во декоративна лента на рамото на садчето; еден примерок од Демир Капија (к.64) е со декоративна лента на рамото која е бездекорација, а најголем број од лекитите отпаѓа на останатите примероци од Демир Капија, со фигурална декорација кај кои ги среќаваме следните мотиви: 1. Девојка во стоечка поза (к.38); 2. Портрет на девојка со шамија на главата (к.40, 42, 43) или без (к.41, 44); Портрет на девојка врз орнамент лента со оволо мотивот (к.42, к.44); Портрет на Хермес (к.39); Претстава на сфинга врз орнамент лента со оволо мотивот (к.52); Претстава на лав со топка помеѓу предните шепи (к.53); Претстава на срна (к.56); Претстава на лебед (к.82)

Преку *стилските карактеристики* и изборот на мотивите на демир каписките лекити е идентификувана работата на неколку атински? Ателјеа, меѓу кои: "Louvre maid painter" (к.38), "Straggly Painter" (к.39), "Mina Painter" (к.40, 53, 56).

9. Скифос - Декорацијата на скифосите се изведува на целото телото на садот, дури и под рачките, кое место е резервирано за флорален мотив - голема палмета - единечна или заградена од страните со високи *tendrils*. Секако, постојат примери кога ова правило не се применува а површината останува празна, црнофирнизирана. На предната и задната страна, над ногата се една или две рамни линии, што ја претставува основата за композицијата. Во изборот на темите за декорација најчести се оние со две човечки фигури,

една наспроти друга. Вообичаено тие се во долги химатиони и едниот држи некаков предмет во раката, тирс, стригилис, диск и сл. Работ на устата обично останува без декорација но кога има тоа е еденечна орнамент лента, најчесто со мотивот оволо. Единствен ваков примерок кај нас е скифосот од Демир Капија (к.95), реконструиран по повеќе фрагменти. Бидејќи недостасува поголем дел од садот сочувани се само остатоци од декорацијата, на која се две момчиња во химатиони, со диск меѓу нив и палмети под рачките. Квалитетот на фирнизот и бојата се атински, а по стилот на изведбата се препознава групата Фет Бој. Од оваа група потекнува уште еден скифос од Демир Капија (к.96), со истата претстава, но без орнамент лента под работ на устата, а нема ниту диск меѓу момчињата. На скифосот од Исар Марвинци (к.89), е единечна претстава на момче во химатион, кој има стригилис во раката, а пред него е и кружен предмет – арибалос?. Со ваква фигурална претстава се двата новооткриени скифоси (к.91,92), реконструираниот скифос од Жеглиговски Камен (к.102), како и два фрагменти од лок. Големо Градиште, кај с.Бразда – Скопје (к.100, к.101). Со флорална декорација, поточно единечна голема палмета како централна претстава се скифосите од Демир Капија – к.103, и фрагментите к.104, к.115-117, од Исар-Марвинци (к.93,94), од Градиште-Неготино (к.98), како и двата скифоси од Кнежје (к.133,134). На овој фрагмент под работ на устата е фриз со бршленови гранчиња, под него е голема палмета како централна претстава, а остатоци од палмети се забележуваат и под рачките. На останатите фрагменти претставени во оваа група се истотака остатоци од палмети или флорален мотив, но поради нивната големина и неможноста точно да се утврди на кој дел на садот припаѓаат, не можеме да кажеме дали се работи за скифоси само со флорална декорација или не. Три нови и сосем различни примероци од претходните се скифосите од Виничко Кале и од Горна Порта од Охрид. Скифосот од Виничко Кале е зачуван како фрагмент од горниот дел на садот со рачката, под која е палмета, изведена во црнофигурален манир. Под неа е

лента со двојни црнофирнизирани линии, а црнофирнизиран бил и долниот дел на скифосот. Ова е уште еден од ретките примери на комбинирање на двете техники, како кај аскосот к.25. Во оваа група со „нестандардни" декоративни мотиви и техника се и скифосите од Горна Порта (к.87 и к.88). Нивната форма, која датира во втората половина на 5. век пред н.е., е декорирана со геометриски мотиви организирани во хоризонтални ленти од дното до устата на садот.[190] Така кај к.87, под работ на устата е лента со квадратни полиња во кои се менуваат крст со точки во четирите полиња и спротиставени триаголници; под нив е црнофирнизирана лента, а под неа е стилизиран орнамент – зраци од црнофирнизирани и нефирнизирани вертикално поставени триаголници. Истиот распоред го има и кај вториот скифос (к.88), но се користат поинакви мотиви: под работ на устата се менуваат квадратни полиња со впишан крст и меандри; подн нив црнофирнизирана лента, а под неа е растителен орнамент со лозови ливчиња. Во достапната литература аналогии за овој вид и начин на декорација не ни се познати.

10. Кантарос - Поради разиграната форма и малите димензиите кантаросот поретко се користи во вазното сликарство. Кај примероците од 4. век пред н.е. неговата декорација е флорална – со едноставна палмета на телото, најчесто врамена во квадратно поле над дното на садот. Токму таква е декорацијата на откриените фрагменти кантароси, кои најмногу потекнуваат од лок. Градиште, кај с.Бразда, скопско (к.137-139, 142), два од Демир Капија (к.135-136) и уште еден од Градиште – Нерези (к.144). Униформниот начин на декорирање не овозможува попрецизно дефинирање на ателјето и сл.

- група Сент Валентин -

[190] Начинот на декорирање во хоризонтални зони е вообичаен кај Сент Валентин групата. Доколку се земе предвид времето на актуелноста на оваа група, како и хронолошката припадност на овие скифоси определена преку формата, не е исклучена веројатноста за локална варијанта инспирирана од Сент Валентин вазите.

Најстарите црвенофигурални кантароси откриени на територија на Р.Македонија се кантаросите од групата „Сент Валентин", кои во вазното сликарство ги среќаваме главно од средината на V век - до почетокот на 4 век пред н.е.[191] Оваа група вази е карактеристична по специфичниот начин на декорација, кој комбинира повеќе хоризонтални и вертикални декоративни ленти, изведени со пастозна бела боја врз црната фирнизирана површина на садот. Мотивите се исклучиво флорални и геометриски мотиви, меѓу кои се: ловоров лист, бршленово гранче, ливчиња, ромбови, јазичест мотив (чешел), пердувчиња. Називот на групата е доделен според местото на наоѓање на првиот примерок (кантарос) - "La Motte Saint Valentin", во областа Бургонд, во Франција. Анализирајќи ја шемата на декорацијата направена е типолошка студија на Сент Валентин вазите според која се издвоени дури девет различни групи и три подгрупи од овој тип.[192] Меѓу нашите примероци преовладуваат групите 7, 6, 4, (к.146-159 и 167), додека единствениот целосно сочуван примерок (к.145), од с.Корешница кај Демир Капија, припаѓа на групата 8. Уште осум фрагменти, поради својата големина не можеа да бидат попрецизно класифицирани во некоја од групите (к.161-166, и к.168-170).

11. Чинии. Чиниите декорирани во стилот на црвенофигуралното вазно сликарство ретко се среќаваат во Р.Македонија. Од зачуваните три примероци, може да се види шаблонот на декорирањето на оваа форма, кој го чинат: орнамент лента на благо нагласениот конкавен раб и централен мотив во средишниот дел – дното на чинијата. Мотивите на овој тип чинии се главно геометриски и флорални. Така, работ на к.172 е украсен со спирален мотив, изведен во вид на бранови, додека на дното на чинијата е претставена палмета врз хоризонтална лента со мотивот јонска кима. На вториот примерок

[191] Howard S. and Johnson P. F., 1954, 205-207. Според авторите, кои ја анализирале историјата на различните мотиви, овој стил на украсување би можело да се поврзе со ателјето на уметникот Бригос, активен во почетокот на 5. век пред н.е.

[192] Исто, 191-197. (Т.32-34).

к.173 можат да се забележат три орнамент ленти кружно поставени: едната на работ - со мотив кој е стилизирана варијанта на мотивот ловоров лист; втората е со истиот мотив, на дното, веднаш под нагласениот раб, и третата е орнамент лента со точки, поставена кружно околу средината на чинијата. Третата чинија (к.174) е најслабо зачувана, фирнизот е речиси целосно отпаднат а со него и декорацијата. Од зачуваните остатоци на средишниот дел може да се препознаат елементи на мотивот палмета.

Табела 4 Мотиви на црвенофигуралните вази и нивни комбинации

| фигурални | | | флорални | геометриски |
|---|---|---|---|---|
| човечки | митолошки | животински | палмета | меандер |
| атлети | Хермес | срни | двојна палмета | спирала |
| девојка | Дионис | лебед | ловоров лист | диск |
| момчиња | Нике | пантер | ловоров лист (кај Ст.Валентин) | оволо |
| | Менади | Грифон | бршленово гранче | брановиден |
| | Сатири | коњ | гранче од бор? | мрежа |
| | Сфинга | | друго од Ст.Вал | шах поле |
| | | | | андријев крст |
| | | | | „S“ орнамент |

**ФЛОРАЛНИ МОТИВИ**


палмети


двојна палмета


ловоров лист


ловоров лист со плодови


ivy


ivy with berries

**ГЕОМЕТРИСКИ МОТИВИ**


јонска кима


ленти (јазичест мотив)


меандер


меандер и шах поле


зраци


меандер и квадрат со вписан крст


вписан крст со точки


ромбови со точки во средината


мрежа орнамент со бели точки


брановиден (спирален) орнамент


брановиден орнамент


„S“ орнамент – "running dog

# КАТАЛОГ

# 1.ХИДРИЈА

**01.** Хидрија
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 1-IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / откуп, 1947
Димензии: вис. 38.7 см; преч. 25 см
Опис/Состојба: Реставрирана од повеќе фрагменти, со гипсена реконструкција на деловите што недостасуваат.





Декорација: **предна страна** - ***Сцена од култот на Дионис***: Божеството го придружуваат седум менади, два ероси и три срни, претставени во две зони, со тенденција да се долови перспективата на просторот. Претставата на Дионис е во горната зона, која го зафаќа рамото и делумно вратот на садот. Тој е во седечка положба, свртен кон лево, со брада и венец на главата, и лесна наметка која делумно го покрива торзото. На левото рамо е потпрен неговиот тирс, додека во левата рака држи пехар во кој налева вино од аскосот кој му стои во скутот, врз десната нога. Лево пред Дионис, над левата рачка на хидријата, е Менада, претставена со скратување и со подадени раце свртена кон Дионис, а зад неа е уште една Менада, која стои и е со тимпан во рацете, истотака свртена кон Дионис. Под рачката е срна која се движи кон десно, кон Менадите во долната зона на композицијата. Претстава на срна има и под втората хоризонтална рачка. Десно зад Дионис е менада во долг хитон, седната на стол, со левата рака придржува тирс и се потпира на тимпан. Зад неа, во горната зона следат: ерос со гердан? во рацете, срна (над десната рачка) и Менада која ја гали срната. Во долната зона, од лево кон десно се претставени: Менада која стои, со тирс во левата рака; Ерос кој подава гердан на Менадата која седи десно од него, на ниско столче, со тирс во левата рака; зад неа е уште една менада седната на стол со тирс во десната рака. **задна страна**: четири палмети над основната декоративна лента – една врамена во триаголно поле и три овални палмети над неа, врамени со растителен орнамент – лозови гранчиња; Работ на устата и споевите на хоризонталните рачки се украсени со ленти со оволо орнамент; околу вратот е декоративна лента со палмети во кружно поле, а на телото, основната лента под претставата е украсена со мотивот меандер, испрекинат со квадратни - "шах" полиња.



Потекло / Датација: Атина / 420-400 година п.н.е.
Ателје: Медијас
Библиографија: D.Vučković-Todorović, 1956, 31 - 38; Д.Вучковиќ-Тодоровиќ., 1961, 246; Г.Микулчиќ., 2005, 87 / Beazley, 1963, 1354-1365

**02.**

Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 33-IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / откуп, 1947
Димензии: 4 x 1.8 см
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата. Фирнизот е црн со висок сјај и квалитет.
Декорација: Дел од фризот на работ, со мотивот јонска кима.
Потекло / Датација: Атина / крај на 5. век пред н.е.
Библиографија / Аналогии: Микулчиќ Г, 2005, 98, Т.18 / AGORA XXX, кат бр. 53, 665, 667 (Pl.13, 71)



**03.**

Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 264-IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / откуп, 1947
Димензии: 5 x 2 см
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата. Фирнизот е црн со висок сјај и квалитет.
Декорација: Дел од фризот на работ, со мотивот јонска кима.
Потекло / Датација: Атина / крај на 5. век пред н.е.
Библиографија / Аналогии: необјавен / AGORA XXX, кат бр. 53, 665, 667 (Pl.13, 71)



## 2. КРАТЕР



**04.** Кратер
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј и Завод Битола /
Наоѓалиште/Година: с.Букри, Битола / 1954
Димензии: вис.
Опис/Состојба: Реконструиран од повеќе фрагменти.
Декорација: Под работ на устата е орнамент лента со мотивот ловоров лист, под која е централната композиција, реконструирана според зачуваните остатоци од декорацијата: **предна страна** - траги од четири стоечки фигури во химатиони, две свртени кон десно и две кон лево; **задна страна** – не се зачувани остатоци од декорацијата. Централната композиција е поставена врз орнамент лента, со комбинација на мотивите меандер и шах поле. Околу коренот на рачките е орнаментот јонска кима
Потекло/Датација: Атина / прва половина на 4. век
Библиографија: Микулчиќ И., 1966, 49



**05**. Кратер
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 123-IV
Декорација: на работ – јазичест орнамент; под работ, на телото, во широко квадратно поле е палмета со триаголна основа; на истакнатиот (горен) дел од дното – јазичест орнамент.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: Микулчиќ Г., 1990, 93,97 (Т.I)



**138.** Кантарос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 86-29/2 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1986
Димензии: 4 x 3.7 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од телото и дното на садот. Фактура и фирниз како претходниот, веројатно е фрагмент од истиот сад.
Декорација: на телото, остаок од квадратно поле во кое е палмета со триаголна основа; на истакнатиот (горен) дел од дното – јазичест орнамент.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено

**139.** Кантарос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 86-29/3 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1986
Димензии: 4 x 3.7 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од телото и дното на садот. Фактура и фирниз како претходниот, веројатно е фрагмент од истиот сад.
Декорација: на телото, остаок од квадратно поле со листовите на палметата;
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено



**140.** Кантарос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 86-29/4 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1986
Димензии: 3.7 x 1.6 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата. Глината жолтеникава, фирнизот со темнокафеава до црна нијанса.
Декорација: на работ – јазичест орнамент; под работ - остатци од рамката на квадратното поле и палметата?.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено



**141.** Кантарос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1986
Димензии: 4.1 x 4.1 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од дното на садот. На горниот дел на фрагментот се чувствува благото прекршување од телото кон дното, поточно нагласеноста на дното. Црн посен фирниз.
*Декорација: остатоци од јазичест орнамент.*
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено



**142.** Кантарос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 2544-IV(ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1991
Димензии: 3.7 x 4.9 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата, телото и дното. Глината жолтеникава, фирнизот со темнокафеава до црна нијанса.
Декорација: на работ – јазичест орнамент; под работ, во широко вертикално поле - дел од палмета со триаголна основа.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено



**143.** Кантарос



Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 2544-IV (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Бразда / 1991
Димензии: 4.9 x 4.4 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата и телото. Глината бледо окер, фирнизот црн, со слаб квалитет.
Декорација: под работ - дел од палмета.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено

**144.** Кантарос



Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Градиште, Нерези / 1991
Димензии: 4.9 x 4.4 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од работ на устата и телото. Глината со темноокер боја, фирнизот со темнокафеава до црна нијанса.
Декорација: под работ на устата - палмета.
Потекло/Датација: Олинт / крај на 5. век пред н.е.?
Библиографија: необјавено

# 9.1 КАНТАРОСИ - ГРУПА "СЕНТ ВАЛЕНТИН"




**145.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: Музеј Неготино / 158 - 91 (тер.бр.)
Наоѓалиште/Година: с.Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: вис: 15 см; мах.шир: 12 см
Опис: Целосно зачуван; остатоци од белата боја од декорацијата само на едната страна.
Декорација: На работ – јазичест орнамент, под кој следат седум вертикални ленти: три врз нефирнизирана површина на садот, со коси линии изведени со разреден црн фирниз, а останатите четири се врз фирнизирана површина, со мотивот бршленова лоза и игличести листови изведени со бела пастозна боја. Под нив е хоризонтална лента со ловоров лист изведена со бела боја, а како последна е зоната со јазичестиот орнамент.
Датација: Ран 4. век пред н.е.
Група / Аналогии: VIII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 195) / CVA Wien 1, T.46, 4
Библиографија: Карпузова С. – Петров Пецовска Н., 1996, 84 (Сл.1); Петров Пецовска Н., 1999, 65-69 (Сл.5)



**146.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија/118-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија /
Димензии: соч.вис. 9.2 см; преч. 10.8 см
Опис: Девет фрагменти од телото и една - целосно сочувана рачка кои се составуваат.
Декорација: Почнувајќи од работ на устата, декорацијата е изведена во пет хоризонтални зони. На средишната и надворешните две зони е јазичест орнамент, а во зоните помеѓу нив, со пастозна бела боја е изведен мотивот ловорови листови. На работ – јазичест орнамент, со неправилно распоредени точки под јазичињата.
Датација: 430-425 г. пред н.е.
Група/Аналогии: VI (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194) / CVA Mannheim 1 (T.33/15), CVA Stuttgart (T.35/7), CVA Edinburgh (T.26/5,6), CVA Neapol (T.65/1,2)
Библиографија: Д. В., 1961, 247, Сл. 32; Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV, XV)



**147.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија/91- IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 1951
Димензии: соч.вис. 4.1 см; преч. 9 см
Опис: Шест фрагменти од работ на устата и горниот дел на телото кои се составуваат. Работ е сосем малку извиен нанадвор.
Декорација: На работ - јазичест орнамент, под работ зачувани остатоци од две хоризонтални ленти: 1. со мотивот ловорови листови изведен со пастозна бела боја, 2. со јазичест орнамент. Распоредот на орнаментите како кај бр.02.
Датација: 450-425 г. пред н.е.
Група/Аналогии: VI (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194) / CVA Edinburgh (T.26/5,6).
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV, XV)

**148.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија/86–32/2 (тер.бр.)
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1986
Димензии: 2.2 x 4.7 см
Опис: Фрагмент од горниот дел на садот.
Декорација: На работ - јазичест орнамент, под него – хоризонтална зона со мотивот ловоров лист, изведен со бела боја. Фирнизот е послаб, со кафеавкаста нијанса.
Датација: 430-425 г. пред н.е.
Група: VI (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194)
Библиографија: Микулчиќ Г., 1990, 97 (Т.I)



**149.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1986
Димензии: 4.5 x 5.5 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и горниот дел на телото. Под работ има траги од спојот на рачката.
Декорација: На работ - јазичест орнамент, под работ - мотивот ловорови листови изведен со пастозна бела боја. Распоредот на орнаментите веројатно како кај бр.02.
Датација: 450-425 г. пред н.е.
Група: VI (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194);



**150.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 246 - IV (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 4.7 x 6.8 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и телото на садот.
Декорација: На работ – јазичест орнамент, со неправилно распоредени точки под јазичињата. Под него, пет вертикални полиња од кои: надворешните две - со мотивот "харингина коска" со бела боја, на внатрешните две се коси линии со многу разреден светлокафеав фирнис, средишното поле е со бршленови ливчиња со бела боја.
Датација: крај на 5. - почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195)
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (Т.XIV, XV)



**151.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 110 - IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 3.4 x 3.9 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и телото
Декорација: На работ - јазичест орнамент, со неправилно распоредени точки под јазичињата. Под работ - вертикални ленти: 1. бршленови ливчиња на гранка со цик-цак претстава, со бела боја; 2. коси црти; 3. харингина коска со бела боја. Распоредот е идентичен на инв. 246 - IV.
Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (Т.XIV)



**152.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 266 - IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / откуп 1947
Димензии: 3.5 x 3.2 см
Опис: Фрагмент од работ и телото
Декорација: На работ – јазичест орнамент. Под него – вертикални полиња со харингина коска со бела боја, коси црти и бршленова гранка со бела боја, во распоред идентичен на инв. 246 – IV.
Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV)



**153.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 102 - IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 3 x 6 см
Опис: Фрагмент од работ и телото. Фирнизот избледен и со изгубен сјај.
Декорација: На работ – јазичест орнамент. Под него, зачувани се две од вертикалните полиња: 1. со мотивот "харингина коска" со мошне избледена бела боја и 2. со коси црти.
Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV)



**154.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 103 – IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 2.8 x 4.4 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и телото
Декорација: Зачуван е дел од првото вертикално поле (од левата страна), со мотивот "харингина коска" со бела боја; на работ јазичест орнамент со точки.
Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV)



**155.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 114 - IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 2.8 x 2.8 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и телото
Декорација: На работ – јазичест орнамент. Под работ - три вертикални полиња: 1. со коси црти во средината; 2 и 3 од страните, со бршленова гранка со бела боја.
Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 97 (T.XIV)



**156.** Скифос
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 981
Наоѓалиште/Година: с. Нерези, Скопје
Димензии:
Опис: Фрагмент од работ на устата и горниот дел на телото.
Декорација: На работ - јазичест орнамент, под работ - остатоци од две вертикални полиња, едното со мотивот „харингина коска“ со бела боја; второто со коси линии со црн фирниз.



Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: необјавено

**157.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија,
Наоѓалиште/Година: Градиште, с. Бразда, Скопје
Димензии: 7.5 x 5.5 см
Опис: Фрагмент од горниот дел на телото со рачката.
Декорација: сосем мали траги од вертикална зона со мотивот „харингина коска“, изведена со бела боја под работ на устата.



Датација: крај на 5., почеток на 4. век пред н.е. (Агора XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195)
Библиографија: необјавено

**158.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /86 - 31 (тер.бр.)
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1986
Димензии: 4.5 x 7 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со остаток од оловна штипка со која скршениот сад бил споен во антиката.
Декорација: зачувани делови од три хоризонтални зони: најгоре - зона од дупли ромбови со бела боја, под нив - зона со ловорови листови изведени со бела боја, најдолу – јазичест орнамент.



Датација: 450-425 г. пред н.е.
Група/Аналогии: IV (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 193) / CVA Berlin, DDR (T.53/4), CVA Neapol (T.63/3-4), CVA USA 36 (T.30/3-4)
Библиографија: Микулчиќ Г., 1990, 97 (Т.I)

**159.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /86-31/2 (тер.бр.)
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1986
Димензии: 4.5 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото. Според фактурата и квалитетот на фирнизот веројатно е од истиот кантарос како бр. 12.
Декорација: идентична како претходниот фрагмент (бр.13).



Датација: 450-425 г. пред н.е.
Група/Аналогии: IV (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 193) / CVA Berlin, DDR (T.53/4), CVA Neapol (T.63/3-4), CVA USA 36 (T.30/3-4)
Библиографија: необјавено

**160.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 88 - IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија
Димензии: 3.7 x 2,7 см
Опис: Фрагмент од телото и дното на садот
Декорација: На фрагментот се забележува дел од хоризонтална лента со јазичест орнамент со неправилно распоредени точки под јазичињата. Таа е последна од зоните во декорацијата, а над неа се препознава хоризонтална зона со бршленово гранче, насликано со пастозна бела боја.
Датација: Доцен 5. век пред н.е.
Група: II или III (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 192-193);
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 98 (T.XIV)



**161.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 54- IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Манастир, Демир Капија / 1947
Димензии: 5 x 5.2 см
Опис: Фрагменти од работ на устата и телото, со горниот спој на вертикалната рачка.
Декорација: На работ - јазичест орнамент, под работ зачувани остатоци од три хоризонтални ленти: 1. неопределен мотив со пастозна бела боја; 2. точки; 3. бршленови ливчиња со пастозна бела боја. Фирнизот и белата боја се избледени.
Датација: Доцен V век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 98 (T. IV, XIV)



**162.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /86 - 40 (тер.бр.)
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1986
Димензии: 4.5 x 5.8 см
Опис: Фрагмент од работ на устата и телото на садот
Декорација: На работ – јазичест орнамент, под него - три хоризонтални зони: 1.арки изведени со бела боја; 2. јазичест орнамент; 3. ловорови листови изведени со бела боја.
Датација: Доцен 5. век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување
Библиографија: Микулчиќ Г., 1990, 97 (T.I)



**163.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 2544-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда/ 1991
Димензии: 3.7 x 2.5 см
Опис: Фрагмент од долниот дел на телото.
Декорација: остатоци од јазичест орнамент, на нагласениот долен дел од чашата.
Датација: Доцен V век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување
Библиографија: необјавено



**164.** Кантарос,

Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /
Наоѓалиште/Година: Градиште - Бразда / 1986
Димензии: 3 x 3 см.
Опис: Фрагмент од телото на садот
Декорација: како остаток од десната страна на декорираната површина се две хоризонтални зони, горната - со мотивот ловоров лист, изведен со бела боја, долната - со брановидна линија. Фирнизот е послаб, со кафеавкаста нијанса.
Датација: 450-400 г. пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување
Библиографија: необјавено

**165.** Скифос,

Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 974
Наоѓалиште/Година: с. Нерези, Скопје
Димензии:
Опис: Фрагмент од работ на устата и горниот дел на телото - со рачката.
Декорација: На работ - јазичест орнамент
Датација: 450-400 г. пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување
Библиографија: необјавено

**166.** Кантарос,

Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија /
Наоѓалиште/Година:
Димензии:
Опис: Фрагмент од телото на садот.
Декорација: Зачувани се остатоци од две хоризонтални зони: 1. Мотивот ловоров лист со пастозна бела боја; 2. Јазичест орнамент.
Датација: Доцен V век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување (IV / VI / VIII)
Библиографија: необјавено



**167.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: Нар.Музеј Св.Николе
Наоѓалиште/Година: Градиште, Кнежје / 2008
Опис: Фрагмент од работ и телото на садот.
Декорација: На работ – јазичест орнамент. Под работ - две вертикални полиња: 1. со коси црти; 2 со бршленова гранка со бела боја.
Датација: крај на 5. почеток на 4. век п.н.е. (AGORA XXX, 61)
Група: VII (Howard S.- Johnson P.F., 1954, 194-195);
Библиографија: необјавено

**168.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: Завод и Музеј Штип
Наоѓалиште/Година: Горно Поле, Ст.Караорман / 1959
Опис: Фрагмент од работ и телото на садот.
Декорација: Зачувани се остатоци од три вертикални ленти. Средишната е со коси линии изведени со црн фирниз; на страничните се остатоци од црнофирнизираната површина но не и од сликаниот орнамент со бела боја.
Датација: втора половина на V век пред н.е.
Група: веројатно група VII
Библиографија: Микулчиќ И., Старинар 13-14, 1965, 206 (Сл.34)



**169.** Кантарос,
Сопственост/Инв.бр: Завод и Музеј Штип
Наоѓалиште/Година: Горно Поле, Ст.Караорман / 1959
Опис: Фрагмент од работ и телото на садот (веројатно од истиот сад како бр.168).
Декорација: Како претходниот.
Датација: втора половина на V век пред н.е.
Група: веројатно група VII
Библиографија: Микулчиќ И., 1965, 206 (Сл.34)



**170.** неопределено
Сопственост/Инв.бр: Музеј Охрид / п-323
Наоѓалиште/Година: Требеништа, Охрид / 1953/4
Опис: Фрагмент од работ и телото на садот.
Декорација: На работ - јазичест орнамент; под работ - ромбови. (од цртежот не може да се каже дали се сликани со бела боја).
Датација: втора половина на V век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување (I, III или IV)
Библиографија: Лахтов В., Кастелиц Ј., 1957, 36 (Т.XII, Сл.40)



**171.** неопределено
Сопственост/Инв.бр: Музеј Охрид / п-323
Наоѓалиште/Година: Требеништа, Охрид / 1953/4
Опис: Фрагмент од работ и телото на садот (веројатно од истиот сад како бр.25).
Декорација: Ромбови. (од цртежот не може да се каже дали се сликани со бела боја).
Датација: втора половина на V век пред н.е.
Група: недоволно елементи за определување (I, III или IV)
Библиографија: Лахтов В., Кастелиц Ј., 1957, 36 (Т.XII, Сл.39)



## 10. САДЧЕ СО ЦУЦЛА (*"baby feeder"*)





**171**. Садче со цуцла
Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија/51-IV
Наоѓалиште/Година: „Манастир", Демир Капија / 1952
Димензии: 5.2 x 3.2 см.
Опис: Целосно сочуван. Фирнизот е црн, со висок квалитет и сјај. Од страната е мала лентеста рачка, вертикално поставена, и изливник – цуцла – хоризонтално поставен, под агол од 90° со рачката.
Декорација: орнамент со поврзани спирали.
Потекло/Датација: Атина / 425-400 г. пред н.е.
Аналогии: AGORA XXX, 161, br.1197,
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 91 (T.XII)

# 11. ЧИНИИ

**173.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 121-IV
Наоѓалиште/Година: Болница, Демир Капија /1972, гроб 53
Димензии: 13.2 x 2.4 см;
Опис: целосна, реконструирана од фрагменти со незначителни дополнувања со гипс. Фирнизот е со послаб квалитет и е отпаднат во голема мера. Глината е со темно кафеава нијанса.
Декорација: спирални орнаменти на работ; во средината е палмета со триаголна основа, поставена врз хоризонтална орнамент лента со мотивот јонска кима со точки.
Потекло/Датација: втора половина на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1978, 93 (Т.I.6)

**174.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 120-IV
Наоѓалиште/Година: Болница, Демир Капија /1972, гроб 53
Димензии: 15,.2 x 3 см.
Опис: реконструирана од фрагменти, наместа дополнета со гипс. Фирнизот е со послаб квалитет и е речиси целосно отпаднат. Глината е со светло окер нијанса.
Декорација: на средината остатоци од вертикални линии - палмета? поставена врз хоризонтална орнамент лента?
Потекло/Датација: втора половина на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1978, 93 (Т.I.6)

**175.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 128-IV
Наоѓалиште/Година: Болница, Демир Капија /1972, гроб 53
Димензии: 12.2 x 2.2 см;
Опис: реконструирана од фрагменти, наместа дополнета со гипс. Фирнизот е со послаб квалитет и е отпаднат во голема мера. Глината е со светло кафеава нијанса.
Декорација: на средината остатоци од кружно поле со црни точки, околу кое кружи орнамент лента со упростен флорален мотив - ловоров венец.
Потекло/Датација: втора половина на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1978, 93 (Т.I.6)

## 12. НЕОПРЕДЕЛЕНИ ФОРМИ

**175.**



Сопственост/ инв.бр: НУ Музеј на Македонија/181-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија/1991
Димензии: 4.5 x 4.5 cm
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: брадест лик - Дионис?, свртен кон десно, со тирс во раката.
Потекло/Датација: почеток на 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2, Т.II

**176.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/182-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 8 x 6 cm
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: претстава на тело во химатион, свртено кон десно, левата рака зафрлена наназад.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2, Т.II

**177.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/180-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 7.8 x 7.7 cm
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: голо машко тело, седнато врз некаква ткаенина и свртено кон лево. Главата е свртена наназад. Со десната рака веројатно држи тирс пред себе, додека левата е подадена наназад.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2, Т.II

**178.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/184-91 и 185-91
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 6.6 x 5 cm; 3.4 x 5.6 cm
Опис: два фрагмента од телото на ист сад, со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од фриз со мотивот меандер, над кој е неопределен дел од претстава.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2

**179.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/221-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 8 x 7 см
Опис: фрагмент од телото.
Декорација: дел од облеката на стоечка човечка фигура.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2, Т.II



**180.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/190-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 6.6 x 5 см;
Опис: фрагмент од мевот и долниот дел на садот.
Декорација: основна декоративна лента со мотивот меандер, прекинат со мотивот шах поле. Над нив остатоци од растителен орнамент.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2



**181.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија/201-91 (тер.инв)
Наоѓалиште/Година: Корешница, Демир Капија / 1991
Димензии: 3.4 x 5.6 см
Опис: фрагмент од мевот на садот.
Декорација: палмета со триаголна основа, врамена во правоаголно поле.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Карпузова С., – Петров Пецоска Н., 1996, 82, Сл.2



**182.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 76-51
Наоѓалиште/Година: Демир Капија /
Димензии: 4.2 x 4.5 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: дел од претстава – нога од Ерос? Зад ногата е дел од непознат објект – можеби од хитон.
Потекло/Датација: прва половина 4. век пред н.е.
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 98 (T.XVIII)



**183.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 45-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 5 x 5.4 см
Опис: Фрагмент од телото, обоено со квалитетен црн фирниз со висок сјај.
Декорација: Сочувана претстава: женска фигура во десен профил, облечена во лесен хитон, со разголена десна рака и бршленов венец во косата.
Потекло/Датација: Атина /
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 89 (Т.III)



**184.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 2326 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 1951
Димензии: 5 x 6.2 см
Опис: Два поврзани фрагмента од телото. Фирнизот е црн и со висок сјај.
Декорација: Сочувана претстава: човечка фигура во долг химатион. Драпериите на облеката се прецизно изведени, со многу тенки линии.
Потекло/Датација: Атина /
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 88 (Т.III)



**185.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 2293 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 1951
Димензии: 3,4 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со црн фирниз со висок сјај.
Декорација: Зачувана претстава: гола човечка нога.
Потекло/Датација: Атина / крај на 5., почеток на 4. век п.н.е.
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 88 (Т.III)



**186.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 44-IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 6,3 x 5.1 см.
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови и висок квалитет на изработка. Веројатно од истиот сад со к.192 (инв.49-IV)
Декорација: дел од фриз со јонска кима, над него волута, дел од полупалмета и концентрично крукче.
Потекло/Датација: Атина /
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 89 (Т.III)



**187.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 2300 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 1951
Димензии: 3,4 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со црн фирниз со висок сјај.
Декорација: дел од фриз со мотивот јонска кима. Над неа непознат (флорален?) објект.
Потекло/Датација: Атина? / прва половина на 4. век п.н.е.
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 88 (T.III)



**188.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 79-IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 3,4 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со црн фирниз со висок сјај.
Декорација: на долниот дел лента со мотивот меандер, над која се остатоци од непозната претства со бели точки.
Потекло/Датација: Атина / крај на 5., почеток на 4. век пред н.е.
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 88 (T.XVIII)



**189.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 105 - IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 2,5 x 3 см
Опис: Фрагмент од телото, со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од фриз со две квадратни полиња од кои едното е со мотивот шаховско поле, со црни и бели полиња, а второто е дијагонално пресечено на четири траголни полиња кои се украсени со по едно гранче со бела точка како основа.
Потекло/Датација:
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 89



**190.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 86-51
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 2,5 x 3 см
Опис: Фрагмент од телото, со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од човечки лик свртен кон лево.
Потекло/Датација: прва половина на 4. век пред н.е.
Библиографија: Микулчиќ Г., 2005, 98 (T.XVIII)



**191.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 2340 (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 1951
Димензии: 3.2 x 3.3 см
Опис: Фрагмент од долниот дел на телото, со сјаен црн фирниз. Веројатно од истиот сад како 184 (инв.2326)
Декорација: фриз со мотивот јонска кима, над кој е дел од непознат објект - облечена фигура?
Потекло/Датација: Атина / 375-350 г. пред н.е.
Библиографија: необјавено



**192.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 49 - IV
Наоѓалиште/Година: Демир Капија / 19
Димензии: 3.5 x 4 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со сјаен црн фирниз. Веројатно од истиот сад со к.186 (инв.44-IV)
Декорација: фриз со мотивот јонска кима, над кој е дел од претставата со црна точка цо средината.
Потекло/Датација: Атина / прва половина на 4 век п.н.е.
Библиографија:



**193.**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 59 - IV
Наоѓалиште/Година: Манастир, Демир Капија / 1947
Димензии: 3.5 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со посен црн фирниз.
Декорација: дел од фриз со мотивот меандар.
Потекло/Датација:
Библиографија:



**194. скифос**

Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1035-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1978
Димензии: 2.3 x 2.5 см
Опис: Фрагмент од горниот дел на телото со работ на устата. Сјаен црн фирниз.
Декорација: Дел од женска претстава, свртена кон лево.
Потекло/Датација: Атина / почеток на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1986, 79, Т.7, 6



**195. кратер ?**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1026-IV
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1978
Димензии: 4.6 x 5.9 см
Опис: Фрагмент од телото, со подебели ѕидови, боено со сјаен црн фирниз.
Декорација: фриз со мотивот јонска кима, над кој е дел од облечена фигура.
Потекло/Датација: Атина / почеток на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1983, 16, Т.1, 2; Соколовска В., 1986, 79, Т.7, 10

**196. кратер ?**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1057-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1978
Димензии: 3.1 x 4 см
Опис: Фрагмент од телото, со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од неопределен предмет – човечка фигура?
Потекло/Датација: Атина? / почеток на 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1986, 79, Т.7, 11

**197.**



Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1034-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1978
Димензии: 2.3 x 3.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од неопределена претстава.
Потекло/Датација: Атина / 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1986, 79, Т.7, 7

**198. кантарос**



Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 1032-IV (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Исар-Марвинци / 1978
Димензии: 3.7 x 3.2 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од работ и телото, тенки ѕидови
Декорација: На работ јазичест орнамент; под работ хоризонтална лента со мотивот ловоров лист.
Потекло/Датација: Олинт? /прва половина на 4. век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1986, 79 (Т.7-8)

**199.**



Сопственост/Инв.бр: НУ Музеј на Македонија / 689-IV (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Исар-Марвинци, кв.1Д / 1977
Димензии: 2.3 x 2.2 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од телото
Декорација: Фрагмент од спирален флорален мотив.
Потекло/Датација: Атина / 4.век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1983, 16, Т.1, 3; Соколовска В., 1986, 79 (Т.7, 9)

**200.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1463-IV (ст.к.)
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1980
Димензии: 8 x 6 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: претстава на тело во хитон, свртено кон лево, со коленото благо свиткано кон напред.
Потекло/Датација: Атина / прва половина на 4. век пред н.е.
Библиографија: Соколовска В., 1986, 79, Т.7, 12



**201.**
Сопственост/Инв.бр: Музеј Неготино / незаведен
Наоѓалиште/Година: Градиште / 2007
Димензии: 5.5 x 6 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од капак на пиксида? Фирнизот е квалитетен со црна нијанса, глината е со црвеникава нијанса.
Декорација: Остаток од стоечка човечка претстава со рака која покажува кон мал ковчег. Растителен спирален орнамент меѓу нив.
Потекло/Датација: Олинт / средина на 4. век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**202.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија
Наоѓалиште/Година: Бразда / 1986
Димензии: 4.5 x 2.5 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од човечка (женска) претстава, свртена кон лево, со десната рака свиткана во лактот и испружена дланка во која е бела точка – дел од ѓердан.
Потекло/Датација: Атина / 4. век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**203.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија /
Наоѓалиште/Година: Бразда / 1986
Димензии: 3.4 x 3 см
Опис: Фрагмент од телото, со тенки ѕидови, боено со сјаен црн фирниз.
Декорација: дел од неопределена претстава.
Датација: 4. век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**204.**
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1538-IV (ст.к)
Наоѓалиште/Година: Исар Марвинци / 1980
Димензии: 8 х 6 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз.
Декорација: веројатно дел од претстава на човечко тело –две нозе, едната свртена кон лева, другата кон десно. Под нив е основната долна линија на декорацијата.
Потекло/Датација:
Библиографија:



**205.** Скифос?,
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија /
Наоѓалиште/Година: Кале Студеничани Скопје/
Димензии: 8 х 6 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со црн фирниз со слаб квалитет.
Декорација: елементи од палмета
Потекло/Датација: 4. век пред н.е.
Библиографија необјавено



**206.** Оинохое,
Сопственост/ бр: НУ Музеј на Македонија / 1538-IV
Наоѓалиште/Година: Големо Градиште-Коњух/2003, Сектор 1а
Димензии: 3.7 х 3.6 см
Опис: Фрагмент од телото на садот, со квалитетен црн фирниз. Глината е црвеникава.
Декорација: дел од претстава на човечка рака, како држи некаков предмет - сад / музички инструмент?
Датација: 4. век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**207.**
Сопственост/Инв.бр: Народен Музеј Св.Николе
Наоѓалиште/Година: Градиште, Кнежје / 2008
Опис/Состојба: Фрагмент од телото на садот. Глината е со жолтеникава нијанса, фирнизот со темна кафеавкаста нијанса.
Декорација: Дел од претстава на човечки лик, свртен кон лево и со едната рака спуштена на колкот? На главата има венче, нагласено со бела боја.
Потекло/Датација: Олинт? / средина на 4 век пред н.е.
Библиографија: необјавено (TFAHR report “the 2009 excavation Bylazora, R.Macedonia”)



**208.**

Сопственост/Инв.бр: Народен Музеј Св.Николе
Наоѓалиште/Година: Градиште, Кнежје / 2008
Опис/Состојба: Фрагмент од телото на садот. Глината е со жолтеникава нијанса, фирнизот со темна кафеавкаста нијанса.
Декорација: Дел од фриз, со мотивот стилизиран меандер.
Потекло/Датација: Олинт? / средина на 4 век пред н.е.
Библиографија: необјавено (TFAHR report "the 2009 excavation Bylazora, R.Macedonia")



**209. Скифос**

Сопственост/Инв.бр: НУ завод и Музеј Охрид / к.-3935
Наоѓалиште/Година: сектор Плаошник / 2008
Димензии: 6 x 5 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од ногата и телото на садот. Глината е со бледо жолтеникава нијанса, фирнизот разреден, со кафеава до црвена нијанса.
Декорација: Стопалото и долниот дел од човечка нога. Ликот е свртен кон лево и се чини дека седи врз столче. Столчето е боено со бела боја.
Датација: средина на 4 век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**210. Скифос**

Сопственост/Инв.бр: НУ завод и Музеј Охрид
Наоѓалиште/Година: сектор Плаошник / 2008
Димензии: 5 x 5 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од горниот дел на садот. Глината е со бледо жолтеникава нијанса, фирнизот нерамномерно нанесуван и со темна кафеавкаста нијанса.
Декорација: зачувани три хоризонтални декоративни ленти, украсени со геометриски мотиви: триаголници и точки под работ на устата; под него - полна тенка лента; шах поле со точки на најдолната лента.
Датација: прва половина на 4 век пред н.е.
Библиографија: необјавено



**211. Скифос**

Сопственост/Инв.бр: НУ завод и Музеј Охрид
Наоѓалиште/Година: сектор Плаошник / 2008
Димензии: 7 x 4.5 см.
Опис/Состојба: Фрагмент од горниот дел на садот. Глината е со бледо жолтеникава нијанса, фирнизот е со темна кафеавкаста нијанса.
Декорација: Под работ на устата фриз со мотивот јонска кима. Под него е централното декоративно поле од кое е зачувана претставата на мачки човечки лик во химатион, свртен кон десно. Пред него е спирален растителен мотив.
Датација: Коринт? /средина на 4 век пред н.е.
Библиографија: необјавено



# ЗАКЛУЧОК

Црвенофигуралната сликана керамика на територијата на Р.Македонија, низ минатите шест децении е позната и се проучува главно преку наодите од локалитетите долж течението на р. Вардар. Како главна магистрала на Балканот, од праисторијата до денес, долината на Вардар во времето на раната антиката продолжува да биде најважната траса преку која се одвивала и развивала интензивна трговска и културна размена меѓу грчките колонии на Халкидикот со Пајонските племиња во централниот Балкан и посеверно - кон териториите на Дарданија.[193] Тоа во целост ја објаснува територијалната распространетост на црвенофигуралната керамика во нашата земја, односно нејзината поголема концентрација на локалитетите по течението на р. Вардар, во споредба со оние од источна и западна Македонија, каде таа далеку поретко се среќава. Скромниот број на наоди од последните два споменати региони, особено во источна Македонија, досега се објаснуваше како нагласена конзервативност на овие простори во однос на повардарјето како главна балканска комуникација со југот.[194]

Меѓу првите наоди од импортирани црвенофигурални вази во источна Македонија се двата фрагменти од чаши откриени во 1959 година, од некрополата „Горно Поле“, кај селото Стар Караорман, близу Штип.[195] Станува збор за фрагменти чија големина не дава можност попрецизно да определиме дали се работи за скифос или кантарос. Под зачуваниот раб на устата, во вертикални лентести зони се забележува употреба на бела боја

193 Паровић Пешикан М., 1960, 21-44; Истиот, 1985, 19-47; Соколовска В., 1986, 155-156; 4; Археолошка Карта 1, 82-84;
194 Археол.карта 1, Соколовска В., 83
195 Микулчиќ И., 1965, 202 (Сл.34); Петров Пецовска Нивес, 1999, 69.

како подлога во декорацијата, начин препознатлив за карактеристичните Сент Валентин група чаши. Во рамки на постоечката класификација, според зачуваните декоративни мотиви споменатите фрагменти би можеле да припаѓаат на групата VII или IX, што ги датира во крајот на 5. и почетокот на 4. век пред н.е..[196] Ваквата датација се поклопува со генералната хронологија на локалитетот.

Речиси триест години подоцна, во 1991 година, истражувањата на лок. Жеглиговски Камен, кај кумановското село Младо Нагоричане, открија еден поголем фрагмент од црвенофигурален скифос (к.102) денес реставриран и изложен во Народниот Музеј од Куманово.[197] Фактурата и фирнизот на скифосот се со послаб квалитет, ликовните особености вообичаени за скифосите, а формата го определува садот во првата четвртина на 4.век пред н.е. Нови сознанија за распространетоста на црвенофигуралната керамика во источна Македонија беа добиени и преку наодите од локалитетот Големо Градиште, кај кратовското село Коњух.[198] Иако е позната како доцноантичка градска населба, особено по базиликите од истиот период[199], наодите од истражувањата во изминатите десет години укажуваат на постоење континуум на животот - од доцниот неолит до 3 век пред н.е., кој потоа, по хронолошкиот хијатус до 3. век од н.е., продолжува до 6.век од н.е.. Постоењето на импорт во класичниот период засега го потврдуваат еден фрагмент од црвенофигурален сад, откриен на акрополата на Градиштето[200], и два црнофирнизирани фрагменти од северната станбена тераса.[201] За жал, сите се изолирани наоди вон својот хронолошки контекст, а локацијата на класичната населба останува непозната. Поради малите димензии на фрагментите не може

---

[196] Howard S., Johnson P.F., 1954, 191-207; Треба да се напомене дека работ на устата кај обата фрагменти не е декориран, што не се вклопува сосем со стандардот на овие вази. Вообичаено, кај вазите од групата VII и IX, работ на устата секогаш е декориран со јазичест орнамент.

[197] Б. Ѓорѓиевски, 1993, 56

[198] Наодите не се објавени

[199] Радојчиќ, 1952, 148; Микулчиќ, 1999, 358; Санев Г. - Снајвели К. – Стојановски М., текст во подготовка, читан на 19 симпозиум на МАНД, во Кичево 2008 година

[200] Сектор Ia, контролна Сонда 1, откоп 3Д – јули 2003г.

[201] Сектор IIa, и Сектор II, Кв. 43, 2009 година.

да се определи формата на која и припаѓаат, но несомено, станува збор за садови со мошне висок квалитет на изработка. Од ликовен аспект, зачуваниот детал од претставата на едниот фрагмент (к.206) – лева рака врз неопределен предмет (можеби музички инструмент), поконкретно изведбата на прстите и деталите од декорацијата на предметот, оддава солидни уметнички квалитети и манир на вазното сликарството кој (би можел да) го датира фрагментот во првата половина на 4. век.

Присуството на црвенофигурална керамика на овие два локалитети е мошне интересен и секако важен податок пред сè поради тоа што обата се наоѓаат на патот кој ги поврзувал скопската котлина со Пауталија и Сердика.[202] Трасата на овој пат била предмет на повеќе научни расправи и истражувања, но обемот на импортирана керамика е сеуште далеку од доволен за да може да придонесе кон посериозна реконструкција на трговските или културните релации во овој регион во раната антика.

По прашањето за конзерватизмот на источна Македонија, наодите од најновите археолошки истражувања во 2008 и 2009 година се податоци кои наговестуваат ревизија на оваа теорија. Иако се засега само единечни примероци, нивното присуство е важен индикатор кој наметнува потреба од дополнителни систематски археолошки ископувања. Ова особено се однесува за локалитетот Виничко Кале кај Виница, каде, во 2008 година беа откриени првите црвенофигурални импортирани артефакти - фрагмент од скифос (к.132) и неколку фрагменти од црнофирнизирана плитка чинија со втиснати палмети на дното. На скифосот, сочуван во горниот дел на садот со работ на устата и едната рачка, се остатоци од палмета.[203] Според типолошките особености, пред сè благото извивање на работ кон надвор и благото прекршување на телото во горниот дел, овој наод хронолошки припаѓа на

[202] За патиштата во овој регион види: Ѓорѓиевски Б., 1989, 155; Лилчиќ В., во Арх.Карта 1, 1994, 116
[203] Види поглавје „Декорацтивни мотиви и стил“, 92

првата половина на четвртиот век пред н.е..[204] Иако наодите не се откриени во соодветниот хронолошки контекст и се недоволни за изведување на било каков посериозен заклучок за импортот, истите потврдуваат постоење на културни слоеви од раната антика на локалитетот и неговата околина. Земајќи го предвид карактерот на Виничко Кале, како урбана населба со долг хронолошки континуитет на населување, тешко е дури и да се претпоставува дали токму овде и во кој обем треба да се очекуваат уште наоди од овој вид. Нови и мошне важни наоди се и неколкуте фрагменти откриени на локалитетот Кнежје, кај Св.Николе, во 2008 и 2009 година. Меѓу нив се фрагменти од два скифоси (к.133-134), кои според формата би можеле да се определат во средината или третата четвртина на 4. век пред н.е. Обата ја имаат истата едноставна декорација – голема врамена палмета, на целата површина на садот, од предната и задната страна. Светлата окер нијанса на глината и слабиот квалитет на фирнизот со избледена светло кафеава нијанса, асоцираат на халкидичките производи. Сепак, немањето доволно податоци за производството на овие центри, освен за Олинт, засега го отежнува попрецизното определување на потеклото на наодите од Кнежје.

Во западна Македонија, на локалитетот „Дупен Камен" кај битолското село Букри, во 1954 година беа откриени првите фрагменти од црвенофигурален кратер (к.04), во гроб со кремација. Денес кратерот е реконструиран и изложен во поставката на НУ Завод и Музеј во Битола.[205] Припаѓа на типот звонолики кратери, со средна големина. Фирнизот е со висок квалитет и сјајна црна боја, а декорацијата не отстапува од стандардите на 4. век пред н.е. Реконструкција била направена и на декорацијата, при чија изведба очигледно за пример биле земени сликаните кратери од Олинт. Кај селото Букри бил откриен е и еден бел лекит (к.86) со стандардна големина и мошне висок

[204] Фрагментите се прв пат презентирани на групната изложба во Музејот на Македонија, за резултатите од капиталните истражувачки проекти во 2008 г..
[205] Mikulcic I., Pelagonija, 1966, 49;

квалитет на изработка, чие присуство, заедно со формата на кратерот и другите прилози во погребувањето (црнофирнизирани киликси, скифос и патери) откриваат атинско потекло на овие наоди, од крајот на 5. век п.н.е.

Северозападно од Битола, нови наоди на црвенофигурални вази се откриени на неколку локации во Охрид, особено со истражувањата во 2007-2009 година.[206] Импортот на сликана керамика во Охрид е потврден уште на почетокот на минатиот век., со откривањето на кнежевските гробови во Требениште, кои датираат од раниот 5. век пре н.е.[207] Нивното постоење е исклучително важен податок за релациите на овој регион со југот во раната антика, кои продолжуваат и во следните столетија. Покрај коринтскиот, материјалот открива импорт од Атина, веројатно стигнат по копнен пат и трасата на идната Виа Егнатија. Сепак, во контекст на нашето проучување, зачудува фактот што покрај бројните наоди од класичниот период, од далечната 1918 година и случајното откривање на некрополата Требениште[208] до денес, бројот на откриени црвенофигурални вази не бил значително зголемен. Со наодите од археолошките истражувања во 2007, 2008 и 2009 година ваквата ситуација постепено почнува да се менува. Имено, на секторот Горна Порта во Охрид, во трите истражувачки кампањи беа откриени неколку црвенофигурални вази, меѓу кои еден аскос, арибалоиден лекит и скифоси, а фрагменти од истите беа откриени и на Плаошник, меѓу кои е и еден фрагмент од Сент Валентин чаша. И овој материјал, според типолошките и ликовните карактеристики припаѓа на производите од крајот на 5. до средината на 4. век пред н.е., што е потврдено и со археолошкиот контекст во кој наодите биле откриени. Мошне интересен момент е нестандардноста на некои од вазите, конкретно на аскосот (к.26) чие тело е речиси сферично, со нагласен хоризонтален раб на средината, калотест долен дел и висока

[206] Наодите не се објавени, а за нивното отстапување за презентација во овој труд се заблагодарувам на г-дин Паско Кузман, раководител на истражувањата во Охрид. Дел од нив беа презентирани на погоре споменатата група изложба во 2008 г. (ф-н 12)
[207] Лахтов В., Проблем Требенишке културе, 1965, 130-133.
[208] Лахтов В. – Кастелиц Ј., 1957, 6

профилирана нога. Уште поневообичаена е неговата „билингвална" декорација - комбинација на црвено и црнофигуралната техника - на горната, односно на долната половина на садот.[209] За ваквата необична форма на аскосот засега не ни се познати паралели во соседна Грција, ниту пак меѓу материјалот од јужна Италија, Сицилија, или пак Коринт, чие присуство е потврдено во овој регион и пристигнува преку грчките колонии на Албанскиот брег.

Уште еден необичен пример се фрагментите од двата скифоса (к.87-88) откриени на истиот сектор. Според формата тие сосем сигурно датираат во втората половина на 5. век пред н.е., а во прилог на датацијата е и шаблонската декорација во хоризонтални зони, со (геометриски) мотиви изведени со црн фирниз врз светлата нијанса на глината. Бледожолтата боја на глината упатува на Коринтско потекло, но меѓу достапната литература за наодите од Коринт, Атинската Агора или Халкидикот, слични варијанти не се познати. Необичните ликовни карактеристики на скифосите и аскосот оставаат простор за размислување за развиена керамичарска продукција во Охрид, со сопствени варијанти на декорацијата. Сепак, пред да се направат посериозни анализи на глината ова прашање останува отворено. Од „стандардната" црвенофигурална керамика од Горна Порта познати се и два сада за миризливо масло - еден мал арибалоиден лекит (к.80), но и едно црнофирнизирано племохое, која форма за прв пат ја откриваме во нашата земја.[210] Недалеку одовде, на секторот Плаошник откриени се фрагменти од неколку садови кои според начинот на аплицирање на фирнизот, применета на белата боја и манирот на претставување на ликовите во декорацијата, датираат не порано од втората четвртина на 4. век пред н.е. Меѓу нив два се фрагменти (к.209, к.210) од скифос(и), и трет кој најверојатно истотака е од скифос (к.211).[211]

[209] Според McPhee I (1981) ваква комбинација на црнофигуралниот со црвенофигуралниот стил, во текот на 4. век пред н.е. практикуваат керамичарските работилници од Еубеја и Беотија.

[210] Племохоето е откриено 2009 година, како прилог во гроб со кремација, во кој биле откриени златен накит и други керамички наоди меѓу кои се црнофирнизирани кантароси.

[211] Фрагментите немавме можност да ги видиме во живо.

Според дадената фотографија, последниот припаѓа на коринтскиот тип скифоси - со благо извивање на работ на устата кон внатре. Декорацијата на работ, со оволо (јонска кима) орнаментот, се јавува во последната фаза на коринтскиот тип скифоси – од 375-350 година пред н.е.[212], што сосема се вклопува во генералната датација на наодите од Плаошник. За останатите фрагменти од оваа група (к.212-213) не можеме со сигурност да ги определиме формите на кои припаѓале. Она што е заедничко за оваа група наоди е квалитетот на фирнизот кој е просечен и има од бледо црна до кафеава и црвеникава нијанса, а декорацијата, како што спомнавме погоре, користи бела боја за некои од деталите на претставите. Интересен да се спомне е и еден фрагмент од чаша од типот Сент Валентин, кој има сива нијанса на керамиката. Според шаблонот на декорацијата тој припаѓа на групата 7 од класификацијата на Хауард и Џонсон, која авторите ја датираат на самиот крај на 5. век. пред н.е.

Како што претходно беше веќе спомнато главен извор за проучувањето на црвенофигуралните вази во Р.Македонија се раноантичките локалитети по течението на р.Вардар. Пред сè, ова се однесува на демиркаписките локалитети „Варници“, „Болница“ и „Корешница“, истражувани во 50те години на минатиот век, како и на некрополите на лок. „Исар“ кај Валандовското село Марвинци, поточно - Лисичин Дол и југозападната некропола, од каде потекнуваат најголем број на наодите претставени во овој труд. Јужно од Валандово, на самиот влез на Гевгелија е лок. Вардарски Рид, потврдена градска населба со континуитет од бронзеното време до раноримскиот период, на кој во изминатите десетина години се вршат континуирани систематски истражувања. Интересно да се спомене е дека иако најблизок до сферата на културни влијанија од југот, според досегашните наоди црвенофигуралната керамика е позната само преку мал број фрагменти. Имено, од заштитните истражувања во 1979, а потоа и во 1994 година, при кои биле отворени

[212] Oakley J., 1988, 170, pl.52, 76

вкупно 8 сонди[213], откриени биле вкупно пет фрагменти од црвенофигурални вази, меѓу кои три од скифоси и два од неопределени форми. Од истражувањата во 1999 и 2001 година познати се уште три фрагменти, од кои два се од црвенофигурални скифоси[214] кои датираат во средината на 4. век пред н.е. Малата застапеност на црвенофигуралната керамика на лок. Вардарски рид навистина изненадува, пред сè поради веќе потврдените културни слоеви од класичниот период.[215]

Во значително поголем обем црвенофигуралната керамика е присутна на лок. Исар кај валандовското село Марвинци. Станува збор за материјал од двете некрополи на градот – југозападната, но и од некрополата Лисичин Дол која се наоѓа нешто поисточно од населбата. Според анализата на досега откриените примероци вази, доминира импорт од Олинт и Амфиполис, од полниот 4 век пред н.е., меѓу кои се застапени арибалоидните лекити, скифосите, оинохои, пелике, кантарос, лебес гамикос, лагинос и др. Од постарите примероци (доцен 5. - ран 4. век пред н.е.) е еден арибалоиден лекит (к.72), откриен на железнодопската некропола Лисичин Дол во 1997 г. Овој податок е мошне интересен од аспект што укажува на континуитет на населбата од железното време до римскиот период, па оттаму и континуитет во користењето на некрополата која низ вековите постепено се приближувала кон градот. Лекитот е со мошне убава фактура и сјаен црн фирниз, наместа избледен, со едноставна „S“ декорација на рамото која е карактеристична за крајот на 5. век - прва четвртина на 4. век пред н.е. Кон групата „постари“ вази се и фрагментите од еден звонолик кратер (к.08), откриени во 2009 година. Според зачуваните елементи од декорацијата таа не бега од стандардот во кој се користат: зоната со ловоровиот лист под работ на устата, оволо орнаментот на спојот на рачките со телото, и декорацијата на средишниот

[213] Хусеновски Б. – Спасовска-Димитриоска Г., МАА15, 1999, 158.
[214] Карпузова С., Куќа со колци, В.Р.I, 2005, 187, Сл.12; Блажевска С., Населбинска керамика од Вардарски Рид (4-1 век пред н.е.), 2007 (необјавено), 43-44 (кат.бр.21, 22);
[215] Митревски Д., Вардарски Рид, Том 1, 2005.

дел на телото. Од декорацијата е зачуван ликот на брадест маж во хитон (Дионис?) кој се потпира на тирс? со левата рака. Тој е свртен кон десно и е првиот од ликовите до едната од рачките. Според стилските карактеристики на декорацијата кратерот припаѓа на првата половина на 4. век пред н.е. Арибалоидните лекити се најзастапени меѓу наодите од Марвинци (к.69-79). Тие егзистираат до хеленистичкиот период кога почнуваат да се јавуваат и во калапени варијанти. Во репертоарот на претстави се застапени главно поедноставните - флорални и геометриски мотиви, односно: палмети, „S“ орнаментот, мрежа /ромбови и т.н.[216] Квалитетот на фактурата е различен и упатува на работилниците од Халкидикот. Со Олинтско потекло е и еден лебес гамикос (к.29) од чии карактеристични претстави е идентификувано ателјето на „Сликарот од Олинт 1.158“.[217] Сликарот од Олинт е препознатлив по специфичниот начин на изведбата на женското лице и флоралните детали под рачките. Во неговата интерпретација, младата девојка/невеста - вообичаена претстава за лебесите, има мошне груб - речиси гротескен лик. Ваквиот манир е препознатлив во вазното сликарство од средината на 4. век. пред н.е. Фактурата на вазата која е со мика и посветла нијанса на глината го потврдува нејзиното халкидичко, поточно Олинтско потекло. Интересен податок што заслужува да биде споменат е дека преку овој лебес се овозможи идентификување на работата на овој уметник врз уште неколку вази од Олинт, кои досега не биле атрибуирани со некоја од Олинтските работилници.[218] Пролетта оваа година беше откриен уште еден лебес гамикос (к.30) кој е целосно зачуван, со капакот. За разлика од претходниот овој е помал, а бојата на глината и фирнизот укажуваат атичко потекло. На рамото е стандардниот лентест или јазичест мотив. Декорацијата го зафаќа целото тело – до ногата на садот, а централен лик е млада невеста, која во рацете го носи својот чеиз во две ковчежиња. Од обете страни (под рачките) кон неа доаѓа крилатата

[216] Види поглавје III.3. „Декоративни мотиви и стил“, 90-91
[217] Исто; McPhee I., 1981, 302 (pl.52)
[218] Санев Г., Сликарот од Олинт 1.158, во подготовка

божица Нике, со тимпан во раката. Идентичен сад, со идентична претстава на него постои во музејот Брицстоун во Токио, а декорацијата се поврзува со работата на ателјето на „Сликарот од Акропол 670“.[219]

Кај скифосите кои припаѓаат на првата половина на 4. век пред н.е., застапена е т.н. „ФетБој“ групата или ателје, карактеристични и мошне често застапени во овој период (к.95-96). Кон оваа група би можеле да ги вклучиме и новооткриените скифоси од Исар – Марвинци, како к.90, а потоа и к.89, 91 и 92, на кои има само единечна претстава на момче во химатион, со стригилис во раката или без. Од средината на векот декорацијата на скифосите значително се поедноставува и зачестуваат едноставни мотиви со стилизирани палмети кои освен под рачките се појавуваат и на предната и задната страна на садот (к.93-94, 103-104).

Од 350-340 г. пред н.е. датираат и двете новооткриени „Керч“ вази – пеликиња, на кои е една од омилените претстави во керамографијата на 4. век. пред н.е. – Грифомахија (к.10-11).[220] Изработката на вази со оваа претстава била првенствено наменета за пазарот на северното црноморие, но очигледно дека нивната популарност и дистрибуција нема територијални ограничувања. Двете вази од Марвинци се целосно сочувани, а задоволува и степенот на сочуваност на белата боја со која се претставени некои од ликовите, во овој случај Грифоните. Според стилските особености, идентична изведба на декорацијата може да се види кај еден кратер од Амфиполис, која авторот ја поврзува со ателјето на Сликарот од Филотрано.[221]

Во оваа прилика, од постарите наоди треба да се спомене и ојнохоето со (к.17) откриено во 1983, како прилог во гроб бр.84, од југозападната некропола. На телото, врз основната линија се поставени профил на ориентален лик со капа (сакос), свртен кон десно. Пред него е флорален орнамент и

---

[219] CVA Japan 1, 33, Pl.27/91(3-6)

[220] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 84-85.

[221] Romiopoulou K., 1964, 92-93; ваквата идентификација ја земаме со резерва, бидејќи од достапната литература манирот на Сликарот од Филотрано не наликува на тој од споменатото пелике к.08

момче во химатион и со диск во раката. Одредени детали, како крстот со точки на дискот, неодредениот пол на ликот и триаголните елементи со точка на флоралнот орнамент се омилените што ги применува Сликарот од Олинт 1.156.[222]

Керамиката од демиркаписките локалитети е претставувана во повеќе наврати до сега, како од домашни така и од странски проучувачи на овој материјал.[223] Како што беше веќе споменато во претходните поглавја, станува збор за наоди од гробови од класичниот период, откриени на неколку локации во градот, при градежните работи на општината во 1940 година и подоцна, а потоа и при заштитните истражувања на археолошкиот музеј од Скопје, реализирани во раните 50-ти години. Целокупниот материјал, како истражениот така и оној што бил претходно откупен од градежните работници, хронолошки припаѓа на последната четвртина на 5.век и самиот почеток на 4. век пред н.е. Мошне високиот квалитет на изработка, како и присуството на белите лекити укажуваат на атинска провениенција на вазите. Најрепрезентативниот меѓу наодите е вазата хидрија (к.01), на која во разигран маниристички стил е претставена сцена од култот на Дионис во која божеството е окружено со својата придружба, менади, сатири и животни. Според стилските карактеристики во изведбата на ликовите, деталите и композицијата препознаена е работата на атинскиот мајстор Медијас (400-375 г.пред н.е.).[224] Ова откритие има голема важност од повеќе аспекти: хидријата е еден од ретките целосно сочувани црвенофигурални вази со поголеми димензии; лесно воочлива е врвната техничка изведба, несомнено од респектирано атинско керамичарско ателје; Медијас е најзначајниот од атинските уметници, кој како носител на новитети во вазното сликарство ќе го насочи

[222] McPhee, 1981, 305

[223] Прво претставување за домашната и странската научна јавност керамиката од Демир Капија добива преку текстовите на Душанка Вучковиќ Тодоровиќ кои се и натаму главната референца во проучувањето на овој материјал.

[224] Тодоровић Д.В., 1961, 246;

новиот правец на стилскиот развој во 4. век пред н.е. Атинската провениенција на вазите е потврдена и кај неколкуте фрагменти од кантароси, од типот Сент Валентин. Во атарот на Демир Капија, на лок. Камен, во с.Корешница, во 1991 година бил откриен единствениот целосен примерок од овој тип вази во Р.Македонија (к.145).[225] Тој припаѓа на групата VIII, додека меѓу останатите примероци доминираат оние од групите VII и VI. Генерално, нивните хронолошки рамки се од средината на 5. до почетокот на 4. век пред н.е. За арибалоидните лекити (к.38-к.68) може да се каже дека се најбројната група наоди од Демир Капија, а датираат како и севкупниот материјал - од крајот на 5. до втората половина на 4. век пред н.е. Во најголем дел, според формата, квалитетот на изработката и декорацијата, станува збор за Атински продукти на кои доминираат фигуралните - човечки и животински претстави. Преку стилските карактеристики и изборот на мотивите на демиркаписките лекити е идентификувана работата на повеќе атински ателјеа.[226] Мошне важен наод во групата на лекитите се двата цилиндрични, т.н. „Бели лекити“ (к.84-85), чија форма и декорација, поврзана исклучиво со атинските погребни обичаи, укажува на присуство на доселеници од Атина и дава сосема логично објаснување за масовното присуство на атинскиот керамички материјал. Декорацијата е дело на атинското ателјето на т.н. „Reed Painter" (Сликарот на трски).[227] Од материјалот од Демир Капија кој не е со атинска провениенција се издвојуваат трите плитки чинии (к.173-175) откриени со истражувањето во 1972 година, на секторот Болница.[228] Нивната фактура оддава халкидичко потекло, но карактеристичната форма не се среќава често ниту меѓу наодите од локалитетите во северна Грција. Од податоците во достапната литература за наведениот простор, засега ни е познат само уште еден примерок, од некрополата Микра Карабурун, кај Солун.[229] Вакви чинии не се евиденти-

[225] Петров Пецовска Нивес, 1999, 63-69
[226] Види поглавје III.3 „Декоративни мотиви и стил“, 89.
[227] Kurtz D.C., 1975, 59
[228] Соколовска В., 1978, 93 (Т.I.6)
[229] Albania 2 (1927), 1985, 48-57.

рани во Олинт, што сугерира нивна датација по 350 година пред н.е., а Амфиполис како можен центар на продукција.

Северно од Демир Капија, нови фрагменти од црвенофигурални садови беа откриени на лок. Градиште кај Неготино. Од скромните истражувања во 2007 и 2009 година, наодите на калапи од теракоти и светилки потврдуваат развиена локална продукција на керамиката во хеленистичкиот и римскиот период. Постоењето на класичниот период е констатирано во подлабоките слоеви, преку неколкуте фрагменти од квалитетни фирнизирани вази, меѓу кои се фрагменти од два скифоса (к.97 и к.98), и уште еден чија форма не можеме да ја определиме (к.201). Според формата на скифосот к.97, истиот можеме со сигурност да го датираме на самиот почеток на 4.век пред н.е. Бидејќи станува збор за нови истражувања овие наоди се наговест за она што би можело да се очекува од идните истражувања на овој локалитет.

Од лок. Стоби досега е познат само еден примерок, поточно фрагмент од скифос (к.99), откриен во баптистериумот на епископската базилика, во 1977 година. Истиот е датиран во 400-390 година пред н.е.[230] Понатаму кон север, на самиот влез во скопската котлина во населбата Катланово, при заштитно истражување откриен е еден црвенофигурален арибалоиден лекит со палмета (к.83), стандарден за првата половина на 4.век пред н.е. Ова е единствен наод од ова место, и е откриен како гробен прилог во еден од двата гроба случајно откриени при копањето на бунар во приватен имот.[231] Од останатите локалитети во скопската котлина не се откриени арибалоидни лекити, но сличниот квалитет е констатиран и кај наодите од лок. Студеничани (к.205), Кале - Варвара (к.37), Градиште-Нерези (к.144), иако овој материјал Микулчиќ И. го определува како локална продукција.[232] Во најголем број овде се застапени кантаросите и скифосите, особено на локалитетот Градиште кај селото Бразда. За овој материјал е сосем сигурно

[230] Anderson-Stojanovic V., 1992, 22 (Pl.10)
[231] Ристов К., 1999, 113-116, Сл.3
[232] Микулчиќ И., 1982,

дека станува збор за високо квалитетна атичка продукција, откриена главно со погребувањата над објектот „Владетелска гробница“, на североисточното подножје на ридот. Меѓу нив се фрагменти од 16 скифоси (к.118-131), 7 кантароси (к.137-143) и 8 кантароси од типот Сент Валентин (к.148-149, 157-159, 162-164)[233] Фрагментите од лок. Градиште – кај с. Бразда, ги потврдуваат и дополнуваат досегашните сознанија за северните граници на црвенофигуралната керамика во Македонија. Фрагментите од Сент Валентин групата релативно прецизно ја определуваат и староста на наодите - во последната четвртина на 5. век пред н.е.

Анализирајќи го претставениот материјал можат да се изведат повеќе заклучоци – за хронологијата, типологијата и потеклото на црвенофигуралната сликана керамика во Р.Македонија, па делумно и за распространетоста и популарноста на одредени форми во одредени региони. Во хронолошки рамки, може да се каже дека импортираната црвенофигурална керамика се јавува најрано околу средината на 5. век пред н.е., со појавата на Сент Валентин вазите во средното и горно повардарие (Демир Капија и Брazда), но и со особено интересниот материјал од Охрид - двата скифоси чија форма е несомнено одлика на средината на 5. век пред н.е. Невообичаениот и засега уникатниот начин на изведба на декорацијата наметнува потреба за посеопфатна анализа на садовите, меѓу која и примена на физичко-хемиски методи. Во текот на наредните 100 години, импортот на црвенофигуралната керамика на овие простори континуирано растел, за да својот максимум го постигне во крајот на првата половина на 4. век, по што впрочем и производството на оваа керамика почнува да опаѓа и да отстапува место на калапените садови.

Зборувајќи за провениенцијата на црвенофигуралните вази во Р.Македонија, веднаш воочливи и речиси подеднакво застапени се Атинскиот и

[233] Микулчиќ Г., 1990, 93-101, Т.1-3

Олинтскиот импорт, но аналогии се потврдени и со црвенофигуралната керамика од Амфиполис. Првите – со видниот висок квалитет на изработка, високо пречистена глина со црвеникава нијанса, внимателно запазени пропорции на секој од елементите на садот, тенки ѕидови и изразито квалитетен црн фирниз, се присутни од последната четвртина на 5. до втората четвртина на 4.век пред н.е., по што пазарот постепено го преземаат центрите од Халкидикот. Оваа керамика ја одликува глина со посветла и жолтеникава нијанса, со послаб фирниз нерамномерно нанесен и со видливи примеси на мика во фактурата. Концентрацијата на Атинскиот материјал, во Демир Капија и Бразда сугерира населби на доселеници од Атина[234], но за жал, бидејќи станува збор за наоди од гробови т.е. некрополи, немаме никаква претстава за местоположбата, големината ниту за организацијата на овие населби.

Од формите кои можат да се сретнат на нашите простори најзастапени се оние со помали димензии, како малите садови за миризливи масла и чашите. Лесно би можело да се заклучи дека тоа се должи првенствено на проблемот на транспортот, а потоа и на традицијата на локалното население кај која процесот на хеленизацијата не оди со подеднаков прогрес во сите региони. Сепак, присуството и на поголемите форми садови е потврдено, пред сè преку резултатите од новите археолошки истражувања во Исар Марвинци и Охрид. Ова нешто говори дека при проучувањето на црвенофигуралниот материјал треба да се има предвид и степенот на малата истраженост на класичниот период во нашата земја, кој засега нè ограничува во изведувањето на попрецизни заклучоци околу неговата провениенција и дистрибуција.

Очигледната концентрација и доминантниот број на црвенофигурални наоди од локалитетите долж Повардарјето е доволен показател дека трговијата, односно транспортот на ваквата керамика се одвивал главно по оваа, сèуште

[234] Вучковић Тодоровић Д., 1961, 267; Микулчиќ Г., 1990, 106-107.

најважна траса на Балканот. Кон источна Македонија, од Стоби биле користени патиштата кон Штип и Виница, додека трасата Скупи – Пауталија – Сердика е веројатниот пат преку кој таа е присутна во североисточна Македонија.[235] Трговијата со Пелагонија и Охрид се одвивала преку стариот Кандависки пат, поточно делот од трасата на идната Виа Егнатиа, иако Охридскиот регион ги задржал своите релации и со Коринт и грчките колонии на Албанскиот брег. Ова е потврдено преку наодите од 6 и раниот 5. век пред н.е., кои речиси да не ги среќаваме во централна или источна Македонија. Ваквата слика бара објаснување во тековната геополитичка ситуација на овие простори, особено во 5. век, кога македонскиот крал Александар I ги заладува релациите со Атина, што ќе се одрази особено врз економскиот аспект – намалување на трговијата со македонските и пајонските територии.[236] Од овие причини речиси да не можеме да сретнеме ниту црвенофигурална керамика постара од крајот на 5. пред н.е. на овие простори. Сепак, по откривањето на минијатурните црнофигурални лекити со овогодинешните истражувања на Исар-Марвинци, повторно се јавува прашањето за (не)доволната истраженост на нашата територија. Тие наоди се сигурен доказ дека во иднина треба да се очекуваат нови ремек дела на црвенофигуралното вазно сликарство, кои ќе бидат од исклучителна важност за дооформувањето на претставата за класичниот период во Р.Македонија.

[235] За некои од делниците на античките патишта види: Ѓорѓиески Б., 1989, 154; Микулчиќ И., 1999, 223-236; Трајковски К., 2002, 23-32; Лилчиќ В., во Арх.Карта 1, 1994, 116
[236] Микулчиќ И., 1966, 49.

## КРАТЕНКИ:

| | |
|---|---|
| AE | ΑΡΧΑΙΛΟΓΙΚΗ ΕΦΗΜΕΡΙΣ |
| AEMΘ | ΑΡΧΑΙΛΟΓΙΚΟ ΕΡΓΟ ΣΤΗ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ ΚΑΙ ΘΡΑΚΙΗ |
| AGORA | THE ATHENIAN AGORA |
| AIU | ARCHAEOLOGIA IUGOSLAVICA |
| AJA | AMERICAN JOURNAL OF ARCHAEOLOGY |
| BCH | BULLETIN DE CORESPODANCE HELLENIQUE |
| BSA | THE ANNUAL OF THE BRITISH SCHOOL AT ATHENS |
| CVA | CORPUS VASORUM ANTIQUORUM |
| DISS | DISSERTATIONES |
| ГЗФФ | ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ |
| HESP. | HESPERIA |
| ИВАД | ИЗВЕСТИЯ НА ВАРНЕНСКОТО АРХЕОЛОГИЧЕСКО ДРУЖЕСТВО |
| IEJ | ISRAEL EXPLORATION JOURNAL |
| IMJ | ISRAEL MUSEUM JOURNAL |
| ИНМ | ИЗВЕСТИЯ НА НАРОДНИЯ МУЗЕЙ - ВАРНА |
| JFA | JOURNAL OF FIELD ARCHAEOLOGY |
| Maced.acta archaeol. | MACEDONIA ACTA ARCHAEOLOGICA |
| ΜΕΛΕΤΕΣ | ΜΕΛΕΤΕΣ ΓΙΑ ΤΗΝ ΑΡΧΑΙΑ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ |
| MH | МАКЕДОНСКО НАСЛЕДСТВО |
| РАЗКОПКИ И ПРОУЧВАНИЯ | НА НАР. АРХ. МУЗЕЙ В СОФИЯ |
| ВМКД | ВЕСНИК НА МУЗЕЈСКО КОНЗЕРВАТОРСКОТО ДРУШТВО |
| ЗАМ | ЗБОРНИК НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ, СКОПЈЕ |
| ЗБОРНИК | ЗБОРНИК АРХЕОЛОГИЈА Н.С., СКОПЈЕ |
| ЗНМ | ЗБОРНИК НАРОДНОГ МУЗЕЈА, БЕОГРАД |
| ЗНМШ | ЗБОРНИК НА НАРОДНИОТ МУЗЕЈ ВО ШТИП |
| ŽA | ŽIVA ANTIKA |

## БИБЛИОГРАФИЈА


Agora XII: B.A.Sparkes and L. Talkott, *Black and plain pottery of the $6^{th}$, $5^{th}$, and $4^{th}$ centuries B.C.*, Princeton 1970.

Agora XXX: M.B. Moore, *Attic red-figured and white-ground pottery,* Princeton 1997.

CVA:

- AUSTRIA I — WIEN, Kunsthistorisches Museum I;
- DENMARK 4 — COPENHAGEN, Musée National IV;
- GERMANY 3 — BERLIN (DDR), Antikensammlung (Pergamonmuseum) I;
- GERMANY 13 — MANNHEIM, Reiss - Museum I;
- GERMANY 26 — STUTTGART, Württembergisches Landesmuseum I;
- GERMANY 30 — FRANKFURT am Main II;
- GERMANY 35 — KASSEL, Staatliche Kunstsammlungen I;
- GERMANY 71 — WURZBURG, Martin von Wagner Museum VI;
- GREAT BRITAIN 9 — OXFORD, Ashmolean Museum II;
- GREAT BRITAIN 14 — OXFORD, Ashmolean Museum III;
- GREAT BRITAIN 16 — EDINBURGH, National Museums of Scotland;

CVA:

| | |
|---|---|
| - JAPAN 1 | Rotfigurige Vasen in Japanischen Sammlungen I; |
| - NORWAY 1 | Public and Private Collections; |
| - POLAND 2 | CRACOW, Collections de Cracovie; |
| - SPAIN 2 | MADRID, Museo Arqueologico Nacional II; |
| - SPAIN 5 | ULLASTRET, Musée Monographique; |
| - SWEDEN 2 | STOCKHOLM, Medelhavsmuseet and National Museum I; |
| - SWITZERLAND 2 | ZÜRICH, Öffentliche Sammlungen; |
| - R.TCHEQUE 4 | PILSEN, Musée de la Boheme de l'Ouest; |
| - U.S.A. 4 | BALTIMORE, The Robinson Collection I; |
| - U.S.A. 30 | MALIBU, J. Paul Getty Museum V; |
| - U.S.A. 36 | COLUMBIA, Museum of Art and Archaeology, University of Missouri I. |

Olinthus V: Robinson D.M., Excavations at Olinthus V., *Mosaics, vases and lamps of Olynthus found in 1928-1931*, Baltimore 1933.

Olinthys XIII: Robinson D.M., Excavations at Olinthus XIII., *Vases found in 1934 and 1938*, Baltimore, 1933.

Corinth VII: S. Herbert, The Red-Figure Pottery, part IV, Princeton 1977.

Corinth VII: Edwards N.J., Corinthian hellenistic pottery, part III, Princeton 1975.

Археолошка Карта на Р.Македонија Том I, Скопје, 1994.

Археолошка Карта на Р.Македонија Том II, Скопје, 1996.

9) Albania 2 (1927) Service Archéologique de l'Armée d'Orient, *La necropole de Mikra-Karaburun près de Salonike*, Μελετεσ ..., Thessaloniki, 1985, 48-57.

10) Amyx D.A., *The Attic stelai: part III*, Hesperia 27, 1958, 163-254.

11) Anderson Stojanovic V., *Stobi: The hellenistic and roman pottery*, Princeton Univ.Press 1992.

12) Bare-Sharrar B., Borza E.N., *Macedonia and Greece in Late classical and Hellenistic times*, 1982.

13) Beazley J.D., *Attic red-figure vase-painters*, (s.e.), Oxford, 1968.

14) Блаватский В.Д., *История Античной Расписной Керамики*, Москва, 1953.

15) Boardman J., *The greeks overseas,* 1980.

16) Boardman J., *Athenian red-figure vases: The archaic period,* Norwich, 1979.

17) Boardman J., *Athenian red-figure vases: The classical period,* London, 2001.

18) Boardman J., Schweizer F., *Clay analises of archaic greec pottery,* BSA 68 (1973), Athens, 267-283.

19) Boardman J., *The art of of Greek vase painting,* London, 2006.

20) Bokotopoulou I., *Οι ταφικα τιμβοι της Αινειας,* 1990.

21) Bokotopoulou I., *Greek colonization in the litoral of Chalkidike*, 2001.

22) Bouzek J., *Studies of greek pottery in the black sea area*, Prague 1990.

23) Casson L., *Traders and trading in classical Athens*, in: Anciant trade and society, Detroit 1984, 23-34.

24) Campenon C., *La céramique attique à figures rouges, autour de 400 avant J.C., (les principales formes, évolution et production)*, 1994.

25) Carpenter T., *Summary guide to Corpus Vasorum Antiquorum*, Oxford, 2000. (second edition, updated by Thomas Mannac).

26) Cook R.M., *Greek painted pottery,* London, 1997 (3rd edition).

27) Corbett P.E., *Attic pottery of the later fifth century from the Athenian Agora,* Hesp.18, Athens, 1949, 298-351.

28) Fairbanks A., *Athenian lekythoi : with outline drawing in glaze varnish on a white ground,* 1907.

29) Farnsworth M. – Wisley H., *Fifth century intentional red glaze,* AJA 62, Princeton 1958, 165-173.

30) Farnsworth M., *Draw pieces as aids to correct firing",* AJA 64, Princeton 1960, 75.

31) Fillieres D., G. Harbottle & E.V. Sayre, *Neutron activation study of figurines, pottery and workshop materials from the Athenian agora Greece,* JFA 10, 1983, 53-69.

32) Fless Frederike, *Rotfigure Keramik als Handelsware (Erwerb und Gebrauch attischer Vasen im mediterranen und pontischen Raum während des 4.Jhs. v.Chr.*), 2002.

33) Folsom R.S., *Handbook of Greek pottery (A guide for amateurs),* 1967.

34) Folsom R.S., *Attic red-figured pottery,* New Jersey, 1976.

35) Gill X.J.D., 1991, 29-47.

36) Grace V.R., *Revisions in early hellenistic chronology*, AM 89 (1974), 193-200.

37) Hamer F. and J., *The potter's dictionary of materials and techniques*, London, 1991.

38) Hackens T., *Vases grecs, italiots et étrusques de la collection Abbe Mignot,*

39) Howard S., & Johnson P.F., *The Saint - Valentin vases,* AJA 58 (1954), 191-207.

40) Kahil G., *La Céramique Greque*, Etudes thassiennes VII, Paris, 1960.

41) Kalitopolitou B.G. and Feutmans D., *Necropolis classikou hronon en Kozani*, Ar.Er. 1948-1949, Athenais, 1951.

42) Kanowski M.G., *Containers of classical Greece: A hanbook of shapes,* 1984.

43) Klinger S., *A "Kerch" vase in the Israel museum*, IMJ XV, 1977.

44) Klinger S., *Two attic lekythoi in the Israel museum depicting animals*, IEJ V.48, Israel 1998.

45) Kurtz D., *Athenian white lekhytoi, patterns and painter*, Oxford, 1975.

46) Libšer I. – Vilert F., *Tehnologija keramike*, Beograd 1989.

47) Μαλαμα Π., *Νεότερα στοιχεία από το ανατολικό νεκροταφείο της Αμφίπολης,* ΑΕΜΘ 14, 2000, 111-126.

48) McDonald B.R., *The distribution of Attic pottery from 450 to 375 B.C., The effects of politics on trade*, DISS. Univ.of Pensilvania, 1979.

49) McDonald B.R., *The emigration of potters from Athens in the late 5th century B.C., and it's effect on the Attic pottery industry*, AJA 85 (1981), 159-168.

50) McPhee Ian, *Attic vase-painters of the late Vth century B.C.*, diss, 1976.

51) McPhee Ian, *Some red-figure vase painters of the Chalcidice,* BSA 76, Athens, 1981, 297-308.

52) Metzger H., Les représentations dans la céramique attique du IVe siècle, 1951.

53) Noble J.V., *The technique of Attic vase-painting,* AJA 64, 1960, 307-318.

54) Noble J.V., Painted attic pottery, London 1965.

55) Noble J. V., *Techniques of painted Attic pottery,* New York (I edition); London, 1988.

56) Noble J. V., *Techniques of painted Attic pottery,* New York 1965; London, 1988 (rev.ed.) 4.

57) Pottier E., *Catalogue of the Louvre vases III, 1897.*

58) Rasmunsen T. & Spively N., *Looking at greek vases,* Cambrige, 1991.

59) Richter Gisela M.A., *The craft of Athenian pottery*, New Haven, Yale Univ.Press, 1923.

60) Richter Gisela M.A. & Milne M.J., *Shapes and names of Athenian vases,* 1935.

61) Richter Gisela M.A., *Attic red-figured vases*, (revis.ed.), Yale Univ.Press, 1958.

62) Robertson M., *The art of vase-painting in classical Athens,* Cambridge, 1996.

63) Romiopoulou K., Αγγεια του 4ου αιωνοσ π.Χ εκ των ανασκαφων τησ Αμφιπολεωσ, AE 1964, Αθεναισ 1967, 91–104.

64) Rudolph W., Die Bauchelekhytos, 1971.

65) Sabattini, *La ceramique Attique du IVe siecle*, Oxbowbooks.

66) Salome M.R., *Code pour l'analyse des représentations figurées sur les vases Grecs,* Paris, 1980.

67) Schreiber T., *Athenian vase construction - A potter's analisys,* The J.P.Getty Museum, 1999.

68) Sparkes B., *Greek pottery: an introduction,* Manchester University Press, 1993.

69) Sparkes B., *The red and the black: studies in Greek pottery,* 1996.

70) Talcott L., *Attic black-glazed stamped ware and other, pottery from a Vth cent. well,* Hesperia 4, Athens 1935, 476-523.

71) Tonks, *Black glaze of greek vases*, AJA XII, 1908.

72) Trendall A.D., Red figure vases of south Italy and Sicily, London 1989.

73) Zaphiropulou P., *Vases peints du Musée de Salonique,* BCH 94, Athens, 1970, 361- 435.

74) Vincent B.J., *Form and colour in Greek painting,* New York, 1977.

75) Битракова Грозданова В., *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија,* Скопје, 1987.

76) Битракова Грозданова В., *За карактеристиките на хеленистичката керамика во регионот Охрид и Преспа*, Зборник Н.С. 1, Скопје 1995, 123-138.

77) Битракова В., *Материјалните докази и миграциите во Охридско-Преспанскиот регион во Антиката*, ЖА год XLV, Скопје 1995, 53-60.

78) Блажевска С., Населбинска керамика од Вардарски рид (од средината на 4. до крајот на 1.век пред н.е.), магистерски труд одбранет во 2007 г.

79) Vučković-Todorović D., *Un hydrie du peintre attique Medias,* AIU II, Beograd 1956.

80) Вучковиħ - Тодоровиħ Д., *Грчки гроб из ДемирКапије,* Старинар IX-X (1958 - 1959), Београд 1959.

81) Вучковиќ - Тодоровиќ Д., *Античка Демир Капија,* Старинар XII, Београд 1961, 229-269.

82) Vučković-Todorović D., *La céramique grecque et hellénistique dans l'Est de la Yougoslavie,* RA, Paris 1973, 39-52.

83) Ѓорѓиески Б., *Римските патишта на кумановскиот регион*, Maced.acta archaeol.10, Скопје 1989, 153-159.

84) Ѓорѓиески Б., *Праисториски градишта од Куманово*, Maced.acta archaeol.13, Скопје 1993, 51-68.

85) Карпузова С., Петров Пецовска Н., *Ископување во с. Корешница - Демир Капија,* Maced.acta archaeol.14, Скопје 1996, 77-89.

86) Карпузова С., *Куќа со колци*, Вардарски Рид Том I, Скопје 2005, 179-200.

87) Лахтов В., Кастелиц Ј., *Нови истражувања на некрополата „Требениште“ 1953-1954*, Лихнид 1, Охрид 1957, 5-58.

88) Мачкић П. – Симоска Д., Наоди на Битолскиот музеј во с.Букри, ВМКД III/1, Скопје 1955, 26-30.

89) Микулчиќ И., *Илирско-архајски гробови из околине Штипа*, Старинар 13-14, Београд 1984, 197-209.

90) Микулчиќ И., *Пелагонија у светлости археолошких налаза,* DISS.III, Скопје 1966.

91) Микулчиќ И., *Старо Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982.

92) Микулчиќ И., *Проблемот на Антигонеја*, ГЗФФ 11, Скопје 1984, 111-138.

93) Микулчиќ И., Соколовска В., *Гробница во Бразда кај Скопје,* Maced.acta archaeol.11, Скопје 1990, 79-92.

94) Микулчиќ И., *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999.

95) Микулчиќ Г., *Кантароси и скифоси од гробницата во Бразда,* Maced.acta archaeol.11, Скопје 1990, 93-102.

96) Микулчиќ Г., *Грчки сликани вази од Демир Капија,* Зборник 2, 2005, 83-132.

97) Митревски Д. - Темов С., *Нови наоди од Исар-Марвинци, истражувања 1997 год.,* Maced.acta archaeol.15, Скопје 1999, 135 -156 .

98) Митревски Д., *Старомакедонскиот град на Вардарски Рид*, Скопје 2001.

99) Митревски Д., *Вардарски Рид*, Том I, Скопје 2005.

100) Хусеновски Б. - Спасовска-Димитриоска Г., *Вардарски Рид - Гевгелија, истражувања 1994 год.,* Maced.acta archaeol. 15, Скопје 1999, 157 - 182.

101) Хусеновски Б. - Сламков Е., *Водич низ постојаната археолошка поставка*, Гевгелија 2005.

102) Паровиќ - Пешикан М., *О карактеру грчког материјала на Гласинцу и путевима његовог продирања,* Старинар н.с. 11, Београд 1960, 21-45.

103) Паровиќ - Пешикан М., *Једна мање позната група импортоване грчке керамике код нас*, ЗНМ, Београд 1992, 337-343.

104) Петров Пецовска Н., *Класичниот период во Пајонија*, МН 9, 1999, 63-69.

105) Петрова Е., *Стоби - Водич*, Скопје 2000.

106) Петровиќ Н., *Демир Капија (архитектонски налази на сектору Манастир)*, Старинар XII, Београд 1961, 217-228.

107) Радојчиќ С., *Црква у Коњуху*, ЗРВИ 1., Београд 1952, 148-167.

108) Ристов К., *Два гроба од Катлановска бања*, Maced.acta archaeol.15, Скопје 1999, 113-134.

109) Санев Г., Снивели К., Стојановски М., *Нова ранохристијанска базилика од Конјух,* во подготовка (текст читан на 19 симпозиум на МАНД, во Кичево 2008 година).

110) Санев Г., *Вази од ателјето на Сликарот од Олинт 1.156 во збирката на Музеј на Македонија во Скопје*. (во подготовка).

111) Соколовска В., Пашиќ Р., *Еден гроб од Жданец*, ЗАМ 6-7, Скопје 1975, 231-245.

112) Соколовска В., *Новија археолошка ископавања у Демир Капији*, Старинар 24- 25 (1972-1973), Београд 1975, 183-192.

113) Соколовска В., *Археолошки истражувања во Демир Капија*, Maced.acta archaeol.4, Прилеп 1978, 93-112.

114) Соколовска В., *Исар Марвинци и Повардарјето во античко време,* Скопје 1986.

115) Трајковски К., *Транупара и Астибо на хипотетичниот пат од Стоби до Пауталија*, МН VI, 2002, 23-32.

116) Блаватский В.Д., *История античноñ расписнои керамики,* Москва, 1953.

117) Иванов Теофил, *Керамиката от некропола на Аполония,* Разкопки и проучвания II, София 1949, 31-50

118) Иванов Теофил, *Принос към коринтския внос на керамика в Одесос през VI век пр.н.е.*, ИВАД VIII, Варна 1950, 77-85 .

119) Иванов Теофил, *Грьцка керамика от гр. Варна в Софиский музей* (VI-IV век пр.н.е), ИВАД IX, Варна 1953, 77-85.

120) Иванов Теофил, *Антична керамика от некропола на Аполония,* сб. Аполония, София 1963, 65-273.

121) Лазаров М., *Антични амфори (VI-IV век пр.н.е.) от блгарското черноморие,* ИНМ, Варна, 1973.